# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА


Службен гласник на Општина Кисела Вода
Излегува по потреба
Рок на рекламации 15 дена
www.kiselavoda.gov.mk

15 Јануари 2025
Скопје
Број 1, година XX
contact@kiselavoda.gov.mk


**Скопје, Јануари, 2025 година**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

## РЕШЕНИЕ

### за објава на Одлука за подигање, чување, одржување, заштита и користење на спомен - обележје на Круме Кепески

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за подигање, чување, одржување, заштита и користење на спомен - обележје на Круме Кепески, донесена на Четириесет и осмата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 27 декември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-309/1
15.01.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 18 од Законот за меморијалните споменици и спомен обележјата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/2004, 89/2008 и 152/2015) и член 34 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/2020), Советот на Општина Кисела Вода на Четириесет и осмата пленарна седница одржана на 27 декември 2024 година, донесе:

## ОДЛУКА

### за подигање, чување, одржување, заштита и користење на спомен-обележје на Круме Кепески

**Член 1**

Со оваа одлука, Советот на општина Кисела Вода ја утврдува потребата за подигање, чување, одржување, заштита и користење на спомен-обележје на Круме Кепески, патрон на ООУ„Круме Кепески“ (18.04.1909, Прилеп, 03.11.1988, Скопје) е истакнат македонист, граматичар, педагог, учебникар, методичар, преведувач.собирач на народни умотворби, деец во стандардизација на македонскиот литературен јазик и особено во развој на граматичкото дело. Автор е на првата„Македонска Граматика“(1946). Круме Кепески како аманет ја оставил Граматиката на македонскиот литературен јазик на сите наредни поколенија Македонци со порака да се негува нашето богато творештво.

Спомен-обележјето ќе биде изработено од цврст и траен материјал.

Иницијативата е од страна на ООУ„Круме Кепески“ со адреса: ул.„Христо Татарчев“ бр.46. Спомен- обележјето ќе претставува биста (портрет) со постамент 600x600x1100 mm изработена од мермерно брашно, бел цемент и заштитни адитиви. Постамент- метална конструкција со завршна фасадна декорација со керамички плочи. На постаментот на спомен-обележјето од став 1 на овој член ќе биде поставена плоча со текст: „ Круме Кепески,1909-1988 “.

**Член 2**

Спомен -обележјето од став 1 на овој член ќе се подигне во Скопје ,Општина Кисела Вода на локација во училиштето „Круме Кепески“ со адреса на ул.„Христо Татарчев“ бр.46.

**Член 3**

За спроведување на постапката за подигање на спомен - обележјето од член 1 на оваа одлука се грижи и одговорно тело е Одборот за подигање на спомен-обележјето, именуван од Советот на општина Кисела Вода.

Одборот од став 1 на овој член се состои од претседател и 4 членови (жири комисија) во следниот состав:

Претседател: Даниела Костадинова
Зам.претседател:Влатко Зафирковски
Член: Иле Јовановски
Зам. Член: Сашка Аџулеска
Член. Елизабета Јаневска
Зам.член: Јасминка Јордановска

Мандатот на одборот од став 1 на овој член е до завршување на спомен-обележјето.

**Член 4**

За подигање на спомен-обележјето од член 1 на оваа одлука се предвидени финаниски средства во вкупен износ од 200.000 денари со вклучен ДДВ.

Финансиските средства од став 1 на овој член се обезбедени од Буџетот на општина Кисела Вода, Програма КА0 – Културни манифестации и творештво (капитални трошоци, ставка 482620 -изградба на споменици).

**Член 5**

За чување, одржување, заштита и користење на спомен-обележјето од член 1 на оваа одлука ќе се грижи општина Кисела Вода.

Средствата за намената од став 1 на овој член се обезбедуваат од Буџетот на општина Кисела Вода.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување,а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-11562/4
27 декември 2024 година
Скопје

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

## РЕШЕНИЕ

### за објава на Одлука за донесување на План за парцелација од „Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 6.11, од ДУП за населба Пинтија, К.О. Кисела Вода 2, Општина Кисела Вода“

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за донесување на План за парцелација од “Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 6.11, од ДУП за населба Пинтија, К.О. Кисела Вода 2, Општина Кисела Вода“, донесена на Четириесет и осмата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 27 декември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-309/2
15.01.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 22 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 63 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ бр.32/20, 111/23 и 171/24), и член 34 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/2020), Советот на Општина Кисела Вода на Четириесет и осмата пленарна седница одржана на 27 декември 2024 година, донесе:

**ОДЛУКА**

**за донесување на План за парцелација од “Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 6.11, од ДУП за населба Пинтија, К.О. Кисела Вода 2, Општина Кисела Вода“**

**Член 1**

Со оваа одлука се донесува План за парцелација од „Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 6.11, од ДУП за населба Пинтија, К.О. Кисела Вода 2, Општина Кисела Вода“.

Со Урбанистичкиот проект со план за парцелација за ГП 6.11, од ДУП за населба Пинтија, К.О. Кисела Вода 2, Општина Кисела Вода, се врши разработка на Деталниот урбанистички план за населба Пинтија (Одлука бр.07-49/2 од 31.05.2004 година), Општина Кисела Вода - Скопје.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е Графичкиот прилог: План за Парцелација од „Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 6.11, од ДУП за населба Пинтија, К.О. Кисела Вода 2, Општина Кисела Вода“.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-11562/5
27 декември 2024 година
Скопје

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**

**за објава на Програма за финансирање на изработка на урбанистички планови на Општина Кисела Вода за 2025 година**

1. Со ова Решение се објавува Програмата за финансирање на изработка на урбанистички планови на Општина Кисела Вода за 2025 година, донесена на Четириесет и осмата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 27 декември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-309/3
15.01.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 22, став 1 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02), член 15, став 1 од Законот за Град Скопје (“Службен весник на РМ” бр.55/04 и 158/11), член 34, став 1 од Статутот на Општина Кисела Вода (”Службен гласник на Општина Кисела Вода” бр.1/20), а во врска со член 40 од Законот за урбанистичко планирање (“Службен весник на РСМ” бр.32/20, 111/23 и 171/24), Советот на Општина Кисела Вода на Четириесет и осмата пленарна седница одржана на 27 декември 2024 година, донесе:

## ПРОГРАМА

### за финансирање на изработка на урбанистички планови на Општина Кисела Вода за 2025 година

**Член 1**

(1) Со оваа програма се предвидува изработка на Детални урбанистички планови, Урбанистички планови за село и Урбанистички планови за вон населено место (во натамошниот текст Урбанистичките планови), кои ќе се изработуваат во текот на 2025 година на подрачјето на Општина Кисела Вода.

(2) Со оваа програма се предвидува и изработка на Урбанистички проекти кои се неопходни за спроведување на Урбанистичките планови, кои ќе се изработуваат во текот на 2025 година на подрачјето на Општина Кисела Вода.

**Член 2**

(1) Детални урбанистички планови, согласно Генерален урбанистички план на Град Скопје 2012-2022, кои ќе се изработуваат во текот на 2025 година на подрачјето на Општина Кисела Вода:

**Градска четврт ЈИ 08**

- ДУП за градска четврт ЈИ 08

**Градска четврт И 07**

- ДУП за градска четврт И 07 блок 02 (приватна иницијатива)

**Градска четврт Ј 08**

- ДУП за градска четврт Ј 08
- ДУП за градска четврт Ј 08 блок 02 (приватна иницијатива)
- ДУП за градска четврт Ј 08 блок 11 (приватна иницијатива)
- ДУП за градска четврт Ј 08 блок 14 (приватна иницијатива)
- ДУП за градска четврт Ј 08 блок 15 (приватна иницијатива)
- ДУП за градска четврт Ј 08 блок 17 (приватна иницијатива)

**Градска четврт Ј 09**

- ДУП за градска четврт Ј 09

**Градска четврт Ј 10**
- ДУП за градска четврт Ј 10
- ДУП за градска четврт Ј 10 блок 01 (приватна иницијатива)
- ДУП за градска четврт Ј 10 блок 02 (приватна иницијатива)
- ДУП за градска четврт Ј 10 блок 03 (приватна иницијатива)
- ДУП за градска четврт Ј 10 блок 04 (приватна иницијатива)
- ДУП за градска четврт Ј 10 блок 05 (приватна иницијатива)
- ДУП за градска четврт Ј 10 блок 07 (приватна иницијатива)

**Градска четврт Ј 11**
- ДУП за градска четврт Ј 11 (приватна иницијатива)

**Градска четврт Ј 12**
- ДУП за градска четврт Ј 12
- ДУП за градска четврт Ј 12 блок 02 (приватна иницијатива)
- ДУП за градска четврт Ј 12 блок 08 (приватна иницијатива)
- ДУП за градска четврт Ј 12 блок 19 (приватна иницијатива)

**Градска четврт Ј 13**
- ДУП за градска четврт Ј 13
- ДУП за градска четврт Ј 13 блок 01 и 02 (приватна иницијатива)

**Градска четврт Ј 14**
- ДУП за градска четврт Ј 14

**Градска четврт Ј 15**
- ДУП за градска четврт Ј 15
- ДУП за градска четврт Ј 15 блок 01
- ДУП за градска четврт Ј 15 блок 02
- ДУП за градска четврт Ј 15 блок 03
- ДУП за градска четврт Ј 15 блок 04 (приватна иницијатива)
- ДУП за градска четврт Ј 15 блок 05

**Градска четврт Ј 16**
- ДУП за градска четврт Ј 16 (приватна иницијатива)

**Градска четврт Ј 17**
- ДУП за градска четврт Ј 17
- ДУП за градска четврт Ј 17 блок 01
- ДУП за градска четврт Ј 17 блок 02
- ДУП за градска четврт Ј 17 блок 03
- ДУП за градска четврт Ј 17 блок 04
- ДУП за градска четврт Ј 17 блок 05
- ДУП за градска четврт Ј 17 блок 06 (приватна иницијатива)
- ДУП за градска четврт Ј 17 блок 07 (приватна иницијатива)
- ДУП за градска четврт Ј 17 блок 08 (приватна иницијатива)
- ДУП за градска четврт Ј 17 блок 09
- ДУП за градска четврт Ј 17 блок 10
- ДУП за градска четврт Ј 17 блок 11

**Градска четврт Ј 18**
- ДУП за градска четврт Ј 18
- ДУП за градска четврт Ј 18 блок 01
- ДУП за градска четврт Ј 18 блок 02
- ДУП за градска четврт Ј 18 блок 03
- ДУП за градска четврт Ј 18 блок.04
- ДУП за градска четврт Ј 18 блок 05
- ДУП за градска четврт Ј 18 блок 06
- ДУП за градска четврт Ј 18 блок 07
- ДУП за градска четврт Ј 18 блок 08
- ДУП за градска четврт Ј 18 блок 09
- ДУП за градска четврт Ј 18 блок 10
- ДУП за градска четврт Ј 18 блок 11
- ДУП за градска четврт Ј 18 блок 12
- ДУП за градска четврт Ј 18 блок 13 (приватна иницијатива)
- ДУП за градска четврт Ј 18 блок 14
- ДУП за градска четврт Ј 18 блок 15
- ДУП за градска четврт Ј 18 блок 16
- ДУП за градска четврт Ј 18 блок 17

**Градска четврт Ј 19**
- ДУП за градска четврт Ј 19
- ДУП за градска четврт Ј 19 блок 01
- ДУП за градска четврт Ј 19 блок 02
- ДУП за градска четврт Ј 19 блок 03
- ДУП за градска четврт Ј 19 блок 04 (приватна иницијатива)
- ДУП за градска четврт Ј 19 блок 05
- ДУП за градска четврт Ј 19 блок 06

**Градска четврт Ј 20**
- ДУП за градска четврт Ј 20
- ДУП за градска четврт Ј 20 блок 01 (приватна иницијатива)
- ДУП за градска четврт Ј 20 блок 02 (приватна иницијатива)
- ДУП за градска четврт Ј 20 блок 03 (приватна иницијатива)
- ДУП за градска четврт Ј 20 блок 04
- ДУП за градска четврт Ј 20 блок 05
- ДУП за градска четврт Ј 20 блок 06
- ДУП за градска четврт Ј 20 блок 07 (приватна иницијатива)
- ДУП за градска четврт Ј 20 блок 08 (приватна иницијатива)
- ДУП за градска четврт Ј 20 блок 09 (приватна иницијатива)
- ДУП за градска четврт Ј 20 блок 10

(2) Урбанистички планови за село, и Урбанистички планови за вон населено место кои ќе се изработуваат во текот на 2025 година, на подрачјето на Општина Кисела Вода:
- Урбанистички план за село Усје
- Урбанистички план за село Драчево

(3) Урбанистички проекти кои ќе се изработуваат во текот на 2025 година, на подрачјето на Општина Кисела Вода:

- Урбанистички проекти по член 58
- Урбанистички проекти по член 58 став 2
- Урбанистички проекти по член 58 став 6
- Урбанистички проекти по член 63

**Член 3**

(1) Изработката на Урбанистичките планови и Урбанистички проекти од Член 2 на оваа Програма ќе се финансираат од буџетот на Општина Кисела Вода за 2025 година.

(2) Изработката на Урбанистичките планови и Урбанистички проекти од Член 2 на оваа Програма кои се или ќе се изработуваат врз основа на одобрени иницијативи од заинтересирани правни и физички лица ќе се финансираат од истите.

(3) Изработката на Урбанистичките планови и Урбанистички проекти од Член 2 оваа Програма кои ќе се финансираат од буџетот на Општина Кисела Вода за 2025 година, се предвидени во рамките на Програма Ф1 потпрограмата Ф10 со вкупен износ од 3.700.000 денарии и од буџетот на Општина Кисела Вода за 2026 година, каде ќе се предвидат средства со вкупен износ од 11.300.000 денари.

(4) Изработката на “Стратегијата за одржлив урбан развој на Општина Кисела Вода за период 2025-2035“, ќе трае 2 години од кои од буџетот за 2025 година ќе бидат исплатени авансни трошоци од 20% односно 380.000.00 денари, додека остатокот од 80% во износ од 1.520.000 денари ќе биде исплатен од буџетот за 2026 година.

**Член 4**

Расходи за реализација, според намената и по поединечни видови на елементи.

| Категорија | Ставка | Подставка | Опис на ставка | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|
| | | | **Вкупно** | **4.820.000,00** |
| 42 | | | Стоки и Услуги | **4.820.000,00** |
| | 425 | | Договорни услуги | **3.300.000,00** |
| | | 425640 | Изработка на<br>- Детални урбанистички планови,<br>- Урбанистички планови за село,<br>- Урбанистички планови за вон населено место и<br>- Урбанистички проекти. | **1.000.000,00** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Изработка на:<br>- Ревизија на урбанистички планови,<br>- Ревизија на урбанистички планови,<br>- Елаборати за заштита на животната средина и<br>- Стратешка оцена за заштита на животната средина. | **300.000,00** |
| | 425 | 425990 | Други договорни услуги | **2.000.000,00** |
| | 426 | 426990 | Други оперативни расходи | **1.520.000,00** |

*** Образложение на потставките**

**425640** - Со оваа подставка се покриваат трошоците за изработка на Изработка на Детални урбанистички планови, Урбанистички планови за село, Урбанистички планови за вон населено место, Урбанистички проекти, ревизија на урбанистички планови и урбанистички проекти, меѓународни и домашни конкурси за изработка на идејни решенија за урбанистички планови и проекти.

**425990** - Со оваа подставка се покриваат трошоците за исплата на паричен надоместок за членови на Комисијата за урбанизам.

**426990** - Со оваа подставка се покриваат трошоците за изработка на Стратегија за одржлив урбан развој на општина Кисела Вода за период 2025-2035, која изработка ќе трае 2 години..

**Член 5**

Динамиката на извршувањето на оваа програма ќе зависи од приливот на средствата во буџетот на Општината Кисела Вода за 2025 година и од обемот на одобрените иницијативи за изработка и финансирање на Урбанистички планови.

**Член 6**

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-11562/6
27 декември 2024 година
Скопје

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**

**за објава на Програма за уредување на градежно земјиште на Општина Кисела Вода за 2025 година**

1. Со ова Решение се објавува Програмата за уредување на градежно земјиште на Општина Кисела Вода за 2025 година, донесена на Четириесет и осмата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 27 декември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-309/4
15.01.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 22 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 15 од Законот за Град Скопје (“Службен весник на РМ” бр. 55/04 и број 158/11), член 34 став 1 точка 6 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на општина Кисела Вода“ бр.1/20), а во врска со член 95 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на РМ“ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и 275/19), Советот на Општина Кисела Вода на Четириесет и осмата пленарна седница одржана на 27 декември 2024 година, донесе:

# ПРОГРАМА

## за уредување на градежно земјиште на Општина Кисела Вода за 2025 година

### Член 1

Програмата за уредување на градежно земјиште на Општина Кисела Вода за 2025 година е составена од Програма за уредување на градежно земјиште (Ф2), потпрограма (Ф20) и Програма за Капитални расходи за уредување на градежно земјиште (ФА), потпрограма (ФА0).

## I. ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ (Ф2) ПОТПРОГРАМА (Ф20)

### Член 2

Расходи за реализација, според намената и по поединечни видови на елементи се:

| Категорија | Ставка | Подставка | Опис на ставка | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|
| | | | **Вкупно** | **2.500.000,00** |
| 42 | | | Стоки и Услуги | **2.500,000,00** |
| | 425 | | Договорниуслуги | **2.500.000,00** |
| | | 425640 | Изработка на геодетски елаборати за посебни намени за нумерички податоци | **2.500.000,00** |

### Член 3

(1) Законски основ за Програмата е Законот за градежно земјиште (“Службен весник на РМ” бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16, 275/19, 101/21 и 153/23) според кој:

- Градежното земјиште може да биде во сопственост на Р.С. Македонија, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, домашни и странски правни и физички лица.
- Сопственоста на градежното земјиште создава права и обврски. Сопственоста на градежното земјиште вклучува и право на градење на земјиштето. Одлука за стекнување на сопственост на градежното земјиште за општините, општините во градот Скопје и градот Скопје донесува Советот.

- Сопстеноста на општините им ги овозможува следните права: градење, користење, пренесување на правото на градење на други лица и отуѓување на градежното земјиште.
- Со градежното земјиште сопственост на Р.С. Македонија управува Владата на Р.С. Македонија.
- Градежното земјиште наменето за општа употреба можат да го користат сите правни и физички лица, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје. Правото на користење Владата на Р.С. Македонија може да го пренесе на општините.
- Сопственоста на градежното земјиште ја опфаќа неговата површина и се она што е со него трајно поврзано, а се наоѓа над или под површината.
- Градежното земјиште е добро од општ интерес за Р.С. Македонија, а уредувањето на градежното земјиште е од јавен интерес.
- Градежното земјиште може да биде изградено и неизградено, уредено и неуредено. Изградено градежно земјиште е земјиште на кое е изграден објект од траен карактер и земјиштето што служи за редовна употреба на објектот во граници на градежната парцела.
- Уредено градежно земјиште е земјиште опремено со комунална инфраструктура, додека неуредено е земјиште на кое нема изграедно комунална инфраструктура.
- Градежно земјиште е земјште кое е планирано со урбанистички план или урбанистичка планска документација.
- Градежна парцела е дел од градежното земјиште, чии граници се утврдени со урбанистички план или урбанистичка планска документација и може да се состои од една, од дел или од повеќе катастарски парцели.
- Објект од траен карактер е објект изграден со документација(одобрение за градење) или врз основа на Решение за бесправно изграден објект и заведен во јавните книги за недвижности.
- Објект од времен карактер е објект поставен со одобрение за поставување до реализација на урбанистички план или урбанистичка документација. Времените објекти не се дел од градежното земјиште и врз основа на нив не може да се стекне сопственост на градежното земјиште.
- Инфраструктурен објект е подземна или надземна градба за инсталации од комуналната инфраструктура.
- Прометот со градежното земјиште е слободен.
- Градежното земјиште сопственост на Р.С. Македонија може да се отуѓи, даде на користење (концесија или јавно приватно партнерство), даде под долготраен и краткотраен закуп, разменува или да се востановат други стварни права.

(2) Просторен опфат и предмет на Програмата:

- Предмет на Програмата е менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија што се наоѓа на територијата на Општина Кисела Вода, дефинирана според територијалната организација на Република Македонија, за време на календарската година.
- За да може да се врши отуѓување и, давање под закуп на градежното земјиште потребно е да се изработи мапа на државното градежно земјиште во општината со сите нумерички податоци за истото (мапите се дефинирани со урбанистичко планска документација).
- Во Програмата се предвидува предметот на менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Р.С. Македонија да бидат градежните парцели што се наоѓаат на териториите на Општина Кисела Вода.

**Член 4**

Поделбата на плански опфати при управувањето со градежно земјиште сопственост на

Република Македонија на територијата на Општина Кисела Вода е на три (3) зони:

**Прва (I) зона**

Дефинирана во рамките на урбанистичките документации во урбаните населби: "Црниче", "Цветан Димов", "Пржино", "Кисела Вода", "11-ти Октомври - згради" и "11-ти Октомври - бараки", со следните граници:

- На југ: границите дефинирани со планскиот опфат во ГУП на Град Скопје до спој со границите дефинирани со територијалната поделба помеѓу општина Кисела Вода и општина Центар.

- На запад: од спој со границите дефинирани со територијалната поделба помеѓу општина Кисела Вода и општина Центар, осовина на улица "Банско" до спој со освина на улица Црниче, од спој на осовина на улица Црниче со осовина на "Банско" до спој со осовина на улица "Павел Шатев" – (Бихачка), од спојот со осовина на улица "Павел Шатев" (Бихачка) до спојот со осовина на булевар "Македонија",

- На север: од спојот со осовина на булевар "Македонија" со осовина на улица "Павел Шатев" (Бихачка) до спојот со осовината на собирните улици "Иван Козаров" и "11-ти Октомври", од спој со граница дефинирана со територијалната поделба помеѓу општина Кисела Вода и општина Центар до спој со граница дефинирана со територијалната поделба помеѓу општина Кисела Вода, општина Центар и општина Аеродром, (железничка пруга Скопје – Велес) до раскрисница со осовина на булевар Србија (мостот)

- На Исток: од спојот со граница дефинирана со територијалната поделба помеѓу општина Кисела Вода, општина Центар и општина Аеродром со Булевар Србија оди по граница со осовина на булевар "Србија – Киро Глигоров" до спој со осовина на собирна улица "Христо Татарчев" (раскрисница) со улица "Димо Хаџи Димов", од осовина на собирна улица "Христо Татарчев" (раскрисница) со улица "Димо Хаџи Димов" по осовина на улица "Димо Хаџи Димов" до спој со улица "Марко Орешковиќ", од спој со улица "Димо Хаџи Димов" до спој со улица "Марко Орешковиќ" од по осовина улица "Марко Орешковиќ" до спој со граница на катастарска парцела КП 4365 КО Кисела Вода 1 и од спој со граница на катастарска парцела КП 4365 КО Кисела Вода 1со улица "Марко Орешковиќ" оди по граница на КП 4365 КО Кисела Вода 1 до спој со граница на планскиот опфат од ГУП на Град Скопје.

**Втора (II) зона**

Дефинирана во рамките на урбанистичките документации во урбаните населби: "Припор", "Пинтија", за село Усје - Пинтија, за локалитет "Градинар", локалитет "Охис" локалитет "Усје" и за локалитет на катастарска општина КО Горно Лисиче - Градежен, со следните граници:

- На запад: од спојот со граница дефинирана со територијалната поделба помеѓу општина Кисела Вода, општина Центар и општина Аеродром оди по граница со осовина на булевар "Србија – Киро Глигоров" до спој со осовина на собирна улица "Христо Татарчев" (раскрисница) со улица "Димо Хаџи Димов", од осовина на собирна улица "Христо Татарчев" (раскрисница) со улица "Димо Хаџи Димов" по осовина на улица "Димо Хаџи Димов" до спој со улица "Марко Орешковиќ", од спој со улица "Димо Хаџи Димов" до спој со улица "Марко Орешковиќ" од по осовина улица "Марко Орешковиќ" до спој со граница на катастарска парцела КП 4365 КО Кисела Вода 1 и од спој со граница на катастарска парцела КП 4365 КО Кисела Вода 1со улица "Марко Орешковиќ" оди по граница на КП 4365 КО Кисела Вода 1 до спој со граница на планскиот опфат од ГУП на Град Скопје.

- На север: од спојот со граница дефинирана со територијалната поделба помеѓу општина Кисела Вода и општина Аеродром со булевар Србија – Киро Глигоров , границата оди по граница дефинирана со територијалната поделба помеѓу општина Кисела Вода и општина Аеродром (железничка пруга Скопје – Велес) до спој со граница на планскиот опфат од ГУП на Град Скопје.

- На исток: од спој со граница на планскиот опфат од ГУП на Град Скопје со граница дефинирана

со територијалната поделба помеѓу општина Кисела Вода и општина Аеродром, границата оди по границата на планскиот опфат од ГУП на Град Скопје до најужна точка 541018.476 4645305.714 од планскиот опфат од ГУП на Град Скопје
- На југ: од најужна точка 541018.476, 4645305.714 во планскиот опфат од ГУП-от на Град Скопје, до спој на планскиот опфат на Град Скопје со границата на катастарска парцела КП 4365 КО Кисела Вода 1.

**Третата (III) зона**

Дефинирана во рамките на урбанистичките документации во урбаните населби: Драчево, село Драчево и село Усје.

**Член 5**

(1) Со оваа програма се опфатени парцели во сопственост на Р.С. Македонија (кои до донесување на програмата се идентификувани како такви).

(2) Детален преглед на градежните парцели групирани по населени места и по урбанистички планови:

| бр. | ДУП | ГП | Основна класа | Компатибилни класи | Максимална висина | Максимална катност | Површина на градежна парцела (м2) | Вкупна изградена површина (м2) | КО | КП |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ДУП Стакларница | 8.1 | Г3 | | 10.50 | | 384.00 | 252 | Кисела Вода 2 | 5295 |
| 2 | ДУП Стакларница | 8.2 | Г3 | | 10.50 | | 643.00 | 368 | Кисела Вода 2 | 5295 |
| 3 | ДУП Стакларница | 9.7 | Г2 | | 10.50 | | 1132.00 | 1.262 | Кисела Вода 2 | 5339/12 |
| 4 | ДУП Стакларница | 9.8 | Г2 | | 10.50 | | 1304.00 | 1.565 | Кисела Вода 2 | 5339/1 |
| 5 | ДУП Стакларница | 11.6.2 | Г2 | | 10.50 | | 609.00 | 442 | Кисела Вода 2 | 5339/1 |
| 6 | ДУП Стакларница | 11.7 | Г2 | | 10.50 | | 654.00 | 540 | Кисела Вода 2 | 5339/1 |
| 7 | ДУП Стакларница | 12.5 | Г2 | | 10.50 | | 844.00 | 396 | Кисела Вода 2 | 5339/1 |
| 8 | ДУП Стакларница | 14.2 | Г3 | | 10.50 | | 1.294,00 | 1.053 | Кисела Вода 2 | 5335/1 5335/2 |
| 9 | ДУП Стакларница | 14.3 | Г3 | | 10.50 | | 1.609,00 | 1.235 | Кисела Вода 2 | 5335/1 5336/1 5337/1 |
| 9 | ДУП Пинтија | 1.49 | КО | | 4.0 | | 170.00 | 78 | Горно Лисиче | 6246/2 |
| 10 | ДУП Пинтија | 5.63 | ЈКД | | 10.20 | | 444.00 | 522 | Горно Лисиче | 6526/1 |
| 11 | ДУП Пинтија | 11.16 | А1 | | 4.00 | | 247.00 | 65 | Горно Лисиче | 3735/2 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 12 | Изменување и дополнување на дел од ДУП М.З Цветан Димов Славија (блокови 1, 2, 3, 4, 5, 7, 8, 10) | 1.1 | Г2 Г3 Г4 | Б1 Б2 Г2 Г3 Г4 | 10.50 | | 1265.00 | 1.010 | Кисела Вода 1 | 801/1 |
| 13 | Изменување и дополнување на дел од ДУП М.З Цветан Димов-Славија (блокови 1, 2, 3, 4, 5, 7, 8, 10) | 1.5 | Г2 Г3 Г4 | Б1 Б2 Г2 Г3 Г4 | 10.50 | | 607.00 | 624 | Кисела Вода 1 | 805/4 |
| 14 | ДУП локален центар М3 71 - дел населба Драчево | 2.2 | Б6 | | 10.8 | П | 2601.00 | 3.117 | Драчево 1 | 10898 |
| 15 | ДУП дел од Исток А нас. Драчево-4 | 5.18 | А1 | | 8.7 | П+1+Пк | 450.00 | 432 | Драчево 1 | 8727/3 8732/1 |
| 16 | ДУП: Дел од населба Драчево - Западен дел А | 3.17 | А1 | | 8.4 | | 1143.00 | 300 | Драчево 1 | 7059/1 |
| 17 | ДУП: дел од опфат 3, локалитет Припор | 3.14 | А1 | Б1 | 10.20 | П+2+Пк | 433.00 | 408 | Кисела Вода 1 | 5075/1 |
| 18 | ДУП за населба "Кисела Вода" М3 70, локалитет 2, Блок 9 | 14 | А2 | А4 Б1 Б2 Б4 В3 В4 Д3 | 14.7 | П+3+Пк | 284.00 | 508 | Кисела Вода 1 | 4278/1 4278/2 |
| 19 | ДУП за Реон Ј, Четврт Ј08 | 17.04а | А1 | Б1 В1 | 10.20 | П+2+пк | 273.12 | 421 | Кисела Вода 1 | 711/1 |
| 20 | ДУП за Реон Ј, Четврт Ј10 | 5.11.1 | А2 | Б1 Б4 | 15.00 | П+3+Пк | 346.00 | 705 | Кисела Вода 1 | 1156/1 1156/9 1143 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 21 | ДУП за Реон Ј, Четврт Ј10 | 5.15.1 | А2 | Б1 Б4 | 15.00 | П+3+Пк | 341.00 | 785 | Кисела Вода 1 | 1156/1 |
| 22 | ДУП за Реон Ј, Четврт Ј10 | 6.26 | А1 | Б1 | 10.20 | П+2+Пк | 466.00 | 660 | Кисела Вода 1 | 2674/9 |
| 23 | ДУП за Реон Ј, Четврт Ј10 | 6.25 | А1 | Б1 | 10.20 | П+2+Пк | 336.00 | 660 | Кисела Вода 1 | 2674/8 |
| 24 | ДУП за Реон Ј, Четврт Ј10 | 5.19 | А1 | Б1 | 10.20 | П+2+Пк | 345.00 | 510 | Кисела Вода 1 | 1158/2 |
| 25 | ДУП за Реон Ј, четврт Ј12 | 3.1 | А2 | Б1 Б2 Б3 Б5 В4 | 27 - 66 | П+7+Пк - П+20+Пк | 2895.00 | 23.395 | Кисела Вода 1 | 1086 |
| 26 | ДУП за Реон Ј, четврт Ј12 | 13.1 | А2 | Б1 Б2 Б3 Б5 В4 | 27.00 - 66.00 | П+7+Пк - П+20+Пк | 4475.00 | 48.764 | Кисела Вода 1 | 1086 |
| 27 | ДУП за реон Ј, Четврт Ј13 | 13.7.85 | А1 | Б1 В1 Д3 Б5 | 10.20 | П+2 | 216.00 | 240 | Кисела Вода 1 | 3251 |
| 28 | ДУП за реон Ј, Четврт Ј13 | 13.7.86 | А1 | Б1 В1 Д3 Б5 | 10.20 | П+2 | 192.00 | 240 | Кисела Вода 1 | 3251 |

**Член 6**

(1) Маркетинг стратегија за промоција на градежното земјиште што е предмет на оваа Програма се прави со:

- дефинирање односно претпоставување на заинтересираните страни за купување на одредени делови од градежното земјиште. Заинтересираните страни се всушност потенцијалните купувачи на земјиштето и идни инвеститори, и претставуваат целна групата на активностите од маркетинг стратегијата.
- со оглед на различната намена и местоположба на градежното земјиште што ќе биде понудено, целните групи за одделни локации ќе бидат различни.
- идентификување на најефикасните маркетинг пристапи, алатки и канали за комуницирање/промовирање на понудата до заинтересираните страни.
- Маркетинг пристапот, алатките и каналите за комуницирање/промовирање се лимитирани од повеќе аспекти, но главно од финансиската моќ на општината.
- маркетинг стратегијата мора да обезбеди испраќање на вистинска, навремена и прецизна информација на вистинска адреса.

(2) Дефинирањето на најефикасниот маркетинг пристап, алатки и канали е преку:

- организирање на форуми
- собири на граѓани
- рекламни спотови
- веб сајт информации

(3) Временската рамка за имплементација на маректинг стратегијата е континуирана се до реализација на Програмата.

**Член 7**

(1) Динамика за реализација на Програмата ќе се прави во турнуси за објавување оглас, во временски период за објавување на огласите и распределба на градежните парцели.

(2) Секој турнус ќе опфати објава на огласи за градежните парцели што се наоѓаат во состав

на одредни населени места, урбани блокови или локалитети.
(3) Динамиката на реализација ќе се одвива согласно интересите и плановите за реализација на Буџетот на Општина Кисела Вода.
(4) Условите за надавање се пропишуваат/определуваат следните параметри:
- висината на депозитот за учество,
- определување на интернет страницата на која ќе се врши надавањето,
- одредување на условите за учество,
- пропишување на други обврски и се наведуваат останати релевантни информации во врска со надавањето
(5) Надлежност за спроведување напостапките за отуѓување или давање под закуп на градежно земјиште сопственост на Р.С. Македонија, има Комисијата за спроведување на постапки за јавно наддавање која ке биде формирана од страна на Градоначалникот на Општина Кисела Вода согласно Законот за градежно земјиште.

**Член 8**

(1) Проценката на финансиските приходи ќе се прави кумулативно, за секое населено место одделно, според просечната пазарна цена за метар квадратен градежно земјиште по зони за секое населено место или локалитет.
(2) Финансиските средства потребни за реализација на програмате ги опфаќа проценетите финансиски средства потребни за реализирање на следните активности:
- трошоци по основ на администрирање на постапките за отуѓување, односно давање под закуп на градежното земјиште;
- трошоци по основ на експропријација;
- трошоците по основ на купување на градежно земјиште од физички и правни лица,
- трошоци за промовирање, односно рекламирање на градежните локации што ќе бидат предмет на отуѓување, односно давање под закуп на градежното земјиште.

## II. ПРОГРАМА ЗА КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ (ФА), ПОТПРОГРАМА (ФА0)

**Член 9**

Програмата за капитални расходи за уредување на градежно земјиште (ФА), потпрограма (ФА0) содржи:

1. Простор на уредување;
2. Обем на работи за подготвување и расчистување на градежното земјиште;
3. Обем и степен на опремување на градежното земјиште;
4. Финансирање на Програмата;
5. Пресметување на трошоците за уредување на градежно земјиште;
6. Висина на надоместок за уредување на градежното земјиште и Висината на надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти и негова распределба;
7. Начин на распределба на средствата за изградба и одржување на инфраструктурата;
8. Средства наменети за изработка на документација за градење на инфраструктурни објекти;
9. Граници на комплексите за наплата на надоместокот за уредување на градежното земјиште;
10. Висина на надоместокот за утврдување локален надоместок за делумно уредено градежно земјиште;

11. Динамика за извршување на Програмата;

**1. Простор на уредување**

**Член 10**

Како простор кој е предмет на уредување на градежното земјиште се смета изграденото и неизграденото градежно земјиште на подрачјето на Општина Кисела Вода определено со Урбанистички план.

**2. Обем на работи за подготвување и расчистување на градежното земјиште**

**Член 11**

Под обем на работи за подготвување и расчистување на градежното земјиште за изградба на инфраструктурни објекти се подразбира:

- оформување на геодетска документација,
- извршување на основни геомеханички испитувања,
- решавање на имотно правните односи,
- расчистување на градежна парцела (селидба, уривање и транспорт).

**3. Обем и степен на опремување на градежното земјиште со објекти од основната инфраструктура**

**Член 12**

(1) Во смисла на оваа Програма, градежното земјиште се уредува во обем и степен согласно Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост (“Службен весник на РМ” бр. 93/11, 65/12, 75/12, 98/12, 133/13, 155/13, 96/14, 107/14, 115/14 и 149/15), со тоа што Општина Кисела Вода врши опремување на градежното земјиште со инфраструктура од значење за општината утврдена со ДУП, и тоа:

а) објекти за заедничка комунална потрошувачка согласно ДУП:

- изградба на сервисни и станбени улици и други површини;
- изградба на секундарна атмосферска канализациона мрежа;
- изградба на јавно осветлување на сервисни и станбени улици;
- изградба на јавно зеленило од надлежност на Општина Кисела Вода;
- изградба на пречистителна станица за отпадни води (локална).

б) објекти за индивидуална комунална потрошувачка:

- изградба на секундарна водоводна мрежа;
- изградба на секундарна фекална канализациона мрежа;

(3) Уредувањето на градежното земјиште се врши по обезбедувањето на правни и технички услови и материјални средства.

**4. Финансирање на програмата**

**Член 13**

(1) Програмата за уредување на градежното земјиште за 2025 година, се финансира од извори на средства утврдени со закон, преку Буџетот на Општина Кисела Вода за 2025 година и ги опфаќа работите предвидени со подпрограмиата ФА, како што следува:

| Категорија | Ставка | Подставка | Опис на ставка | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|
| | | | **Вкупно** | **2.000.000,00** |
| 48 | | | Капитални расходи | 2.000.000,00 |
| | 485 | | Вложување и нефинансиски средства | 2.000.000,00 |
| | | 485420 | Експропријација, откуп на земјиште од физички лица. (Надомест за одземен имот) | 2.000.000,00 |

(2) Реализацијата на програмата ќе зависи од остварените приходи, кои ќе се остварат од надоместокот за уредување на градежно земјиште, капитални дотации и надоместок за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти.
(3) По потреба, во текот на реализација на Програмата, може да се врши прераспоредување на средствата на работите од една во друга позиција, за што ќе одлучува Советот на Општина Кисела Вода.

**5. Пресметување на трошоците за уредување на градежно земјиште**

**Член 14**

(1) Трошоците за уредување на градежното земјиште опфаќаат: трошоци за изградба на инфраструктурни објекти за заедничка комунална потрошувачка; трошоци за изградба на инфраструктурни објекти за индивидуална комунална потрошувачка и трошоци за подготвување и расчистување.

а) Трошоците за изградба на инфраструктурни објекти за заедничка комунална потрошувачка опфаќаат: трошоци за расчистување на градежното земјиште, за проектирање и изградба на објекти од основната комунална инфраструктура за заедничка потрошувачка (основни комуналии и пречистителна станица) и се во зависност од погодноста-бонитетот на локалитетот (комплекс), каде се гради или е изграден станбен, деловен или друг простор.

б) Трошоците за изградба на инфраструктурни објекти за индивидуална комунална потрошувачка опфаќаат: трошоци за расчистување на градежното земјиште, за проектирање и изградба на објекти од основната комунална инфраструктура за индивидуална потрошувачка.

в) Трошоците за подготвување и расчистување: трошоци за тековно расчистување и трошоци за опремување на градежно земјиште и за преместување на постојни објекти од комунална инфраструктура.

в1) Трошоците за тековно расчистување на конкретната градежна парцела што паѓаат на товар на Градот ги опфаќаат надоместоците за потполна експропријација и за службеност што се определуваат согласно Законот за експропријација (Службен весник на РМ бр. 95/12, 131/12, 24/13, 27/14, 104/15 и 192/15) и Законот за процена (Службен весник на РМ бр. 115/10, 158/11, 185/11, 64/12, 188/14, 104/15, 153/15 и 192/15).

в2) Трошоците за опремување на градежно земјиште, надвор од градежната парцела, се пресметуваат со претпоставени количини и тековни цени, според приложениот проект за изградба на објекти од комунална инфраструктура.

в3) Трошоците за преместување на постојни објекти од комунална инфраструктура, ги сноси инвеститорот.

(2) Изградените објекти од основната комуналната инфраструктура во случај кога е невозможно нивно преместување, а кои остануваат во границите на градежната парцела на инвеститорот или под објектите што се градат, мора да бидат заштитени. Инвеститорот е должен, пред отпочнување со изградба на објектот во својата градежна парцела, да побара писмена согласност од Општина Кисела Вода за заштита на тие објекти. Трошоците за заштита на објектите ги сноси инвеститорот.
(3) Инвеститорот е должен да обезбеди и достави хидротехнички услови за приклучување на објектот на соодветната мрежа за индивидуална потрошувачка.
(4) Средствата потребни за обезбедување на приклучоци на водоводна и фекална канализациона мрежа до изведена шахта се остваруваат од надоместок за приклучување што го утврдува давателот на услугата Ј.П.„Водовод и канализација“ – Скопје, согласно од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води.
(5) Ј.П. „Водовод и канализација“ - Скопје заедно со хидротехничките услови доставува и вкупен износ на реалните трошоци на целосната изведба на мрежите согласно законската регулатива.
(6) За дополнително добиена согласност за приклучување на мрежи од индивидуална потрошувачка надоместокот ќе се регулира со анекс-договор, и ќе се пресметува по цени кои важат во моментот на склучувањето на анекс-договорот.
(7) При склучен договор за уредување на градежното земјиште, доколку комуналното претпријатие, односно акционерското друштво изврши измена во техничкото решение за веќе дадена согласност за изградба на комунална инфраструктура, истото заедно со инвеститорот се должни да ги сносат трошоците за проектирање и изградба на истата. Претходно направените трошоци, комуналното претпријатие односно акционерското друштво и инвеститорот, се должни да му ги надоместат на Општина Кисела Вода.

**6. Висина на надоместокот и неговата распределба**
6.1. Висината на надоместокот

**Член 15**

(1) Надоместок за уредување на градежно земјиште се плаќа надоместок за уредување на градежното земјиште (во понатамошен текст: надоместок).
(2) Висината на надоместокот се регулира со договор за уредување на градежното земјиште што инвеститорот го склучува со Општина Кисела Вода за инфраструктура од значење за градот утврдена со ДУП.
(3) Договорот склучува во електронска и писмена форма.
(4) Висината на надоместокот се определува според основица со состојба на ден 01.01.2018 година, изразена во денари/м2 нето изградена површина и истата изнесува 25.490,оо денари/м2.
(5) Основицата од претходниот став месечно се усогласува со промената на индексот на цени на мало, објавен од Државниот завод за статистика. За месеците за кои не е објавен индексот на цени на мало, ќе се применува последниот објавен индекс.
(6) Надоместокот може да се плаќа на 12 (дванаесет) месечни рати, доколку износот е над 100.000,оо денари за физички лица и над 1.000.000,оо денари за правни лица. Првата рата во висина од 30% до 50% од износот на надоместокот се плаќа веднаш, а за остатокот до 11 (единаесет) еднакви месечни рати, инвеститорот е должен кај надлежниот градски орган за финансии да достави банкарска гаранција.

6.2. Висината на надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти и негова распределба

**Член 16**

(1) Висината на надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти се регулира со заклучок за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти што инвеститорот го склучува со Општина Кисела Вода за инфраструктура од значење за градот утврдена со ГУП на Град Скопје (според Закон за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17) .
(2) Договорот од предходниот став се склучува во писмена форма.
(3) Висината на утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти се определува според основица со состојба на ден 04.03.2011 год. изразена во денари/м2 нето изградена површина.
(4) Надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти може да се плаќа од 12 (дванаесет) месечни рати, доколку износот е над 100.000,оо денари за физички лица и над 1.000.000,оо денари за правни лица. Првата рата во висина од 30% до 50% од износот на надоместокот се плаќа веднаш во готово, а остатокот од 11 (единаесет) еднакви месечни рати, за кои инвеститорот е должен кај надлежниот градски орган за финансии да достави банкарска гаранција.
(5) Висината на надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти се пресметува во единствен износ за Градот Скопје и општината и истата претставува збир на висината на трошоците од точка 1, 2 и 3 од оваа глава дадено во табела 1:

а) Трошоци за заедничка комунална потрошувачка

| КОМПЛЕКСИ | | Основни комуналии + Пречистителна станица (1%) | Погодност - бонитет на локалитетот (комплекс) | |
|---|---|---|---|---|
| | | | станбен простор | деловен или друг простор |
| 1 | | 2 | 3 | 4 |
| 1 | ДЕЛ - 1 | 22% | 4% | 10% |
| 2 | ДЕЛ - 2 | 20% | 2% | 8% |
| 3 | ДЕЛ - 3 | 18% | 1,5% | 4% |
| 4 | ДЕЛ - 4 | 16% | 1% | 2% |

б) Трошоци за индивидуална комунална потрошувачка се утврдуваат како процентуален дел од утврдената основица и тоа за:

- Водоводна мрежа 1,5о%
- Фекална канализациона мрежа 1,5о%

(6) Доколку во основниот договор е пресметан и надоместок за топлификациона мрежа, при склучување анекс-договор за разликата на површина на објектот, овој надоместок ќе се

пресмета во висина од 3,2о % од утврдената основица, на денот на склучување на истиот
(7) Доколку во основниот договор е пресметан и надоместок за ниско-напонска електрична мрежа, при склучување анекс-договор за разликата на површина на објектот, овој надоместок ќе се пресмета во висина од 2,3о % од утврдената основица, на денот на склучување на истиот.

в) Трошоци за поранешно расчистување

(8) Во висината на надоместокот се пресметуваат и трошоците што инвеститорот (сопственикот) е должен да ги надомести за поранешно расчистување на градежната парцела пресметани во реален износ и по тековни цени.
(9) Трошоците за поранешно расчистување на конкретна градежна парцела, исплатени од Градот опфаќаат:

- надомест за одземено земјиште и за експроприрана недвижност, што е исплатен;
- трошоци за селидба, уривање на експроприраните, како и евентуални трошоци за расчистување и санација на теренот на конкретната градежна парцела;
- дополнително утврдените трошоци направени во претходниот период за расчистување на конкретна градежна парцела кои не се опфатени со основниот договор и не се регулирани со анекс-договор.

(10) Во трошоци за расчистување на градежна парцела не се пресметува вредноста на општествените станови, направените трошоци за тековното одржување и доведување во исправна состојба на становите, односно деловниот простор, дадени за раселување на поранешните сопственици или станари.

г) Дополнителни одредби за определување на висината на надоместокот

- За расчистувањето на градежни парцели за изградба на објекти од основна и секундарна комунална инфраструктура за заедничка и индивидуалната комунална потрошувачка, за проектирање и изградба на тие објектите и за уредувањето на заедничкиот градски простор, се наплатува надоместок на ниво на Град Скопје и општините во градот Скопје, врз основица изразена во денари/м2 нето изградена површина, и согласноПравилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост (“Службен весник на РМ” бр. 93/11, 65/12, 75/12, 98/12, 133/13, 155/13, 96/14, 107/14, 115/14 и 149/15), Правилникот за стандарди и нормативи за проектирање (“Службен весник на РМ” бр. 60/12 и 29/15);
- За секој вид на простор што не е опфатен со одредбите на Правилниците од претходната алинеа, надоместокот ќе се пресметува по аналогија како за просторот опфатен со Правилниците;
- Ако потпокривниот простор се изведува во повеќе нивоа, надоместокот со коефициент 0,2 се применува само за последното ниво сметано оддолу нагоре;
- При пренамена од станбен во деловен простор еднократно се доплаќа разлика до висина на надоместокот за уредување на градежно земјиште за деловен простор. Разликата се утврдува според табелата за погодност-бонитет на локалитетот (комплексот).
- За пренамена од деловен во станбен простор не се враќа разликата во платениот надоместок.
- Доколку инвеститорот нема одобрение за градење, а изградил објект и има доказ за платен надоместок (договор и проект со урбанистичка согласност) површината се признава. Доколку објектот не е отпочнат со градба или не е изграден, а на одобрението за градење е изминатата важноста, површината не се признава.
- Доколку на една градежна парцела покрај предвидениот објект со ДУП веќе постојат објекти, кои со ДУП се негираат, инвеститорот е должен да ги урне, во рок од две години од

денот на издавањето на одобрението за градење на објектот планиран со ДУП.

- Инвеститорот е должен да достави до Градот Скопје одобрение за градење во рок од 60 (шеесет) дена од денот на склучувањето на договорот за регулирање на надоместокот. Доколку инвеститорот не прибави одобрение за градење во претходно наведениот рок, договорот престанува да важи (во делот за начинот на пресметување на површината). Платениот износ на надоместокот, на барање на инвеститорот може да му се врати како паричен износ во номинална вредност, или да му се пресмета на ист начин, при повторно барање за пресметување на надоместокот.

- За локалитет за кој не е донесен ДУП, а влегува во границите на градежниот реон одреден со ГУП, се наплатува надоместок согласно намената според ГУП, по добиена согласност од општината за техничката документација (урбанистички проект) и намената планирана со ГУП.

- Ако инвеститорот изгради поголема површина од договорената, должен е за разликата во површина која е во согласност со постојниот ДУП, да склучи договор.

- Кога градежното земјиште делумно се уредува или воопшто не се уредува, инвеститорот на земјиштето плаќа надоместок до висината на трошоците за делумно уредување на земјиштето-делумен надоместок или воопшто не плаќа надоместок од индивидуална комунална потрошувачка. Во овие случаи, задолжително се плаќа надоместокот за уредување на градежно земјиште што се однесува на заедничка комунална потрошувачка

- Површината на објектот што е урнат или ќе се урива, се намалува од пресметаната развиена површина на објектот што се гради, по истите норми по кои е пресметана површината при склучувањето на договорот за регулирање на надоместокот, за новоизградениот објект.

- За расчистување на објектот што е урнат или се урива, се пресметуваат трошоците за опремување со објекти од заедничка и индивидуалната комунална потрошувачка што ја користел објектот-предмет на уривање.

- За расчистување на објекти кои се урнати или се уриваат, а се наоѓаат делумно на градежна парцела за градба на објекти од јавен интерес (улици, тротоари и сл.), а делумно на градежна парцела на сопственикот, сопственикот го сноси само делот од трошоците за објекти што се лоцирани на неговата градежната парцела.

## 7. Начин на распределба на средствата за финансирање изградба на инфраструктура

### Член 17

(1) Изградбата на инфраструктурата се финансира од средства кои се уплатуваат на сметка на Општина Кисела Вода за уредување на градежното земјиште и се употребуваат само за таа намена, што се остваруваат преку:

- приходите од надоместок за уредување на градежно земјиште (кои се распределуваат во соодност 60% за Градот Скопје и 40% за општините во градот Скопје),
- капитални дотации,
- надоместок за утврдување на правен статус на бесправно изгредени објекти,
- средства на јавни претпријатија и овластени субјекти,
- самопридонеси согласно закон,
- други стретства,

(2) Трошоците за уредувањето на градежното земјиште ги плаќа 100% Градот Скопје за основната инфраструктура (магистрални и собирни улици и други основни инфраструктурни објекти) и 100% Општина Кисела Вода за секундарната инфраструктура (станбени и сервисни улици и други секундарни инфраструктурни објекти), со едно приклучно место за секој објект од инфраструктура за една градежна парцела.

- Кога градежното земјиште е уредено со изградена основна инфраструктурна мрежа, а за локалитетот каде се наоѓа градежната парцела нема донесено ДУП или земјиштето не е уредено, а има донесено ДУП и не е целосно изградена инфраструктурата, доколку инвеститорот инсистира сам да ја гради инфраструктурната мрежа, согласно оверена техничка документација за градење на инфраструктурните објекти со свои средства, должен е на Градот и општината да им ги надомести порано направените трошоци во висина од 33% од надоместокот одреден во глава VI, точка 1, 2 и 3; да овозможи приклучувања на инфраструктурните мрежи на идните инвеститори на земјиштето; да биде технички примена од соодветното комунално претпријатие или овластени субјекти и да ја предаде на Градот Скопје или општината без надомест.

- Трошоците за опремување и изградба на објекти од комунална инфраструктура надвор од градежната парцела и трошоците за преместување на објекти од комунална инфраструктура за заедничка и индивидуална комунална потрошувачка, што инвеститорот ги извел или изведува самоиницијативно без учество на Градот и општината, а пред склучување договори за регулирање на надоместокот и договор за изведување на објекти од комунална инфраструктура од страна на локалната самоуправа, не се признаваат, освен за локалитети каде биле бесправно изградени објекти, а со донесување на нови детални урбанистички планови, истите се вклопуваат.

- За овие локалитети, мора да има исправна техничка документација за изградени објекти од инфраструктура, заверена од надлежен орган и изградените инфраструктурни мрежи да се примени од јавните комунални претпријатија и други овластените субјекти. При тоа се признаваат само трошоците-делот од надоместокот за изградената инфраструктурна мрежа од индивидуална комунална потрошувачка.

- Оваа изградена инфраструктурна мрежа се предава на Градот и општината, со што се овозможува приклучување на нови инвеститори кои надоместокот го плаќаат на Градот и општината.

- Во изградба на инфраструктурни објекти и мрежи, каде наплатениот надоместок е недоволен за локалитети каде не е изградена инфраструктурната мрежа, Градот и општината договорно ќе го решат конечното затворање на финансиската.

- Градот и општината со акт ги отстапуваат објектите од комуналната инфраструктура на субјектите кои стопанисуваат со нив, со понатамошна обврска да ги стопанисуваат и одржуваат.

- За приклучување на новоизградена инфраструктура, мора во целост да се плати надоместокот за индивидуална потрошувачка, доколку сопственикот/инвеститорот на објектот не го регулирал овој надоместок со претходни договори..

- Трошоците за приклучување на водоводна, фекална и атмосферска канализациона мрежа се регулираат договорно помеѓу Ј.П.”Водовод и канализација” и инвеститорот, за делот од приклучувањето од приклучната шахта во градежната парцела на инвеститорот до приклучното место на уличните инфраструктурни мрежа наведени во хидротехничките услови издадени од Ј.П.”Водовод и канализација“. Инвеститорот може да избере изведувач на работите, но со задолжителен надзор на извршување на работите и примање од страна на Ј.П.”Водовод и канализација”, како и по претходно добиено одобрение за прекопување на јавна површина.

- Инвеститорот е должен пред барањето, за испорака на вода, електрична енергија и топловодно греење, да овозможи Комисија од Градот и општината да ја утврди дефинитивно изградената површина. За дефинитивно утврдената површина правата и обврските се уредуваат со анекс-договор.

**8. Средства наменети за изработка на документација за градење на инфраструктурни објекти**

**Член 18**

(1) Општината целосно финансира изработка на документација за градење на инфраструктурни објекти од значење за општината, утврдена со Деталните урбанистички планови на Општина Кисела Вода, согласно член 15 од Законот за Град Скопје ("Службен весник на РМ бр. 55/04 и 158/11") и други проекти за изградба на инфраструктурни објекти од значење за општината согласно договори за регулирање на надоместокот склучени соинвеститорите.

**9. Граници на комплексите за наплата на надоместокот**

**Член 19**

(1) Надоместокот се наплатува по комплекси на градежното земјиште зависно од подобностите што одреденото земјиште му ги дава на инвеститорот, местоположбата на земјиштето во населбата и градот, сообраќајната поврзаност со центарот на градот и опременоста на градежното земјиште со комунални објекти за заедничка и индивидуална комунална потрошувачка. Комплексите се утврдени со следните граници:

**КОМПЛЕКС - 1**

**ДЕЛ - 1 (Општина Кисела Вода)**

Подрачјето за овој комплекс се состои од следните градски четврти: дел И 07 (по аднистративната граница со Општина Центар),Ј 08, Ј 09, Ј 10, Ј 11, Ј 12 и дел Ј 20 (северен дел од раскрсница на ул."Народни Херои" (473) со ул. "Димо Хаџи Димов" (725), оди на запад и излегува на ул."(748)" и потоа на ул. "Рилски Конгрес" (441) доаѓа до ул."Црниче" (437)), каде завршува описот на комплекс-1 за Општина Кисела Вода.

**КОМПЛЕКС - 2**

**ДЕЛ - 2 (Општина Кисела Вода)**

Подрачјето за овој комплекс се состои од следните градски четврти: Ј 13, Ј 14 и северен дел Ј 20 (од раскрсница на ул."Народни Херои" (473) со ул. "Димо Хаџи Димов" (725), оди на запад и излегува на ул."(748)" и потоа на ул. "Рилски Конгрес" (441) доаѓа до ул."Црниче" (437)), каде завршува описот на комплекс-2 за Општина Кисела Вода.

**КОМПЛЕКС - 3**

**ДЕЛ - 3 (Општина Кисела Вода)**

Подрачјето за овој комплекс се состои од следните градски четврти: Ј 15, Ј 16, Ј 17, Ј 19 и ЈИ 08, каде завршува описот на комплекс-3 за Општина Кисела Вода.

**КОМПЛЕКС - 4**

**ДЕЛ - 4 (Општина Кисела Вода - Драчево)**

Подрачјето за овој комплекс се состои од следната градска четврт: Ј18, каде завршува описот на комплекс-4 за Општина Кисела Вода - Драчево.

(2) Границите на комплексите одат по дефинираните градски четврти како и административните граници на општините во ГУП со кои се одредува комплексот.

**10. Висината на надоместокот за утврдување локален надоместок за делумно уредено градежно земјиште**

**Член 20**

(1) Локалниот надоместок за градење на делумно уредено градежно земјиште на подрачјето на Општина Кисела Вода, кое ќе се доуредува, за градбите од втора категорија од член 57 од Законот за градење во зона 5 – сите градби на подрачјето на Општина Кисела Вода кои се опфатени со урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место, ќе се регулира со Договор што инвеститорот ќе го склучи со Општина Кисела Вода во писмена форма.

(2) Висината на локалниот надоместок се утврдува согласно основицата утврдена од Град Скопје за уредување на градежно земјиште изразена во денари/м2 нето изградена површина, а која основица месечно се усогласува со промената на индексот на пораст на цените на мало. За месеците за кои не е објавен индексот со промена на цената на мало, ќе се применува последниот објавен индекс.

(3) Надоместокот се плаќа во целост или може да се плаќа на 7 рати од кои првата рата изнесува 30% од пресметаниот износ на надоместокот кој се плаќа веднаш, а за преостанатите 6 рати инвеститорот е должен до Секторот за финансиски прашања при Општина Кисела Вода да достави банкарска гаранција која ќе биде активирана во случај на неплаќање на две последователни месечни рати. Висината на надоместокот се пресметува во единствен износ за Општина Кисела Вода, прикажан во следниот графикон:

| **Комплекс** | **Погодност на Локалитетот (комплекс) бонитет** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Станбен простор** | **Деловен или јавен простор** | **Г Производство дистрибуција и сервиси** | **А4 Времено сместување** | **Б5 Хотелски комплекси** |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ЗОНА 5 | 10% | 12% | 32% од надоместокот за уредување на градежно земјиште утврдено од Град Скопје за Зона 1 | 32% од надоместокот за уредување на градежно земјиште утврдено од Град Скопје за Зона 1 | 32% од надоместокот за уредување на градежно земјиште утврдено од Град Скопје за Зона 1 |

(4) Локалниот надоместок се уплатува на сметка на Општина Кисела Вода.

**11. Динамика на извршување на Програмата**

**12.**

**Член 21**

Динамиката на извршувањето на Програмата ќе зависи од создадените правни претпоставки и технички услови, како и од приливот на средствата од надоместокот и другите средства.

**Член 22**

Реализацијата на Програмата за уредување на градежно земјиште ја врши Градоначалникот преку Секторот за нормативно-правни работи и Секторот за комунални работи, инфраструктура, сообраќај и заштита на животната средина.

**Член 23**

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода".

Број 09-11562/7
27 декември 2024 година
Скопје

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**

**за објава на Програма на Општина Кисела Вода од областа на социјална заштита за 2025 година**

1. Со ова Решение се објавува Програмата на Општина Кисела Вода од областа на социјална заштита за 2025 година, донесена на Четириесет и осмата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 27 декември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-309/5
15.01.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 22 точка 7 и 62 точка 1 и 2 од Закон за локална самоуправа (Службен весник на Р.М. бр. 5/02) член 3, точка 3, член 11, точка 1, 2 и 3 и член 12 од Закон за социјална заштита (Службен весник на Р.М. бр.104/19) и член 34 од Статутот на Општина Кисела Вода (Сл.гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Советот на Општина Кисела Вода на Четириесет и осмата пленарна седница одржана на 27 декември 2024 година, донесе:

**Програма**

**на Општина Кисела Вода од областа на социјална заштита за 2025 година**

Со Програмата за социјална заштита се продлабочува и унапредува системот на социјална заштита за обезбедување и задоволување на потребите на граѓаните.

Главен и основен патоказ за изработка и спроведување на Програмата за социјална заштита се Законот за Социјална заштита, како и Законот за локална самоуправа, кои ја дефинираат правната рамка во процесот на децентрализација, начините и изворите за финансирање.

Сите форми и облици на социјална заштита кои општината треба да ги спроведе, со помош на Институциите за социјална заштита, со вклучување на други актери од социјалната политика, со заинтересирани поединци и организации, а се во функција да се обезбеди интегрален пристап во планирање, имплементација и евалуација на социјална заштита, развивање на услуги и опфаќање на кориснички групи, планирање и обезбедување на потребни средства преку разни форми на финансирање.

Главна цел на Програмата за активностите во областа на социјална заштита, во Општина Кисела Вода е да предложи форми на социјална и здравствена грижа и да одреди приоритети во решавањето на истите во рамките на своите законски овластувања.

ПРИОРИТЕТИ НА ПРОГРАМАТА

Со Програмата се предвидува фокусот на активностите на Општина Кисела Вода, во областа на социјална заштита, да биде насочен кон остварување на пет приоритетни цели кои треба да придонесат за унапредување на социјалната и здравствената заштита на граѓаните:

- Остварување социјална заштита на лица со посебни потреби;
- Подобрување и унапредување на образованието за децата со посебни потреби;
- Општествено вклучување и социјални услуги;
- Еднакви можности, недискриминација, поттикнување и развој на лични и општествени вредности;

Во текот на 2025 година Општина Кисела Вода ќе спроведе низа на мерки и активности од различни области во склоп на социјалната заштита со која ќе се опфатат повеќе групи на граѓани.

1.Проект за доделување на еднократна парична помош на семејства со новороденчиња на подрачје на Општина Кисела Вода од 01-01-2025 до 31-12-2025 година.
Финансиска конструкција:2.900 000,00 ден.

2.Финансирање на Програмска активност за посебен превоз на стари лица и лица со попречености во соработка со Црвен крст на Град Скопје.
Финансиска конструкција – 500 000,00 денари.

Црвениот крст на град Скопје започна со нудење на посебен транспорт за стари лица и лица со попречености со посебно опремени наменски возила. Наменските возила можат да се користат за превоз на корисници, кои не се во можност, самостојно да обезбедат превоз за користење на здравствена, социјална, или друга административна услуга, заради:

- старост;
- болест;
- неможност или потешкотии, при самостојно движење;
- имаат потреба од придружник (негувател/личен асистент), врз основа на наод на стручно лице за потребата од користење на услуги во домот, поради здравствената состојба во која се наоѓаат, а се работи за неживотно загрозувачки ситуации.

Лицето кое има потреба од транспорт може да се јави на телефонскиот број 15330 во Контакт центарот или на skopje.itnokopce@redcross.org.mk , секој работен ден во текот на 24 часа, преку кој однапред би го закажал својот термин за превоз до одредена институција, по принципот на временски редослед на закажување.

Корисникот при закажување на термин за користење на наменско возило потребно е да даде целосни и вистинити податоци.

4.Субвенционирање на дневниот оброк во целодневната настава/дневен престој
на социјално-ранливите категории жители на општина Кисела Вода

Финансиска конструкција: 800 000,00 денари.

5. Се предвидува програмска активност за реализација на Проектот "Итно копче – социјална услуга за жителите на Општина Кисела Вода".

Проектот Итно копче е нова иновативна услуга на Црвениот крст на град Скопје, и истата веќе се практикува во повеќе европски земји со одличен резултат. Станува збор за услуга која е достапна 24/7, а лицата ќе може да побараат помош преку притискање на само едно копче. Корисникот на аларм-уредот има само обврска да го притисне копчето на уредот и да почекаат повик од страна на операторот од контакт центарот на Итно копче.

По воспоставување на контакт со корисникот, корисникот ги споделува информациите за тегобите со кои се соочува, а обученото лице/оператор му дава понатамошни насоки, а по потреба се испраќа тим за прва помош во нивниот дом. Доколку има потреба се обезбедува транспорт до соодветната установа/институција. Со оваа услуга се опфатени лица над 65 годишна возраст од Скопје кои живеат сами, лица кои се корисници на услугата "Помош и нега во домот" и други изнемоштени лица кои живеат сами.". Услугата Итно копче на корисниците им нуди: -24/7 поддршка секогаш кога ќе се најде во состојба за која е потребна итност; -Обучени и пријателски лица кои се грижат за вашата добросостојба; -Прва помош и прва психолошка помош; -Бесплатно одржување на уредот во случај на технички дефект; -Дневна

техничка поддршка на аларм-уредите; -Транспорт до соодветната здраствена установа со посебни возила. Тимот на Итно копче се состои од обучени професионалци, кои се грижат за своите корисници. Општините може да ја обезбедат оваа услуга за најранливите категории на граѓани, особено на лицата кои ја користат услугата помош и нега во домот. Според проценките до 50 лица на месечно ниво во Кисела Вода би ја користеле услугата помош и нега во домот. Според тоа, потребите од ваков уред би биле во тие рамки. Вкупно се предвидуваат 800.000 денари за 2025 година од кои до 50 единици по 1800 денари за една единица месечно.

Финансиска конструкција: 800 000,00 денари.

**ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

Динамиката на извршување на Програмата ќе зависи од створените технички услови, како и од приливот на средства во буџетот на Општина Кисела Вода.

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Реализацијата на Програмата ја врши Градоначалникот на Општина Кисела Вода и Секторот за Месна самоуправа и социјална заштита.

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ а ќе се применува од 01.01.2025 година.

Број 09-11562/8
27 декември 2024 година
Скопје

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**

**за објава на Програма за Месна самоуправа (Капитални расходи) – ДА0 - Подпрограма за Месна самоуправа (тековно оперативни расходи) – Д10 на Општина Кисела Вода за 2025 година**

1. Со ова Решение се објавува Програмата за Месна самоуправа (Капитални расходи) – ДА0 - Подпрограма за Месна самоуправа (тековно оперативни расходи) – Д10 на Општина Кисела Вода за 2025 година, донесена на Четириесет и осмата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 27 декември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-309/6
15.01.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02) и член 34 став 1 точка 41 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/20), Советот на Општина Кисела Вода на Четириесет и осмата пленарна седница одржана на 27 декември 2024 година, донесе:

**Програмата за Месна самоуправа (Капитални расходи) – ДА0**
**-Подпрограма за Месна самоуправа (тековно оперативни расходи) – Д10**
**на Општина Кисела Вода за 2025 година**

**ВОВЕД**

Граѓаните на Општина Кисела Вода ги разгледуваат и завземаат ставови за работите од непосредно и секојдневно значење од својот живот и работа преку облиците на месна самоуправа. Месната самоуправа во Општина Кисела Вода е организирана преку 15 урбани и месни заедници од кои урбаните се основани во градските подрачја а во населените места, месни заедници. Во организација на секторот за Месна самоуправа и социјална заштита, Градоначалникот на Општина Кисела Вода ги посетува урбаните и месните заедници два или повеќе пати во годината, од каде што се црпат релевантни информации директно од граѓаните кои живеат во тој дел од Општината за сите проблеми со кои се соочуваат и се во доменот на одлучување на Општината и воедно се сумираат резултатите за договореното од претходната средба. На овие средби со граѓаните што се оддржуваат во објектите на урбаните и месните заедници како што може да се види погоре се континуирани низ целата година по дневен ред на истите се поставуваат најразлични прашања и се бара потреба за нивно решавање пред се за комуналната инфраструктура на соодветното подрачје,изградба и одржување на објекти од јавен интерес (водоводи,улици,културни домови,спортски објекти,паркови,детски игралишта и др), заштита на животната средина,покренување на иницијативи за уредување на просторот,организирање на културни,спортски и забавни манифестации и други работи од непосредно секојдневно значење за животот и работата на граѓаните.

Покрај редовните посети на урбаните и месните заедници во 2025 година се предвидува одржување и на повеќе програмски активности во секоја месна-урбана заедница како и активно вклучување на НВО-граѓанските здруженија во активностите на општината и создавање на ефикасни механизми за взаемна соработка и за градење на партнерски однос за зголемувањето на влијанието на граѓанските организации во креирање на политиката на општината за нејзиниот развој.

Покрај другото Секторот за месна самоуправа ќе учествува,помага и дава логистичка подршка и за другите настани во организација на останатите Сектори во општината пред се во одбележувањето на денот на Општината, потоа одржување на манифестациите како (денови на Пушкин, денови на Шопен, Културно лето на општина Кисела Вода 2025, спортските манифестации и др).

►Агенда за посета на Градоначалникот на Општина Кисела Вода на урбаните и месните заедници

Значи, сметајќи дека најдобриот извор на информации за проблемите што ги тиштат граѓаните доаѓа од самите средби на граѓани кои ги организира секторот за месна самоуправа и социјална заштита, а ги истакнуваат граѓаните во тие моменти и понатаму ќе се влечат приоритетите за реализација на проектите од горенаведените средби.

►Субвенционирање на дел од трошоците на граѓаните на територија на општина Кисела Вода за купување на дрва за огрев, по 500 денари по метар кубен но со максимална вкупна количина до 10 метри кубни како и 350 денари за метар просторен но до максимална вкупна количина од 14 метри просторни започнувајќи од 01.04.2025 година за сите жители на општината што купиле дрва за огрев се превидуваат финансиски средства во висина од 1.200.000,00 денари. Програмската активност ќе биде реализирана по објавен јавен повик.
Финансиска конструкција: 1.200 000,00 денари.

►Се предвидуваат финансиски средства за пензионери во социјален ризик кои се жители на општина Кисела Вода како еднократна финансиска помош и поддршка со цел олеснување на нивната состојба.
Еднократната финансиската поддршка ќе се однесува на следната категорија на граѓани жители на општина Кисела Вода (примател и на старосна, семејна, инвалидска или социјална пензија). Програмската активност ќе биде реализирана по објавен јавен повик.
Финансиска конструкција: 7.000 000,00 денари

►Се предвидува финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови во станбени згради на подрачјето на општина Кисела Вода.
Програмската активност за финансиска поддршка на поправка и санација на постоечки лифтови на подрачјето на општина Кисела Вода ќе се спроведува согласно Правилникот за финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови на територија на општина Кисела Вода и по објавен јавен повик.
Финансиска конструкција: 600 000,00 денари.

►Се предвидуваат финансиски средства за изграба на нови лифтови во станбени згради на подрачјето на општина Кисела Вода.
Програмската активност за финансиска поддршка за изградба на нови лифтови на подрачјето на општина Кисела Вода ќе се спроведува согласно Правилник кој ќе биде изготвен и претставен пред Советот на Општината, како и по објавен јавен повик.
Финансиска конструкција: 2.000 000,00 денари.

►Се предвидува финансиска поддршка за реконструкција на постоечки кровови на индивидуални станбени објекти на подрачјето на општина Кисела Вода.
Програмската активност за финансиска поддршка за реконструкција на постоечки кровови на индивидуални станбени објекти на територијата на општина Кисела Вода ќе се спроведува согласно Правилник кој ќе биде изготвен и претставен пред Советот на Општината, како и по објавен јавен повик.
Финансиска конструкција: 1.200 000,00 денари.

►Се предвидува финансиска поддршка за посетување на обуки за теоретски и практичен дел за полагање на возачка дозвола Б-Категорија.
Програмската активност предвидува субвенционирање на млади жители од подрачјето на општина Кисела Вода кои сакаат да полагаат за возачка дозвола Б-Категорија. Програмската активност ќе биде реализиран по објавен јавен повик.
Финансиска конструкција: 4.000 000,00 денари.

►Топлотен бран - Заштита и превенција на здравјето на граѓаните од високи температури во летниот период во 2025 година.

Во духот на взаемната соработка на општина Кисела Вода со О.О на Црвен Крст на Општина Кисела Вода која отсекогаш била на високо ниво, ќе се реализира проектот "Топлотен бран" во кој општина Кисела Вода учествува со кофинансирање во проектот за грижата на здравјето на своите граѓани. Проектот ќе се реализира при постоење на топлотни температури од 35 степени целзиусови во периодот јули – август 2025 год. Активностите ќе ги спроведува Црвениот Крст, а ќе се состојат со одвивање на теренски активности со постоење на мобилни екипи составени од: возило на Црвениот Крст , медицинско лице- доктор, волонтери на Црвен Крст , кои на граѓаните ќе им им даваат медицинска помош, совети, ќе се делат, шишиња со вода, а ќе им се укаже помош на оние лица кои ќе имаат потреба за носење до крајната дестинација. Општина Кисела Вода ќе учествува во проектот со кофинансирање заедно со О.О.на Црвен Крст на општина Кисела Вода.

Финансиска конструкција за проектната активност во зависност од времетраењето на високите температури во период јули – август 2025 година

-Обезбедување на флаширана вода-Општина Кисела Вода (600 литри) јули-август

-Обезбедување на гориво за возило на Црвен крст - 20 000,00 денари

-Инструктори (2) по прва помош за месец јули-август - 24 000,00 денари

-Торба за прва помош со медицински материјал - 6 000,00 денари

Финансиски средства - 50 000,00 денари (трансферирани средства на Црвен крст на Република Македонија – Општинска Организација на Црвен крст на Кисела Вода

Носители- Општина Кисела Вода и Црвен Крст на Република Македонија- општинска Организација на Црвен Крст на општина Кисела Вода.

►Се предвидуваат средства во висина од 300 000,00 денари за трансфер до Здруженија на граѓани (НВО) и фондации кои во наредната година ќе понудат проекти за унапредување на Општина Кисела Вода во сите сфери на делување на истите а во насока на подобрување на општествениот живот во Општината.

**Вкупно: 16.350 00,00 денари**

**ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

Динамиката на извршување на Програмата ќе зависи од створените технички услови, како и од приливот на средства во буџетот на Општина Кисела Вода.

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Реализацијата на Програмата ја врши Градоначалникот на Општина Кисела Вода и Секторот за Месна самоуправа и социјална заштита.

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,, а ќе се применува од 01.01.2025 година.

Број 09-11562/9
27 декември 2024 година
Скопје

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**

**за објава на Програма за начинот на извршување на обврските на Општина Кисела Вода од областа на одбраната во 2025 година**

1. Со ова Решение се објавува Програмата за начинот на извршување на обврските на Општина Кисела Вода од областа на одбраната во 2025 година, донесена на Четириесет и осмата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 27 декември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-309/7
15.01.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 и член 22 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр. 5/2002), а врз основа на член 100 од Законот за одбрана (Службен весник на Република Македонија бр. 185/2011), член 10.10 и член 15.9 од Законот за Град Скопје (Службен весник на Република Македонија број 55/2004), како и врз основа на одлуката за Методологија за спроведување на подготовките за одбрана (Службен весник на Република Македонија број 4/2013), Советот на Општина Кисела Вода на Четириесет и осмата пленарна седница одржана на 27 декември 2024 година, донесе:

## П Р О Г Р А М А

## за начинот на извршување на обврските на Општина Кисела Вода од областа на одбраната во 2025 година

**СОДРЖИНА**

1.Вовед
2.Развојни приоритети и цели
3.План на активности
4.Динамика на извршување на активностите во програмата
5.Преодни и завршни одредби

### 1.Вовед

Активностите и програмите кои ќе бидат спроведени во 2025 година ќе бидат насочени согласно законите и подзаконските акти и прописи, а се во интерес на спроведување на подготовки и преземање на мерки за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од воени разурнувања, природни епогоди и од последиците предизвикани од нив.

Според законските одредби Општина Кисела Вода во 2025 година овие активности ќе ги остварува, насочува и кординира преку Секторот за човечки ресурси и информатичка технологија кое ќе ги организира, реализира и по потреба ќе соработува со :

- Министерството за одбрана
- Подрачно одделение за одбрана во Општина Кисела Вода
- Центарот за управување со кризи

### 2.Развојни приоритети и цели

Општина Кисела Вода во воена состојба продолжува да ги извршува работите утврдени со закон и има обврска да преземе мерки за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра на своето подрачје од воени разурнувања, природни непогоди и други несреќи и од последиците предизвикани од нив. Единиците на локална самоуправа имаат обврска да се подготвуваат за извршување на обврските на начин утврден со нивниот статут. Во Статутот на Општина Кисела Вода во глава 11 во член 170 предвиден е начинот на извршување на обврските на општината од областа на одбраната во воена состојба. Општина Кисела Вода врз основа на одлуката за Методологија за спроведување на подготовките за одбрана (Службен весник на Република Македонија број 4/2013), има донесено План за функционирање на единица на локална самоуправа Општина Кисела Вода во услови на војна како и утврдени приоритети за извршување на задачи определени со закон;

1. Утврдување на приоритети за одржување на локални патишта, улици и други јавни објекти од локално значење;
2. Начин на извршување и определување на извршители на приоритетните задачи;
3. Определување на потребните финансиски средства;
4. Мерки на приправност;

**3. План на активности**

Според член 37 од Методологијата за спроведување на подготовките за одбрана (Службен весник на Република Македонија број 83/2003) за единиците на локалната самоуправа финансиски средства за спроведување на подготовки за одбрана и заштита и
спасување на грѓаните и материјалните добра на своето подрачје од воени разузнавања и од природни непогоди и други несреќи во воена состојба и од последиците предизвикани од нив, како и за одржување на локалните патишта, улиците и другите јавни објекти од локално значење, според утврдениот приоритет се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија и од сопствени извори на приходи односно од Буџетот на Општина Кисела Вода.

Врз основа на тоа, како и по препорака на Министерството за одбрана по извршениот инспекциски надзор потребно е во буџетот на Општина Кисела Вода да се предвидат одредени финансиски средства.

**Предвидени финансиски средства: 100 000 денари.**

**4.Динамика на извршување на активностите во програмата**

Динамиката на извршување на Програмата ќе зависи од приливот на средства во буџетот на Општина Кисела Вода.

**5.Преодни и завршни одредби**

За спроведување на оваа Програма се грижи Советот, Градоначалникот на Општина Кисела Вода и Секторот за човечки ресурси и информатичка технологија.

Во соработка со Министерството за одбрана, Подрачното одделение за одбрана во Општина Кисела Вода, Центарот за управување со кризи и другите надлежни органи и тела ќе го следат спроведувањето на оваа програма и активно ќе учествуваат во нејзина реализација како и во покренување на иницијативи, давање на мислења и придонесување на предлози во врска со остварувањето и извршувањето на обврските на Општина Кисела Вода од областа на одбраната.

Програмата влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на општина Кисела Вода“ а ќе се применува од 01.01.2025 година.

Број 09-11562/10
27 декември 2024 година
Скопје

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

## РЕШЕНИЕ

### за објава на Програма за активностите на Општина Кисела Вода за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра за 2025 година

1. Со ова Решение се објавува Програмата за активностите на Општина Кисела Вода за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра за 2025 година, донесена на Четириесет и осмата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 27 декември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-309/8
15.01.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 4, став 1 и 2 од Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 39/12, 41/14 и 106/16), Советот на Општина Кисела Вода на Четириесет и осмата пленарна седница одржана на 27 декември 2024 година, донесе:

**ПРОГРАМА**

**за активностите на Општина Кисела Вода за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра за 2025 година**

**СОДРЖИНА**

1.Вовед
2.Развојни приоритети и цели
3.План на активности
4.Динамика на извршување на активностите во програмата
5.Преодни и завршни одредби

**1.Вовед**

**„Природни непогоди“** се земјотреси, поплави, лизгање на земјиште, снежни лавини и наноси, голомразица, град, суша кои со природни неконтролирани сили ја загрозуваат животната средина, животот и здравјето на луѓето, материјалните добра, животинскиот и растителен свет и културното наследство.

**„Други несреќи“** се настани кои се резултат на одредени превиди и грешки во извршувањето на секојдневните стопански и други активности, како и невнимание при ракување со опасни материи и средства при производство, складирање и транспорт на истите (пожари, големи несреќи во патниот, железничкиот и воздушниот сообраќај, несреќи во рудници, индустриски несреќи предизвикани од експлозии и други техничко-технолошки причини, паѓање на радиоактивни врнежи, прашини и талози, излевање на нафта и нафтени деривати и други отровни хемикалии, експлозии на гасови, запаливи течности и гасови, како и други горливи материи кои со воздухот создаваат експлозивни смеси и други експлозивни материјали од поголем размер.

Активностите и програмите кои ќе бидат спроведени во 2025 година ќе бидат насочени согласно законите и подзаконските акти и прописи, а се во интерес на граѓаните на Општина Кисела Вода во остварување на нивните права, обврски, како и нивна заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи.

Според законските одредби Општина Кисела Вода во 2025 година овие активности ќе ги остварува, насочува и кординира преку Секторот за човечки ресурси кој ќе ги организира, реализира и по потреба ќе соработува со :

► Општинскиот штаб за заштита и спасување;
► Универзалната единица за заштита и спасување;
► Комисија за процена на штети од елементарни и други несреќи на територијата на општина Кисела Вода;
► Територијална противпожарна единица која дејствува на целата територија на општината;
► Доброволните противпожарни друштва, општинскиот противпожарен сојуз и други субјекти

и институции зависно од видот на активноста што ке се реализира.

**2.Развојни приоритети и цели**

Општина Кисела Вода настојува да одржи чекор за намалување на ризиците од несреќи, обезбедува услови за мирен и безбеден просперитет на своите граѓани

► Заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди и други несреќи, пожари во населените места, во шуми, отворени простори, собраќајни несреќи и други опасности,

► Заштита и спасување на луѓето, животната средина, материјалните добра, природните богатства, животинскиот и растителниот свет и културното наследство од природни непогоди и други несреќи во мирновремени, вонредни, воени и други состојби,

► Создавање услови и можности за организирано остварување и реализирање на заштитата и спасувањето на луѓето и матријалните добра,

► Обезбедување на услови за навремено известување за опасноста, откривање и елементирање на причините за настанувањето и ублажување, локализирање и елиминирање на опасноста,

► Обезбедување на услови и можности за соодветна организација, опременост и координација на силите за заштита и спасување за справување со опасностите со кои ќе биде зафатена општината.

**3. План на активности**

| Бр | Планирана активност | Период на реализација | Планирани средства |
|---|---|---|---|
| 1 | Набавка на пумпи за испумпување на нечиста вода од поплавени простории и места:<br>-4 пумпи; | април | 370 000 денари |
| 2 | Редовен сервис и одржување на противпожарните апарати, хидрантска мрежа, електричната инсталација и громобранската инсталација. | По потреба | 80 000 денари |
| 3 | Ажурирање на Процената на загрозеност од природни непогоди и други несреќи на територијата на ОКВ | Во тек нагодината | 50 000 денари |
| | ВКУПНО | | 500 000 денари |

**Вкупно: 500 000 денари.**

**4.Динамика на извршување на активностите во програмата**

Динамиката на извршување на Програмата ќе зависи од приливот на средства во буџетот на Општина Кисела Вода.

**5.Преодни и завршни одредби**

За спроведување на оваа Програма се грижи Советот и Градоначалникот на Општина Кисела Вода и Секторот за човечки ресурси.

Во соработка со Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи и другите надлежни органи и тела, органите и телата на Советот и Градоначалникот на

Општина Кисела Вода ќе го следат спроведувањето на оваа Програма и активно ќе учествуваат во нејзина реализација како и во покренување на иницијативи, давање на мислења и придонесување на предлози во врска со остварувањето на програмските цели и активности.

Програмата влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на општина Кисела Вода“ а ќе се применува од 01.01. 2025 година.

Број 09-11562/11
27 декември 2024 година
Скопје

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**

**за објава на Програма за активностите на Општина Кисела Вода за ревитализација по елиминирање на кризи во областа за заштита и спасување во 2025 година**

1. Со ова Решение се објавува Програмата за активностите на Општина Кисела Вода за ревитализација по елиминирање на кризи во областа за заштита и спасување во 2025 година, донесена на Четириесет и осмата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 27 декември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-309/8
15.01.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 22 точка 10 и 11 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) член 5 од Законот за управување со кризи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21), член 4, член 21 и 22 од Законот за пожарникарство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 152/19) и член 9 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21) и член 16 став 9 и член 34 став 41 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на општина Кисела Вода“ бр.1/2020), Советот на Општина Кисела Вода на Четириесет и осмата пленарна седница одржана на 27 декември 2024 година, донесе:

# ПРОГРАМА

## за активностите на Општина Кисела Вода за ревитализација по елиминирање на кризи во областа за заштита и спасување во 2025 година

Со оваа програма се утврдуваат заедничките интереси и активности за ревитализација по елиминирање на криза и во областа на заштита и спасување особено во противпожарната заштита (доброволните противпожарни друштва, општински противпожарен сојуз ,секциите во училиштата и млади пожарникари) кои претставуваат активности од јавен интерес.

Според законските одредби ,општина Кисела Вода во 2025та година овие активности ќе ги остварува преку:

- Просторниот штаб за заштита и спасување
- Регионалниот центар за управување со кризи,
- Просторните сили за заштита и спасување (универзални и специјализирани – екипи, одд.),
- Комисија за процена на штети од елементарни и други несреќи на територијата на општина Кисела Вода,
- Територијалната противпожарна единица која дејствува на целокупната територија на општина Кисела Вода со доброволните противпожарни друштва, општинскиот противпожарен сојуз и секциите во училиштата на млади пожарникари.

## 1.ЦЕЛИ

- Заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди, пожари во населените места, во шуми, отворени простори, поплави, сообраќајни несреќи и др.

- Ревитализација на општината по елиминирањето на кризата,

- Заштита и спасување на луѓето, животната средина, материјалните добра, природните богатства, животинскиот и растителниот свет и културното наследство од природни непогоди и други несреќи во мир и вонредна состојба,

- Создаввање на услови и можности за организирано остварување и реализирање на заштита и спасување на луѓето и материјалните добра,

- Обезбедување на навремено известување за опасноста, благовремено откривање и елиминирање на причините за настанување на пожари и други видови несреќи и ублажување на последиците од истите,

-Обезбедување на услови и можности за соодветна организација, опременост и координираност на силите за заштита и спасување, справување со кризи и противпожарна заштита.

## 2. АКТИВНОСТИ

За реализација и остварување на основните цели на оваа Програма, активностите на општината и Советот ќе бидат насочени кон создавање на максимални услови за реализирање на програмските определби во доменот на ревитализација на општината по елиминирањето на кризата, на противпожарната заштита и доброволната противпожарна организација како и заштитата и справување со кризни појави и состојби како и други несреќи во мир. Во оваа насока активностите претежно ќе бидат насочени кон обезбедување на услови за квалитетна, навремена и во законски рамки реализирана активност. Општина Кисела Вода преку оваа Програма за 2025 година во рамките на своите материјални можности ќе обезбеди финансиски средства потребни за квалитетна и технички стручна подготвена единица за противпожарна заштита ,која ќе може брзо и ефикасно да дејствува на целата територија на Општина Кисела Вода и развој за зајакнување на доброволната противпожарна организација на својата територија како и непречено функционирање на останатите субјекти од областа на заштитата и спсувањето, превенција и справување со кризни појави и состојби од просторот на општината.

## 3. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето и активностите од областа на заштита и спасување, превенција и справување со кризни појави дејствувањето на Општинскиот противпожаран сојуз, доброволните противпожарни друштва и Секциите на млади пожарникари, Териториjалната протипожарна единица (со посебна програма) утврдени според оваа Програма ќе биде реализирана од:

Средства од буџетот на Општина Кисела Вода и Републичкиот буџет, Доброволни прилози и други средства од осигурителни друштва домашни и странски фондации, правни и физички лица наменети за унапредување и заштита од пожари, доброволни противпожарно организирање и за друг вид на несреќи.

РАСПОРЕД НА ФИНАНСКИТЕ СРЕДСТВА:

А) Противпожарна заштита и зајакнување на доброволната противпожарна организација и други активности за заштита и спасување

| | ПРИХОДИ | |
|---|---|---|
| 1 | Буџет на Општина Кисела Вода | 100.000,оо денари |
| 2 | Сопствени приходи од давање на услуги | 10.000,оо денари |
| 3 | Приходи од други извори,донации, проекти | 100.000,оо денари |
| 4 | ВКУПНО 1-3 | 210.000,оо денари |

Б) Противпожарна заштита, доброволна противпожарна организација и спроведување на друга обука и мерка за заштита и спасување на населението и материјалните добра за побезбедна општина

| | РАСХОДИ | |
|---|---|---|
| 1 | Организирање и спроведување обука на просторните штабови и единици | 30.000,оо денари |
| 2 | Доброволна противпожарна организација – Секција за млади пожарникари во сите училишта | 10.000,оо денари |
| 3 | Општински противпожарен сојуз – организирање на квиз натпревари | 20.000,оо денари |
| 4 | Набавка на техничка и заштитна опрема | 30.000,оо денари |
| 5 | Изработка на програмски содржини од заштитата и спасувањето кои ќе се презентираат на класните часови во училиштата | 2.000,оо денари |
| 6 | Набавка на работни униформи за ДПД | 10.000,оо денари |
| 7 | За обука договорни услуги | 10.000,оо денари |
| 8 | Освежителни пијалоци при реализација на вежбовните и други активности | 10.000,оо денари |
| 9 | Помош на изработка на куќен ред во случај на пожар и план за евакуација пластифициран А-4 формат за секоја куќа посебно | 5.000,оо денари |
| 10 | Проектни активности – школа за млади пожарникари во соработка со ФЛОРИОН | 30.000,оо денари |
| 11 | Активности на Комисијата за проценка на штети од елементарни и други несреќи | 20.000,оо денари |
| 12 | Надомест на материјални трошоци за правни и физички лица – учесници во акции за гасење на пожар и други видови на загрозувања и несреќи | 20.000,оо денари |
| 13 | Безбедносна проверка на населението за безбедносна проценка од пожар | 15.000,оо денари |
| 14 | Отворени трибини за заштита и спасување со граѓаните од населенит места од подрачјето на општината | 5.000.оо денари |
| 15 | Тактичко – показни вежби и активности за превенција и справување со кризни состојби | 100.000,ооо денари |
| 16 | ВКУПНО 1-15 | 210.000,оо денари |

**5. Други форми и активности за побезбедна општина со подржување и помагање на субјектите од заштитно – спасувачката организираност на територијата на општината**

- Активностите на ДЗС, ЦУК, Територијалната противпожарна единица, Општинскиот противпожарен сојуз, Доброволните противпожарни друштва, Секциите за млади пожарникари по училиштата во Општина Кисела Вода, освен со финансииски средства Советот и Градоначалникот на Општина Кисела Вода ќе помагаат и стимулираат со:
- Учество на градоначалникот и претставници на Советот на средби и настани организирани од страна на ТППЕ и општинскиот противпожаррен сојуз поврзани со квизови, натпревари, вежби, прослави и други настани,
- Подршка и учество во проектни и друг вид на активности.

**6. Завршни одредби**

За спроведување на оваа Програма се грижи Советот, градоначалникот на Општина и Секторот за локален еконоски развој.

Во соработка со Просторниот штаб за заштита и спасување, Регионалниот штаб и ЦУК, Дирекцијата за заштита и спасување, Државниот инспектор за заштита од пожари, инспекторот за заштита и спасување и други надлежни органи и тела, органите и телата на Советот и градоначалникот на Општина Кисела Вода ќе го следат спроведувањето на оваа Програма и активно ќе учествуваат во нејзина реализација како и покренување на иницијативи, давање на мислења и поднесување на предлози во врска со остварување на програмските цели и активности.

Програмата влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на општина Кисела Вода" а ќе се применува од 01.01. 2025 година.

Број 09-11562/12
27 декември 2024 година
Скопје

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**

**за објава на Програма Г1 - локален економски развој со потпрограма ГД0 – проекти за енергетска ефикасност на Општина Кисела Ввода за 2025 година**

1. Со ова Решение се објавува Програмата Г1 - локален економски развој со потпрограма ГД0 – проекти за енергетска ефикасност на Општина Кисела Ввода за 2025 година, донесена на Четириесет и осмата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 27 декември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-309/10
15.01.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), и член 34 став 1 точка 8 од Статутот на општина Кисела Вода (Службен гласник на општина Кисела Вода бр.01/20), Советот на Општина Кисела Вода на Четириесет и осмата пленарна седница одржана на 27 декември 2024 година, донесе:

**ПРОГРАМА**

**Г1 - ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ СО**
**ПОТПРОГРАМА ГД0 – ПРОЕКТИ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ**
**НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗА 2025 ГОДИНА**

СОДРЖИНА

1. План на активности

2. Динамика на извршување на активностите во Програмата

3. Преодни и завршни одредби

**1.ПЛАН НА АКТИВНОСТИ** (со опис на активноста и потребни финансиски средства за реализирање на истата)

► **Финансиско учество од страна на општината во предлог проекти**

Подготовка на проекти е дел од активностите на Секторот за локален економски развој. Проектите се подготвуваат во соработка со другите сектори во општината, а по однос на објавени јавни повици .

Согласно објавените јавни повици, најчесто е потребно и кофинансирање од страна на општината и тоа со одреден процент на финансиски средства наменети за реализација на проектот. Ваквите јавни повици не се однапред познати и поради тоа не постои можност за нивно детално образложение.

Вкупно средства : 4.000.000,00 денари

► **Проект "Општинско - корисна работа" во соработка со УНДП**

Овој проект има цел за да овозможи работно ангажирање на невработени лица од областа на образованието, социјалната заштита и заштита на деца на определено време согласно условите дефинирани од страна на УНДП и Агенцијата за вработување, како носители на проектот.

Вкупно средства : 2.500.000,00 денари

► **Сертификација на општината за бизнис пријателско опкружување BFC**

Програмата за сертификација на општината за бизнис пријателско опкружување BFC ќе обезбеди јасни насоки за унапредување на административните перформанси, зголемување на нивото на квалитет и ефикасност на услуги наменети за приватниот сектор, а локалното

стопанство го рангира по конкурентност на регионално и меѓународно ниво. Со реализација на програмата општината ќе ја унапреди својата административна подготвеност за обезбедување и спроведување на квалитетни услуги, привлекување на нови домашни и странски инвестиции, а со тоа и создавање можности за нови вработувања. Програмата се спроведува преку ЗЕЛС кој е акредитиран технички секретаријат за сертификација на општината за бизнис пријателско опкружување BFC .
Сертификатот со кој општината ќе се стекне по спроведување на програмата е со важност од три години.

Вкупно средства: 480.000,00 денари

**► Платена пракса за студенти**

Тековно во 2025 година општина Кисела Вода ќе реализира платена пракса за студенти, жители на општина Кисела Вода.
Целта на проектот е стекнување на работни вештини на студентите кои во голема мера ќе им помогнат и ќе ги направат поконкурентни на пазарот на трудот по завршување на студиите.

Вкупно средства: 350.000,00 денари

**► ПОВ - Акциски план за партнерство за отворена локална власт општина Кисела Вода**

Општина Кисела Вода е прва општина во Македонија што изработи ваков акциски план, со кој испраќаме јасна порака дека веруваме во потребата од отворена и достапна локална власт за сите.

Реализацијата на Акцискиот План на Општина Кисела Вода за Партнерство за Отворена Локална Власт, е глобална иницијатива која поставува нови стандарди за транспарентност, отчетност и активно учество на граѓаните во процесите на одлучување.

Вкупно средства: 390.000,00 денари

**ПОТПРОГРАМА ГДО – ПРОЕКТИ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ**

- Проектирање и поставување на фотоволтаици на основните училишта во општина Кисела Вода

Вкупно средства : 4.000.000,00 денари

- Проектирање и поставување на фотоволтаици на јавните детски градинки во општина Кисела Вода

Вкупно средства : 2.000.000,00 денари

- Кофинансирање од страна на општината за набавка на термоизолациони материјали за реконструкција на фасади на станбени згради на територија на општина Кисела Вода

Вкупно средства : 1.000.000,00 денари

- Кофинансирање од страна на општината за набавка на печки на пелети за домаќинствата на територија на општина Кисела Вода

Вкупно средства: 500.000,00 денари

- Кофинансирање за набавка на пелети (како огрев) за домаќинствата на територија на општина Кисела Вода

Вкупно средства: 3.000.000,00 денари

- Енергетски менаџмент на системот за греење

Вкупно средства : 36.000,00 денари

- Енергетска обнова на ПОУ "Рајко Жинзифов", населба Пинтија

Вкупно средства : 8.000.000,00 денари

## 2. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Динамиката на извршување на Програмата ќе зависи од техничките услови, како и приливот на средства во буџетот на општина Кисела Вода.

## 3.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Реализацијата на Програмата ја врши Градоначалникот на општина Кисела Вода и Секторот за локален економски развој.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Кисела Вода" а ќе се применува од 01.01.2025 година.

Број 09-11562/13
27 декември 2024 година
Скопје

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**

**за објава на Програма (Ј) комунални дејности на Општина Кисела Вода за 2025 година**

1. Со ова Решение се објавува Програмата (Ј) комунални дејности на Општина Кисела Вода за 2025 година, донесена на Четириесет и осмата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 27 декември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода".

Број 08-309/11
15.01.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 2 и точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр.5/02), член 15, став 1, точка 2 и точка 4 од Законот за Град Скопје (Сл.Весник на РМ бр.55/04 и бр.158/2011), член 16, став 1, точка 2 и точка 4, а во врска со член 34, став 1, точка 8, точка 9, точка 10 и точка 11 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр.1/2020), Советот на Општина Кисела Вода на Четириесет и осмата пленарна седница одржана на 27 декември 2024 година, донесе:

**ПРОГРАМА (Ј)**

**комунални дејности**
**на Општина Кисела Вода**
**за 2025 година**

I. НАДЛЕЖНОСТА Ј КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗА 2025 ГОДИНА ГИ СОДРЖИ СЛЕДНИТЕ ПОДПРОГРАМИ:

J00 – Одржување на урбана опрема
J30 – Јавно осветлување
J40 – Јавна чистота
J60 – Одржување и заштита на локални патишта и улици
J80 – Други комунални услуги
JA0 – Изградба на јавно осветлување
JД0 – Изградба и реконструкција на локални патишта и улици
JE0 – Изградба на простор за паркирање
JФ0 – Изградба на сообраќајна сигнализација
JГ0 – Изградба на системи за водоснабдување
JИ0 – Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води
JM0 – Паркови и зеленило /капитални расходи/
JH0 – Урбана опрема/капитални расходи/
JK0 – Јавна чистота /капитални расходи/

II. ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРОГРАМИТЕ ПО ВИДОВИ РАСХОДИ СПОРЕД СЛЕДНИОТ ПРИКАЗ:

**ПОДПРОГРАМА**
**(J00)**
**ОДРЖУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА**

## 1.ВОВЕД

Со оваа Подпрограма се уредува:

- Извори на финансирање на подпрограмата
- Пресметување на трошоците за одржување на урбана опрема
- Динамика на извршување на подпрограмата
- Преодни и завршни одредби

## 2. ИЗВОРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА

Подпрограмата Ј00 (ОДРЖУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА на подрачјето на Општина Кисела Вода) ќе се финансира од буџетот на Општина Кисела Вода за 202  година.

## 3. ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОДПРОГРАМАТА

Расходи за реализација, според намената и по поединечни видови на елементи се:

| Категорија | Ставка | Подставка | Опис на ставка | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|
| 42 | | | **Стоки и Услуги** | **6.100.000 00** |
| | 424 | | Поправки и тековно одржување | **6.000.000,00** |
| | | 424390 | Одржување на други објекти (урбана опрема)<br>Реконструкција и санација на фонтани и чешми за пиење вода | 2.000.000 00<br>4.000.000,00 |
| | | | Капитални расходи | **100.000, 00** |
| | 425 | | Други градежни објекти | 100.000, 00 |
| | | 425980 | Надзор над изградбата | 100.000, 00 |

*** Образложение на потставката 424390 – Одржување на други објекти**
Трошоци поврзани со поправка на клупи, корпи за отпадоци, чешми, фонтани, поправка и замена на оштетени делови од урбана опрема во парковите, зелените површини, детските игралишта и спортски реквизити во спортските игралишта на територија на Општината поставени во изминатиот период.

## 4. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА

Динамиката на извршување ќе зависи од приливот на средствата во буџетот на Општината Кисела Вода за 2025 година.

## 5. ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ

Реализацијата на подпрограмата ја врши Градоначалникот на Општина Кисела Вода преку Секторот за комунални работи, инфраструктура, сообраќај и заштита на животната средина.

## ПОДПРОГРАМА
## (Ј30)
## ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

### 1.ВОВЕД

Со оваа Подпрограма се уредува:

- Извори на финансирање на подпрограмата
- Пресметување на трошоците за одржување на јавното осветлување
- Динамика на извршување на подпрограмата
- Преодни и завршни одредби

### 2. ИЗВОРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА

Подпрограмата Ј30 (Одржување на јавно осветлување на подрачјето на Општина Кисела Вода) ќе се финансира од средствата што ЕВН ги исплаќа во вид на такса за улично осветлу¬вање од корисниците и од буџетот на Општината Кисела Вода за 2025 година.

### 3. ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОДПРОГРАМАТА

Расходи за реализација, според намената и по поединечни видови на елементи се:

| Категорија | Ставка | Подставка | Опис на ставка | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|
| 42 | | | Стоки и Услуги | **31.600.000,00** |
| | 421 | | Комунални услуги, греење, комуникација, транспорт | **17.000.000,00** |
| | | 421110 | Електрична енергија | 17.000.000,00 |
| | 424 | | Поправки и тековно одржување | **14.000.000,00** |
| | | 424390 | Одржување на други градби | 14.000.000,00 |
| | 426 | | Други тековни расходи | **400.000,00** |
| | | 426990 | Други оперативни расходи | 400.000,00 |
| 42 | | | Капитални расходи | **200.000,00** |
| | 425 | | Други градежни објекти | 200.000,00 |
| | | 425980 | Надзор над изградбата | 200.000,00 |

*** Образложение на потставката 421110 – Електрична енергија**

Средствата кои се користат за покривање на трошоците за електрична енергија што се користи за јавно осветлување исклучиво на сервисните и станбените улици кои се во надлежност на Општина Кисела Вода.

*** Образложение на потставката 424390 – Одржување на други градби**

Со оваа подставка се покриваат трошоците за одржување на системите за јавно осветлување на сервисните и станбените улици, а кои се во надлежност на Општината Кисела Вода, во смисла на одржување на веќе поставени канделабри, пригушници, замена на кабли и друга опрема поврзана со јавното улично осветлување, како и спроведување на енергетска ефикасност, односно замена на постоечките натриумови светилки со штедливи лед сијалици на дел од Општина Кисела Вода.

Напомена: Магистралните улици кои се на територија на Општина Кисела Вода се во надлежност на Градот Скопје за кои истиот има обврска за покривање на сметките за електрична енергија и тековно одржување на јавното осветлување.

*** Образложение на потставката 426990 – Други оперативни расходи**

Со оваа подставка се покриваат трошоци за дислокација на подземни кабли,дислокација на бетонски бандери,приклучоци и за изработка на физибилити студија за ЈПП за јавно осветлување

**4. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА**

Динамиката на извршување ќе зависи од приливот на средствата во буџетот на Општината Кисела Вода за 2025 година и средства обезбедени од наплатената такса за јавно осветлување.

**5. ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ**

Реализацијата на подпрограмата ја врши Градоначалникот на Општина Кисела Вода преку Секторот за комунални работи, инфраструктура, сообраќај и заштита на животната средина.

**ПОДПРОГРАМА**
**(Ј40)**
**ЈАВНА ЧИСТОТА**

## 1. ВОВЕД

Со оваа Подпрограма се уредува:

- Извори на финансирање на подпрограмата
- Пресметување на трошоците за ангажирање на работна сила за одржување на паркови и зеленило и обезбедување ситен инвентар
- Динамика на извршување на подпрограмата
- Преодни и завршни одредби

## 2. ИЗВОРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА

Подпрограмата Ј40 ќе се финансира од буџетот на Општината Кисела Вода за 2025 година.

## 3. ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОДПРОГРАМАТА

Расходи за реализација, според намената и по поединечни видови на елементи се:

| Категорија | Ставка | Подставка | Опис на ставка | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|
| 42 | | | **Стоки и Услуги** | **14.600.000,00** |
| | 423 | | Материјали и ситен инвентар | **1.100.000,00** |
| | | 423720 | Материјали за разни поправки | 1.000.000,00 |
| | | 423310 | униформи | 100.000,00 |
| | | | | |
| | | | | |
| | 425 | | Договорни услуги | **13.000.000,00** |
| | | 425990 | Други договорни услуги | 13.000.000,00 |
| | 426 | | Други оперативни расходи | **500.000,00** |
| | | 426990 | Други оперативни расходи за изнајмување и одржување на јавни тоалети | 500.000,00 |

*** Образложение на потставките 423720**

Општината обезбедува средства за одржување на машини, алат и резервни делови за машините и алатот за работа за сезонските работници на територија на Општина Кисела Вода( (тримери за косење, тракторска тревокосачка, телескопска пила, метли, колички, лопати, копачи, вили, дупчалки, машина за чистење на снег и друго),со цел косење и одржување на јавните зелени површини, чистење на истите од смет, одржување на тротоари и пешачки патеки, чистење на снег и други активности кои ги извршуваат сезонските работници од различна природа.

*** Образложение на потставките 425990**

Планирано е во 2025год. да се ангажираат 50-80 времено вработени сезонски работници почнувајќи од 01.01.2025 до крајот на тековната година.

Општината обезбедува средства за плата на сезонските работници. Се планира на сезонските работници да им биде платен персонален данок и осигурување во случај на незгода при работа.

*** Образложение на потставките 426990**

Општината обезбедува средства за изнајмување и одржување на јавни тоалети согласно Законот за јавна чистота кои ќе бидат поставени на места каде ќе се одржуваат разни манифестации и постојано во неколку парка по избор на општината.

**4. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА**

Динамиката на извршување ќе зависи од приливот на средствата во Буџетот на Општината Кисела Вода за 2025 година.

**5. ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ**

Реализацијата на подпрограмата ја врши Градоначалникот на Општина Кисела Вода преку Секторот за комунални работи, инфраструктура, сообраќај и заштита на животната средина.

**ПОДПРОГРАМА**
**(Ј60)**
**ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА, УЛИЦИ И РЕГУЛИРАЊЕ НА РЕЖИМ НА СООБРАЌАЈОТ**

## 1. ВОВЕД

Со оваа Подпрограма се уредува:

- Извори на финансирање на подпрограмата
- Пресметување на трошоците за одржување и заштита на локалните патишта и улици заедно со тротоари и пешачки патеки
- Динамика на извршување на подпрограмата
- Преодни и завршни одредби

## 2. ИЗВОРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА

Подпрограмата Ј60 (одржување и заштита на локалните патишта и улици на подрачјето на Општина Кисела Вода) ќе се финансира од Буџетот на Општината Кисела Вода за 2025 година

## 3. ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОДПРОГРАМАТА

Расходи за реализација, според намената и по поединечни видови на елементи се:

| Категорија | ставка | Подставка | Опис на ставка | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|
| 42 | | | Стоки и услуги | **3.000.000,00** |
| | 424 | | Поправки и тековно одржување | |
| | | 424320 | Одржување на улици и патишта | 3.000.000,00 |

*** Образложение на потставката 424320 – Одржување на улици и патишта**

Согласно Законот за јавни патишта (член 58), Општината издвојува средства за одржување и заштита на локалните патишта и улици, и тоа:

- Чистење снег и мраз од коловозите, посипување на коловоз со сол или абразивни средства во осојничавите места, мостовите, делници со поголеми наклони на патот како и на други места за заштита на коловозот од замрзнување.

## 4. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА

Динамиката на извршување ќе зависи од временските услови во зимскиот период и од приливот на финансиски средства во 2025 година.

## 5. ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ

Реализацијата на подпрограмата ја врши Градоначалникот на Општина Кисела Вода преку Секторот за комунални работи, инфраструктура, сообраќај и заштита на животната средина.

## ПОДПРОГРАМА
## (Ј80)
## ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ

### 1. ВОВЕД
Со оваа Подпрограма се уредува:
- Извори на финансирање на подпрограмата
- Пресметување на трошоците за други комунални услуги
- Динамика на извршување на подпрограмата
- Преодни и завршни одредби

### 2. ИЗВОРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА
Подпрограмата Ј80 (други комунални услуги на подрачјето на Општина Кисела Вода) ќе се финансира од буџетот на Општината Кисела Вода за 2025 година

### 3. ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОДПРОГРАМАТА
Расходи за реализација, според намената и по поединечни видови на елементи се:

| Категорија | Ставка | Подставка | Опис на ставка | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|
| 42 | | | Стоки и Услуги | 2.900.000,00 |
| | 424 | | Поправки и тековно одржување | 800.000,00 |
| | | 424230 | Дезинфекција, дезинсекција и дератизација | 800.000,00 |
| | 425 | | Договорни услуги | 2.100.000,00 |
| | | 425940 | Рушење на објекти | 2.000.000,00 |
| | | 425980 | Надзор над изградба | 100.000,00 |

*** Образложение на подставките 424230**
Со оваа подставка, Општината обезбедува средства за дезинфекција, дератизација и дезинсекција. Целта на Општината е целосно покривање на канализационите шахти со средства против глодари, бубашваби, и други организми кои ја загрозуваат животната средина. Реализацијата на оваа подставка се одвива два пати годишно. (пролетна и есенска)

*** Образложение на подставките 425940**
Со оваа подставка, Општината обезбедува средства за рушење на објекти кои се бесправно изградени и не се во согласност со постоечкиот ДУП.

### 4. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА
Динамиката на извршување на подпрограмата ќе зависи од приливот на средства во Буџетот на Општината за 2025 година.

### 5. ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ
Реализацијата на подпрограмата ја врши Градоначалникот на Општина Кисела Вода преку Секторот за комунални работи, инфраструктура, сообраќај и заштита на животната средина.

**ПОДПРОГРАМА**
**(ЈА0)**
**ИЗГРАДБА НА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ**

## 1.ВОВЕД

Со оваа Подпрограма се уредува:

- Извори на финансирање на подпрограмата
- Пресметување на трошоците за изградба на јавно осветлување
- Динамика на извршување на подпрограмата
- Преодни и завршни одредби

## 2. ИЗВОРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА

Подпрограмата ЈА0 (Изградба на јавно осветлување на подрачјето на Општина Кисела Вода) ќе се финансира од буџетот на Општината Кисела Вода за 2025 година

## 3. ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОДПРОГРАМАТА

Расходи за реализација, според намената и по поединечни видови на елементи се:

| Категорија | Ставка | Подставка | Опис на ставка | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|
| 48 | | | Капитални Расходи | **3.200.000,00** |
| | 482 | | Други градежни објекти | **3.200.000,00** |
| | | 482110 | Подготвување на проекти и вршење на стручна ревизија | **100.000,00** |
| | | 482920 | Изградба на други објекти | **3.000.000,00** |
| | | | | |
| 48 | | | **Капитални расходи** | **100.000,00** |
| | 482 | | Други градежни работи | 100.000,00 |
| | | 482940 | Надзор над изградбата | 100.000,00 |

*** Образложение на подпрограмата 482920**

Општината обезбедува средства за изградба на нови линии за јавно осветлување на сервисни и станбени улици согласно Програмата за енергетска ефикасност и инсталирање на штедливи светилки и модернизација на постојниот систем, а со цел намалување на трошоците за одржување на уличното осветлување на територија на општината.

Изрдаба на линија за јавно улично осветлување на ул.Мариовска од магацин Треска до црква Свето Преображение на локација Теферич, ул.Петар Драпшин , парк во с.Драчево(место викано Дупки),скалите во Црниче,Подстаница, нас.Каменик, Пинтија и други парковски површини и сервисни улици.

## 4. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА

Динамиката на извршување ќе зависи од приливот на средствата во буџетот на Општината Кисела Вода за 2025 година, како и од наплатата на таксата за јавно осветлување.

## 5. ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ

Реализацијата на подпрограмата ЈА0 ја врши Градоначалникот на Општина Кисела Вода преку Секторот за комунални работи, инфраструктура, сообраќај и заштита на животната средина.

## ПОДПРОГРАМА
## (ЈД0)
## ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА И УЛИЦИ

### 1. ВОВЕД

Со оваа Подпрограма се уредува:

- Извори на финансирање на подпрограмата
- Пресметување на трошоците за изградба и реконструкција на локалните патишта и улици
- Динамика на извршување на подпрограмата
- Преодни и завршни одредби

### 2. ИЗВОРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА

- Подпрограмата ЈД0 (Изградба и реконструкција на локалните патишта и улици на подрачјето на Општина Кисела Вода) се финансира од средствата (капитални трансфери) од Агенција за Државни Патишта согласно Законот за Јавни Патишта, како и од дополнително издвоени средства од Буџетот на Општината Кисела Вода за 2025 година.

### 3. ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОДПРОГРАМАТА

Расходи за реализација, според намената и по поединечни видови на елементи се:

| Категорија | Ставка | Подставка | Опис на ставка | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|
| 48 | | | Капитални расходи | **188.858.757,00** |
| | 482 | | Други градежни работи | |
| | | 482110 | Подготвување на проекти, вршење на стручна ревизија | 1.500.000,00 |
| | | 482130 | Развојна програма ЈДВ<br>Развојна програма ЈДГ<br>Развојна програма ЈДЕ<br>Развојна програма ЈДТ<br>Развојна програма ЈДЛ<br>Развојна програма ЈДН<br>Развојна програма ЈДМ | 10.500.000,00<br>11.500.000,00<br>1.000.000,00<br>30.000.000,00<br>53.768.258,00<br>46.702.203,00<br>26.388.296,00 |
| | | 482930 | Реконструкција на други објекти | 6,000.000,00 |
| | | 482940 | Надзор над градбата | 1.500.000,00 |

*** Образложение на подпрограмата**

Капиталните расходи на оваа подпрограма се однесуваат на санација, реконструкција и изградба на локалните патишта согласно Законот за Јавни Патишта, изградба на пешачки патеки и тротоари, потпорни ѕидови, мостови и др.

*** подставка 482110**

Со оваа подставка се предвидува подготвување на проектна техничка документација за новопроектирани улици кои ќе се градат на територија на Општина Кисела Вода согласно усвоените ДУП-ови како и проектно техничка документација за санација и реконструкција на сервисните и станбените улици под надлежност на Општина Кисела Вода.

*** подставка 482130,482930**
11 Октомври бараки
Лазар Димитров,Трајко Иванов, Ефтим Спространов, Димитар Мирасчиев, Лав Толстој, ул1 Градинар,
11 Октомври згради
Ул Михаил Чаков,Ѓорѓи Сугаре, Петар Дељан,
Црниче
Банско 1, Неврокопска, Чедомир Кантарџиев
Пржино
Изградба на потпорен ѕид на спортскиот центар Славија
Бирарија
Санација на скали кон Црниче,ул Томе Арсовски, Фредерик Шопен
Цветан Димов
ул Ѓорѓи Димитров, ул Октомвриска револуција, Новопроектирана 8,
Дичо Петров,Балзакова, Дренак,
Кисела Вода
ул Козјак, Христо Татарчев крак 11, пешачка патека од стадионот Пржино до црква св Ѓорѓија Пинтија
Ул Саса 4,ул Саса2, ул 1439,ул 1438
Село Драчево
ул Мишевска, ул Герника со краците, пешачка патека Покрсти
Населба Драчево
Иван Хаџиниколов крак7, Славчо Стојменски, и други сервисни улици
Подстаница
Стаклара -Каменик
Краците на ул Борис Трајковски, 1519, Борис Трајковски крак34,улици низ стопански комплекс Стаклара
Припор
Изградба на потпорен ѕид на Христо Татарчев крак 14

***подставка 482220**
Реконструкција на мостот на ул Киро Фетак во Драчево

## 4. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА
Динамиката на извршување ќе зависи од приливот на средствата во буџетот на Општината Кисела Вода за 2025 година.

## 5. ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ
Реализацијата на подпрограмата ја врши Градоначалникот на Општина Кисела Вода преку Секторот за комунални работи, инфраструктура, сообраќај и заштита на животната средина.

**ПОДПРОГРАМА**
**(JE0)**
**ИЗГРАДБА НА ПРОСТОР ЗА ПАРКИРАЊЕ**

## 1. ВОВЕД

Со оваа Подпрограма се уредува:

- Извори на финансирање на подпрограмата
- Пресметување на трошоците за изградба на простор за паркирање
- Динамика на извршување на подпрограмата
- Преодни и завршни одредби

2. ИЗВОРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА

• Подпрограмата JE0 (Изградба на простор за паркирање на подрачјето на Општина Кисела Вода) ќе се финансира од средствата од Буџетот на Општината Кисела Вода за 2025 година.

## 3. ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОДПРОГРАМАТА

Расходи за реализација, според намената и по поединечни видови на елементи се:

| Категорија | Ставка | Подставка | Опис на ставка | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|
| 48 | | | Капитални расходи | **9.400.000,00** |
| | 482 | | Други градежни објекти | 9.400.000,00 |
| | | 482910 | Подготвување на проекти, вршење на стручна ревизија | 200.000,00 |
| | | 482930 | Развојна програма JEB | 9.000.000,00 |
| | | 482940 | Надзор над градбата | 200.000,00 |

*** Образложение на подставката 482910**

Со оваа подпрограма Општината Кисела Вода обезбедува средства за проектирање и изградба на нови простори за паркирање во урбаните средини а со цел растеретување на улиците и обезбедување подобар и побезбеден режим на сообраќајот.

*** Образложение на подставката 482930**

Изградба и реконструкција на постоечки паркинзи на територија на Општина Кисела Вода

## 4. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА

Динамиката на извршување ќе зависи од приливот на средствата во Буџетот на Општината Кисела Вода за 2025година.

## 5. ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ

Реализацијата на подпрограмата ја врши Градоначалникот на Општина Кисела Вода преку Секторот за комунални работи, инфраструктура, сообраќај и заштита на животната средина.

## ПОДПРОГРАМА
## (ЈФ0)
## ИЗГРАДБА НА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА

### 1. ВОВЕД

Со оваа Подпрограма се уредува:

- Извори на финансирање на подпрограмата
- Пресметување на трошоците за изградба на сообраќајна сигнализација
- Динамика на извршување на подпрограмата
- Преодни и завршни одредби

### 2. ИЗВОРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА

• Подпрограмата ЈФ0 (Изградба на сообраќајна сигнализација на подрачјето на Општина Кисела Вода) ќе се финансира од средствата од Буџетот на Општината Кисела Вода за 2025 година.

### 3. ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОДПРОГРАМАТА

Расходи за реализација, според намената и по поединечни видови на елементи се:

| Категорија | Ставка | Подставка | Опис на ставка | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|
| 48 | | | Капитални расходи | **4.300.000,00** |
| | 482 | | Други градежни објекти | 4.300.000,00 |
| | | 482910 | Подготвување на сообраќаен проект | 200.000,00 |
| | | 482920 | Изградба на други објекти | 4.000.000,00 |
| | | 482940 | Надзор над градбата | 100.000,00 |

*** Образложение на подпрограмата 482920**

Оваа подпрограма е целосно во согласност со Законот за Јавни патишта со кој се предвидува поставување и замена на сообраќајни знаци и заштитна опрема на локалните патишта и улици, односно поставување на хоризонтална и вертикална сигнализација,поставување на столбчиња на тротоари пред училишта и градинки и на сервисните улици под надлежност на Општина Кисела Вода.

### 4. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА

Динамиката на извршување ќе зависи од приливот на средствата во буџетот на Општината Кисела Вода за 2025 година.

### 5. ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ

Реализацијата на подпрограмата ја врши Градоначалникот на Општина Кисела Вода преку Секторот за комунални работи, инфраструктура, сообраќај и заштита на животна средина.

## ПОДПРОГРАМА
## (ЈГ0)
## ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ

1. **ВОВЕД**

Со оваа Подпрограма се уредува:

- Извори на финансирање на подпрограмата
- Пресметување на трошоците за изградба на системи за водоснабдување
- Динамика на извршување на подпрограмата
- Преодни и завршни одредби

**2. ИЗВОРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА**

• Подпрограмата ЈГ0 (Изградба на водоснабдителни системи) на подрачјето на Општина Кисела Вода ќе се финансира од средствата од Буџетот на Општината Кисела Вода за 2025 година.

**3. ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОДПРОГРАМАТА**

Расходи за реализација, според намената и по поединечни видови на елементи се:

| Категорија | Ставка | Подставка | Опис на ставка | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|
| 48 | | | Капитални расходи | **7.000,000,00** |
| | 482 | | Други градежни објекти | 7.000,000,00 |
| | | 482910 | Подготвување на проекти, вршење стручна ревизија | 500.000,00 |
| | | 482720 | Развојна програма ЈГГ<br>Изградба на капацитети за водоснабдување | 4.000.000,00<br>2.000.000,00 |
| | | 482940 | Надзор над градбата | 500.000,00 |

*** Образложение на подпрограмата**

Со оваа подпрограма, Општината Кисела Вода обезбедува средства за проектирање и изградба на нови систем за водоснабдување

*** подставка 482910**

Со оваа подставка се предвидува подготвување на техничка документација(проекти) за нови системи за водоснабдување кои ќе се градат на територија на Општина Кисела Вода,

*** подставка 482720**

Реконструкција и изградба на капацитети за водоснабдување:

Изградба на нови системи за водоснабдување ќе се врши согласно изготвените проекти за кои ќе има одобрение за градба ,на територија на општина Кисела Вода.

**4. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА**

Динамиката на извршување ќе зависи од приливот на средствата во Буџетот на Општината Кисела Вода за 2025година.

**5. ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ**

Реализацијата на подпрограмата ја врши Градоначалникот на Општина Кисела Вода преку Секторот за комунални работи, инфраструктура, сообраќај и заштита на животната средина.

**ПОДПРОГРАМА**
**(ЈИ0)**
**ИЗГРАДБА НА СИСТЕМ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ И ТРЕТМАН НА ОТПАДНИТЕ ВОДИ**

## 1. ВОВЕД

Со оваа Подпрограма се уредува:

- Извори на финансирање на подпрограмата
- Пресметување на трошоците за изградба на систем за одведување и третман на отпадните води
- Динамика на извршување на подпрограмата
- Преодни и завршни одредби.

## 2. ИЗВОРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА

• Согласно законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбаните отпадни води, Општината издвојува капитални расходи за оваа подпрограма кои се однесуваат на изградба, реконструкција и доградба на фекален канализационен систем и атмосферска канализација

## 3. ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОДПРОГРАМАТА

Расходи за реализација, според намената и по поединечни видови на елементи се:

| Категорија | Ставка | Подставка | Опис на ставка | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|
| 48 | | | Капитални расходи | **15.000.000,00** |
| | 482 | | Други градежни објекти | 15.000.000,00 |
| | | 482110 | Подготвување на проекти | 500.000,00 |
| | | 482920 | Развојна програма ЈИГ<br>Хидродинамично пробивање и чистење на фекална и атмосферска канализација | 8.000.000,00<br>6.000.000,00 |
| | | 482940 | Надзор над градбата | 500.000,00 |

*** Образложение на подпрограмата**

***подставка 482110**

Со оваа подставка се предвидува подготвување на проекти за фекален и атмосферски канализационен систем кои ќе се градат на територија на Општина Кисела Вода, фекална и атмосферска канализација во нас. Пинтија, фекална секундарна мрежа во Припор, атмосферска на ул. Томе Арсовски, и други.

***подставка 482920**

**ФЕКАЛНИ КАНАЛИЗАЦИОНИ СИСТЕМИ**

нас Пинтија,Димо Хаџи Димов,санација на дел од фекалниот систем во бабин дол нас Припор и други сервисни и станбени улици на територија на Општина Кисела Вода.

**АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИОНИ СИСТЕМИ**
ул Томе Арсовски нас Бирарија,и други сервисни и станбени улици на територија на Општина Кисела Вода.

## 4. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА

Динамиката на извршување ќе зависи од приливот на средствата во Буџетот на Општината Кисела Вода за 2025година.

## 5. ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ

Реализацијата на подпрограмата ја врши Градоначалникот на Општина Кисела Вода преку Секторот за комунални работи, инфраструктура, сообраќај и заштита на животната средина.

**ПОДПРОГРАМА**
**(ЈН0)**
**УРБАНА ОПРЕМА**

## 1. ВОВЕД

Со оваа Подпрограма се уредува:

- Извори на финансирање на подпрограмата
- Пресметување на трошоците за урбана опрема
- Динамика на извршување на подпрограмата
- Преодни и завршни одредби

## 2. ИЗВОРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА

• Општината обезбедува капитални средства за поставување на нова урбана опрема во веќе постоечките и новоизградените паркови, зелени површини, спортски и детски игралишта и на други локации. Овие средства се обезбедуваат од Буџетот на Општината Кисела Вода за 2025 година.

## 3. ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОДПРОГРАМАТА

Расходи за реализација, според намената и по поединечни видови на елементи се:

| Категорија | Ставка | Подставка | Опис на ставка | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|
| 48 | | | Капитални расходи | **31.400.000,00** |
| | 480 | | Купување на друга опрема | **31.400.000,00** |
| | | 480190 | Развојна програма ЈНБ<br>Купување друга опрема | 27.900.000,00<br>2.000.000,00 |
| | 482 | | Други градежни работи | **1.500.000,00** |
| | | 482110 | Подготвување на проекти | 1,000,000,00 |
| | | 482940 | Надзор над изградбата | 500.000,00 |

*** Образложение на подпрограмата 480190**

Со оваа подпрограма, Општината предлага поставување и реконструкција на урбана опрема (клупи и корпи за отпадоци), огласни табли, опрема за детски игралишта (лулашки, лизгалки, клацкалки и друго), опрема за спортски игралишта (стативи, кошови, мрежи и друго), уредување на скверови

## 4. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА

Динамиката на извршување ќе зависи од приливот на средствата во Буџетот на Општината Кисела Вода за 2025 година.

## 5. ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ

Реализацијата на подпрограмата ја врши Градоначалникот на Општина Кисела Вода преку Секторот за комунални работи, инфраструктура, сообраќај и заштита на средина.

**ПОДПРОГРАМА**
**(ЈК0)**
**ЈАВНА ЧИСТОТА-КАПИТАЛНИ РАСХОДИ**

## 1. ВОВЕД

Со оваа Подпрограма се уредува:

- Извори на финансирање на подпрограмата
- Динамика на извршување на подпрограмата
- Преодни и завршни одредби

## 2. ИЗВОРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА

• Општината обезбедува средстава за купување моторно товарно возило, нови машини за одржување на паркови. Овие средства се обезбедуваат од Буџетот на Општината Кисела Вода за 2025година.

## 3. ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОДПРОГРАМАТА

Расходи за реализација, според намената и по поединечни видови на елементи се:

| Категорија | Ставка | Подставка | Опис на ставка | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|
| 48 | | | Капитални Расходи | **300.000,00** |
| | 480 | | Купување на опрема и машини | 300.000,00 |
| | | 480190 | Купување на друга опрема | 300.000,00 |

***Образложение на подставката 480190**

За одржување на јавни зелени површини се јавува потреба за набавка на нова опрема ( тримери, дупчалки, моторни пили, косилици, и др)

## 4. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА

Динамиката на извршување ќе зависи од приливот на средствата во Буџетот на Општината Кисела Вода за 2025 година.

## 5. ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ

Реализацијата на подпрограмата ја врши Градоначалникот на Општина Кисела Вода преку Секторот за комунални работи, инфраструктура, сообраќај и заштита на животната средина.

## Р Е К А П И Т У Л А Р
## ПРОГРАМА (Ј) КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ

| | | |
|---|---|---|
| **Ј00** | Одржување на урбана опрема | **6.100 000,00** |
| **Ј30** | Јавно осветлување | **31.600 000,00** |
| **Ј40** | Јавна чистота | **14.600 000.00** |
| **Ј60** | Одржување и заштита на локални патишта и улици | **3.000 000.00** |
| **Ј80** | Други комунални услуги | **2.900 000.00** |
| **ЈА0** | Изградба на јавно осветлување | **3.200 000.00** |
| **ЈД0** | Изградба и реконструкција на локални патишта и улици | **9.000 000.00** |
| **ЈДВ** | Реконструкција на улиците во нас. Каменик | **10.500.000,00** |
| **ЈДГ** | Изградба и реконструкција на улици во нас. Расадник,Цветан Димов,Бирарија и Кисела Вода | **11.500.000,00** |
| **ЈДЕ** | Изградба на пешачка патека во с. Драчево м.в. Покрсти (втора фаза) | **1.000.000,00** |
| **ЈДЛ** | Изградба на потпорни ѕидови и уредување на коритото на р. Мала Рада | **53.768.258.00** |
| **ЈДТ** | Изградба,реконструкција на улици,пешачки патеки и потпорни ѕидови, Црниче,Пржино,Припор,Пинтија,нас.Драчево,с.Драчево,Градинар,11 Октомври(згради),11 Октомври (бараки) | **30.000.000,00** |
| **ЈДМ** | Реконструкција(рехабилитација) на коловоз,изградба на тротоар за патот кон манастир Пелeница | **26.388.296,00** |
| **ЈДН** | Реконструкција на постојна улична мрежа,коловоз на ул.„Ѓорѓи Димитров“ | **46.702.203,00** |
| **ЈЕ0** | Изградба на простор за паркирање | **400.000.00** |
| **ЈЕВ** | Изградба и реконструкција на простор за паркирање на територија на Општина Кисела Вода | **9.000.000,00** |
| **ЈФ0** | Изградба на сообраќајна сигнализација | **4.300.000.00** |
| **ЈГ0** | Изградба на системи за водоснабдување | **3.000.000.00** |
| **ЈГГ** | Изградба, реконструкција и одржување на водоснабдителни системи во нас.Драчево,с.Драчево,Бирарија,Црниче,Пржино,Цветан Димов,11 Октомври бараки и нас Кисела Вода | **4.000.000,00** |
| **ЈИ0** | Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води | **7.000.000.00** |
| **ЈИГ** | Изградба на фекална канализација во нас Каменик | **8.000.000,00** |
| **ЈН0** | Урбана опрема/капитални расходи/ | **3.500.000.00** |
| **ЈНБ** | Изградба на детски и спортски игралишта во нас Драчево,с.Драчево ,Градинар,Пинтија,Расадник,Кисела Вода,детски градинки и основни училишта во општина Кисела Вода | **27.900.000,00** |
| **ЈК0** | ЈАВНА ЧИСТОТА-КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | **300.000,00** |
| | **ВКУПНО** | 317.658.757,00 |

Програмата (Ј) Комунални дејности на општина Кисела Вода за 2025 година стапува во сила со денот на донесувањето, ќе се објави во, Службен гласник на Општина Кисела Вода, а ќе се применува од 01.01.2025година.

Број 09-11562/14
27 декември 2024 година
Скопје

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**

**за објава на Програма (Р) заштита на животната средина и природа на Општина Кисела Вода за 2025 година**

1. Со ова Решение се објавува Програмата (Р) заштита на животната средина и природа на Општина Кисела Вода за 2025 година, донесена на Четириесет и осмата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 27 декември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-309/12
15.01.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 1 и точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр.5/02), член 15, став 1, точка 1 алинеја 6 и точка 4 од Законот за Град Скопје (Сл.Весник на РМ бр.55/04 и бр.158/2011), член 95, став 3 од Закон за градежно земјиште (Сл.Весник на РМ бр.15/2015, бр.98/2015, бр.193/2015, бр.226/2015, бр.31/2016, бр.142/2016, бр190/2016) член 16, став 1, точка 1,алинеја 6 и точка 4, а во врска со член 34 од Статутот на општина Кисела Вода (Сл.Гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Советот на Општина Кисела Вода на Четириесет и осмата пленарна седница одржана на 27 декември 2024 година, донесе:

**ПРОГРАМА (Р)**

**заштита на животната средина и природа**
**на Општина Кисела Вода за 2025 година**

Програмата (Р) ја содржи подпрограма Р10 и подпрограмата РА

**Подпрограма**
**(Р10)**
**Заштита на животната средина и природа**

**1. Вовед**

Со оваа подпрограма се уредува:

- Извори за финансирање на Подпрограмата
- Пресметување на трошоците за заштита на животната средина и природа
- Начин на распределба за средствата за финансирање
- Динамика за извршување на Подпрограмите
- Преодни и завршни одредби

**2. ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА (Р10) и (РА0)**

Подпрограмите (Р10) и (РА) – Заштита на животната средина и природа ќе се финансира од Буџетот на Општина Кисела Вода.

**3. ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДА**

Трошоците за финансирање на подпрограмите Р10 и РА – Заштита на животната средина и природа се распоредени во следниот табеларен приказ:

| Категорија | Ставка | Потставка | Опис на ставка | Износ |
|---|---|---|---|---|
| | | | | **1.200.000,00** |
| 42 | | | **Стоки и услуги** | **1.200,000,00** |
| | 426 | | Други оперативни услуги | 200.000,00 |
| | | | Мерење на бучава | 200.000,00 |
| 46 | | | **Субвенции и трансфери** | **1.000.000,00** |
| | 464 | | Разни трансфери | 1.000.000,00 |
| | | 464990 | Други трансфери | 1.000.000,00 |

**4. ПОДПРОГРАМА (P10)**

*** Образложение за подставка 426990**

- Со оваа подпрограма, Општината обезбедува средства за:
  - чистење на депонии и друг отпад

Во програмата за чистење на депонии општината прави напори постоечките диви депонии да ги намали и да реализира оплеменување на просторот и изградба на урбани паркови. Потребно е да се обезбеди и инструмент за мерење на бучава

*** Образложение на подставките 464990**

Субвенционирање на стационарот за кучиња скитници Лајка

**Подпрограма**
**(РА)**
**Заштита на животната средина и природа – Капитални расходи**

*** Образложение на подпрограмата**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 48 | | | **Капитални расходи** | **11.300.000,00** |
| | **482** | | **Други градежни објекти** | 11.300.000,00 |
| | | 482920 | Развојна програма РАА<br>Развојна програма РАБ<br>Развојна програма РАВ | 4.000.000,00<br>5.500.000,00<br>1.500.000,00 |
| | | 482940 | Надзор над изградбата | 300.000,00 |

Со оваа подпрограма, Општината предлага изградба на нови зелени површини и реконструкција на постоечките, почитувајќи ја програмата за чиста и здрава средина.

***Подставка 482920**

Реконструкција и изградба на зеленило и паркови, хортикултурно уредување парк Шопен, парк позади МЗ Драчево, озеленување на Парк 11 октомври бараки, парк на ул Киро Фетак, Парк Срце, обнова на зелената површина покрај Трим Патеката и други зелени површини на територија на Општина Кисела Вода.
Поставување на мерни станици за мерење на амбиеталниот воздух

## 6. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Реализацијата на подпрограмата ја врши Градоначалникот на Општина Кисела Вода преку Секторот за комунални работи,инфраструктура,сообраќај и заштита на животната средина.
Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се објави во Службен гласник на Општина Кисела Вода, а ќе се применува од 01.01.2025 година.

Број 09-11562/15
27 декември 2024 година
Скопје

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**

**за објава на Програма (Џ 10) за еднакви можности на жените и мажите во Општина Кисела Вода за 2025 година**

1. Со ова Решение се објавува Програмата (Џ 10) за еднакви можности на жените и мажите во Општина Кисела Вода за 2025 година, донесена на Четириесет и осмата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 27 декември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-309/13
15.01.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 62, точка 1 и 2 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) член 37 и член 51 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/20“), член 14 од Законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на Република Македонија бр. 6/2012“), Закон за изменување и дополнување на Законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен Весник на Република Македонија“ бр. 166/2014), Советот на Општина Кисела Вода на Четириесет и осмата пленарна седница одржана на 27 декември 2024 година, донесе:

**ПРОГРАМА (Џ 10)**
**за еднакви можности на жените и мажите во Општина Кисела Вода**
**за 2025 година**

| Програма ( Џ 10) за еднакви можности на жените и мажите и во Општина Кисела Вода | |
|---|---|
| Град/општина | Општина Кисела Вода |
| **Сектор (организациона единица) надлежен за спроведување на програмата** | Комисија за еднакви можности на мажите и жените при Советот на Општина Кисела Вода |
| **Правна основа** | ✓ Законски обврски –Законот за еднакви можности на жените и мажите ( 6/2012) Закон за изменување и дополнување на Законот за еднакви можности на жените и мажите ( 166/2014), Закон за спречување и заштита од насислство (24/21) и Закон за спречување и заштита од дискриминација ( 258/20)<br><br>✓ Европска Повелба за рамноправност на мажите и жените во локалните заедници<br><br>✓ Инстамбулската конвенција за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство |
| **1. Вовед/опис на програмата** | - Оваа Програмата се донесува согласно со одредбите на Законот за еднакви можности кој ги задолжува сите јавни тела да усвојат посебни мерки за унапредување на родовата еднаквост за промоција и реализација на активности за еднакви можности како составен дел од нашата локална заедница. Еднаквите права на жените и мажите се клучни за унапредување на мирот, одржливата демократија и економскиот развој и се приоритетни цели на секоја институција која се залага за демократско општество |
| **2. Процес на донесување на програмата или идентификување на точки за подобрување** | Човекови права и еднаквост<br>Еднаквост на жени и мажи<br>Политика<br>Семејно насилство<br>Економија |
| **3. Цел на програмата или цели и опис** | Надминување на стереотипите и предрасудите за мажите и жените,<br>Подигнување на свеста за еднаквоста помеѓу жените и и мажите<br>Поддршка на секторите за воведување на мерки и индикатори за сензибилни програми за еднаквост на жените и мажите |

**4. Мерки (или тематска област) 5.**

Приоритетни цели предвидени во Програмата се:

**Мерка 1**

Обука за членови на Советот на родители во основните училишта и јавните детски градинки на територија на ОКВ за законските норми за препознавање и справување со семејно насилство

| Активност | Индикатори | Резултати | Временска рамка | Буџет | Носител на активност | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Обука за членови на Советот на родители во основните училишта и јавните детски градинки на територија на ОКВ за законските норми за препознавање и справување со семејно насилство | Семејно насилство | Намалување на насилство | Јануари 2025 | Општина Кисела Вода Ставка 425990 износ 15.000,00 ОКВ | ОКВ И Невладини организации и Здруженија на граѓани | Во Домот на културата |

**Мерка 2**

Работилница со Совет на жени претприемачи

| Активност | Индиктори | Резултати | Временска рамка | Буџет | Носител на активност | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Работилница со Совет на жени претприемачи | Економско јакнење на жената | Поголема вработеност и економски посилини жени | Февруари 2025 | Општина Кисела Вода Ставка 426990 Износ 5.000,00 ден | Окв и Невладини организации | Во домот на Културата |

**Мерка 3**

Работилница за правна помош за жени кои не ги знаат правата од работен однос

| Активност | Индиктори | Резултати | Временска рамка | Буџет | Носител на активност | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Работилница за правна помош за жени кои не ги знаат правата од работен однос | Заштита н правата на жените од работен однос | Заштитени права од работен однос и недискриминација на жени на работа | Март 2025 | ОКВ | ОКВ во соработка Народен правобранител и НО | |

**Мерка 4**

Доделување еднократна парична помош на жртви на семејно насислство на територија на ОКВ

| Активност | Индиктори | Резултати | Времен-ска рамка | Буџет | Носител на активност | Забе-лешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Доделување еднократна парична помош на жртви на семејно насислство на територија на ОКВ | Регистри-рани жртви на семејно насилство | Помош на жртвите за семејно насилство и охрабрување за пријавување на семејно насислств и спречување | Април 2025 | Општина Кисела Вода Ставка 464990 Износ 170.000,00 ден | Општина Кисела Вода | |

**Мерка 5**

Обука на интерсекторска група и КЕМ за запознавање со новини за законските норми за еднакви можности на жените и мажите

| Активност | Индиктори | Резултати | Времен-ска рамка | Буџет | Носител на активност | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Обука на интерсекторска група и КЕМ за запознавање со новини за законските норми за еднакви можности на жените и мажите | Подигнување на свеста и стручноста на секторите при изработка и мерење на индикатори во Годишните програми | Годишни програми со сензибили-тет за потребите на жените и мажите подеднакво | Мај 2025 | НО | ОКВ и НО и УН Вомен | |

**Мерка 6**

Спорт за мајки во социјален ризик

| Активност | Индиктори | Резултати | Времен-ска рамка | Буџет | Носител на активност | Забе-лешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Спорт за мајки во социјален ризик | Бесплатна рекреација за жени и мајки од социјално ранливите категории | Поздрави и посрекни мајки | Мај – јуни 2025 | Општина Кисела Вода Ставка 425990 Износ 20.000,оо ОКВ | ОКВ | |

**Мерка 7**

Подигнување на свеста за употреба на безбедна и квалитетна храна на жителите на Општина Кисела Вода

| Активност | Индиктори | Резултати | Временска рамка | Буџет | Носител на активност | Забе-лешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Подигнување на свеста за употреба на безбедна и квалитетна храна на жителите на Општина Кисела Вода | | Здрав живот среќни граѓани | Септември 2025 | Општина Кисела Вода | ОКВ и Невла-дини организа-ции и Здруже-нија на граѓани | Во Домот на култу-рата |
| 2 Проверка на Годишните програми од Секторите од КЕМ | 2 Неусогласени програми | Родово сензиивни програми | Септември 2025 | КЕМ и интер-сектор-ската група | ОКВ | ОКВ |

**Мерка 8**

Едукација и подигнување на свеста за машкото и женското здравје

| Активност | Индиктори | Резултати | Временска рамка | Буџет | Носител на активност | Забе-лешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Едукација и подигну-вање на свста за машкото и женското здравје | | Превенција и безбедбе-дно здравје | Октомври - ноември 2025 | Општина Кисела Вода | ОКВ и Невладини организиации | |

**Мерка 9**

Активности за 16 дена женски активизам

| Активност | Индиктори | Резултати | Времен-ска рамка | Буџет | Носител на активност | Забе-лешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Настан за подигање на свества кај жените за пријавување на насилство „Не си сама“ | Спречување на семејно насилство и секакво друго насилство врз жените и девојчињата | Безбедни и среќни жени | Ноември - декември 2025 | ОКВ и Но | ОКВ и Невладини организации | Во домот на културата |

| | |
|---|---|
| **6. Очекувани резултати од мерките** | Подигнување на свеста за еднаквите можности, следење собирање и анализирање на податоци, и следење на постигнатите резултати, како и мониторинг и евалуација на целата програма на резултатитие од мерките. |
| **7. Ризици** | Немање доволно средства за реализација, не доволна информираност на граѓаните, стареотипи и предрасуди |
| **8. Буџет на програмата и извори на финансирање** | **Мерка 1** - Обука за членови на Советот на родители во основните училишта и јавните детски градинки на територија на ОКВ за законските норми за препознавање и справување со семејно насилство - Општина Кисела Вода - ОКВ **-15.000,00 денари**<br>**Мерка 2** - Работилница со Совет на жени претприемачи - Општина Кисела Вода - ОКВ - **5.000,00 денари**<br>**Мерка 3** - Работилница за правна помош за жени кои не ги знаат права од работен однос- ке се бараат донации од невладин сектор или здрауженија на граѓани – Општина Кисела Вода<br>**Мерка 4** - Доделување еднократна парична помош на жртви на семејно насислство на територија на ОКВ **- 170.000,00 денари ОКВ**<br>**Мерка 5** - Обука на интерсекторска група и КЕМ за запознавање со новини за законските норми за еднакви можности на жените и мажите– Невладини организации<br>**Мерка 6** - Организирање на рекреативен спорт за жени мајки од социјален ризик во спортските сали **– ОКВ 20.000.00 со спортските клубови и НО**<br>**Мерка 7** - Подигнување на свеста за употреба на безбедна и квалитетна храна на жителите на Општина Кисела Вода - Невладини организации и Здруженија на граѓании<br>**Мерка 7.2** - Проверка на Годишните програми од Секторите од КЕМ<br>**Мерка 8.1** - Едукација и подигнување на свста за машкото и женското здравје - ОКВ и Невладини организации<br>**Мерка 9** - Настан за подигање на свеста кај жените за пријавување на насилство - **ОКВ** и Невладини организации<br>**Вкупно буџет – 210.000,00 денари** |
| **9. Кој ќе го следи извршувањето на програмата?** | Следење на реализацијата на мерките и мониторинг ќе врши Комисијата за еднакви можноси на ОКВ заедно со Интерсекторската група и координаторот со заменикот за еднакви можности во ОКВ Мониторингот и следењето ќе се врши со полугодишни извештаии за реализираното на основа на собрани податоци од интерсектроската институции невладин сектор и граѓански здруженија |
| **10. Завршни и преодни одредби** | Според согледаните резултати и извештаи за тековната година ќе се прави наредната Програма за еднакви можности на мажите и жените. |

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се објави во Службен гласник на Општина Кисела Вода, а ќе се применува од 01.01.2025 година.

Број 09-11562/16
27 декември 2024 година
Скопје

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**

**за објава на Програма (Н1) за основно образование за 2025 година и Програма (НА) основно образование - капитални трошоци за 2025 година**

1. Со ова Решение се објавува Програмата (Н1) за основно образование за 2025 година и Предлог - Програма (НА) основно образование - капитални трошоци за 2025 година, донесена на Четириесет и осмата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 27 декември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-309/14
15.01.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 8 и точка 13 и член 62 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/02), член 34, став 1, точка 8 и точка 41 од Статутот на Општина Кисела Вода (Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/20), Советот на Општина Кисела Вода на Четириесет и осмата пленарна седница одржана на 27 декември 2024 година, донесе:

## Програма (Н1) за основно образование за 2025 година и Програма (НА) основно образование - капитални трошоци за 2025 година

### 1.Вовед

Со оваа програма се уредува:

- Извори на финансирање на програмата
- Пресметување на трошоците
- Динамика на извршување на Програмата
- Преодни и завршни одредби

### 2. Извори и финансирање на Програмата за образование (Н1) за основно образование

- Општината обезбедува средства од Буџетот на Општина Кисела Вода за 2025 година.

### 3. Трошоци за реализација на Програмата

Расходи за реализација според намената и поединечни видови на елементи:

### ПРОГРАМА (Н1) ЗА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА 2025 ГОДИНА

| **1.** | **Ранче за прваче** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Во рамки на унапредување на училишните услови, како и во насока на финансиско олеснување на родителите на првачињата, општината ќе преземе значителни чекори кои се од заеднички интерес. Секое прваче во сите осум основни училишта на територија на Општина Кисела Вода, ќе добие бесплатно училишно ранче и училиштен прибор. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Подобрување на училишните услови и финансиско олеснување на родителите на првачињата |
| **Очекувани резултати:** | Успешен почеток на учебната година за секое прваче |
| **Целна група:** | Ученици ( машки/женски ) запишани во прво одделение во основните училишта |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 1.000.000,00 денари |
| **Трошоци:** | Јавна набавка на ранче за секое прваче |
| **Време на реализација** | 01 Септември 2025 година |

| **2.** | **Униформи за учениците од општинските основни училишта од општина Кисела Вода** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Набавка на униформи за учениците од општинските основни училишта од општината. Со почетокот на новата учебната година, учениците од општинските основни училишта во општина Кисела Вода ќе добијат бесплатни училишни униформи. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Да се постигне чувство на еднаквост меѓу учениците без поделби и разлики во начинот на облекување, а од друга страна, пак, на родителите да им се намалат трошоците за купување гардероба. |
| **Очекувани резултати:** | сите ученици да бидат облечени во иста облека и да се навикнат на соодветен кодекс на облекување со што основните училишта ќе ги достигнат стандардите на училиштата од европските метрополи. |
| **Целна група:** | Сите ученици од основните училишта |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 8.500.000,00 денари |
| **Трошоци:** | Јавна набавка на униформи за учениците од ООУ |
| **Време на реализација** | Септември 2025 година |

| **3.** | **Обезбедување на учениците и објектите во основните училишта** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Набавка на униформи за учениците од општинските основни училишта од општината. Со почетокот на новата учебната година, учениците од општинските основни училишта во општина Кисела Вода ќе добијат бесплатни училишни униформи.<br>Во насока на обезбедување на сигурноста и безбедноста на учениците во рамките на воспитно-образовниот процес и 24 часовно обезбедување на објектите на основните училишта предвидуваме општината да продолжи со проектот за физичко обезбедување на сите објекти од основните училишта, просториите и имотот во овие објекти. Професионалното обезбедување ќе подразбира контрола и преземање мерки на заштита и известување во случај на опасност од пожар, кражби и други нарушувања на приватноста на имотот, надворешно и внатрешно набљудување и обезбедување на објектите, како и постојана контрола во сите делови од објектите од страна на лиценцирани лица, задолжени за обезбедување. |
| **Стратешки насоки и цели:** | На тој начин, ќе се обезбеди целосно физичко и мобилно обезбедување на основните училишта во текот на целата година, без притоа да се оптоваруваат родителите со дополнителни трошоци. |
| **Очекувани резултати:** | Безбедни и сигурни училишта |
| **Целна група:** | Учениците, вработените и објектите во основните училишта |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 3.500.000,00 денари |
| **Трошоци:** | Јавна набавка за избор на лиценцирана агенција за обезбедување |
| **Време на реализација** | 2025 година |

| 4. | 5-ти Октомври - Светскиот ден на учителот |
|---|---|
| Опис на активности: | Воспитанието и образованието, како педагошки процеси меѓусебно се условени и дијалектички поврзани. Условите во кои се врши образованието ја определуваат и неговата цел, што значи изградување и развивање врз база и по пат на пренесување и усвојување на научени знаења, интелектуални, работни, технички, производни, хигиенски, културни и други вештини и навики. Без квалитетен наставен кадар нема квалитетно образование. Учителот е огледало, модел на позитивно однесување пред учениците, тој е нивен пријател, другар и придружник низ детството и младоста. Во таа насока, Општина Кисела Вода во насока на одбележување на 5-ти октомври Светскиот ден на учителот, сака да ги стимулира и мотивира одделенските, предметните наставници како и стручните соработници за уште поголема посветеност во работата со деца. |
| Стратешки насоки и цели: | Одбележување на Светскиот ден на учителот. |
| Очекувани резултати: | Подобрување на квалитетот во наставата и зголемување на посветеноста на наставниот и стручниот кадар во работата со ученици. |
| Целна група: | Одделенските, предметните наставници како и стручните соработници од ООУ |
| Предвидена финансиска рамка: | **300.000,00 денари** |
| Трошоци: | Награди за најдобрите наставници и стручни соработници |
| Време на реализација | 05 Октомври 2025 година |

| 5. | Ден на мајчиниот јазик |
|---|---|
| Опис на активности: | Јавен литературен и ликовен конкурс за учениците од ООУ. Негување на мајчиниот јазик – творење и поттикнување, оддавање признанија; |
| Стратешки насоки и цели: | Проширување на знаењата за историјата на мајчиниот јазик, улогата на дијалектот и друго. |
| Очекувани резултати: | Негување на мајчиниот јазик |
| Целна група: | Учениците од основните училишта |
| Предвидена финансиска рамка: | 30.000,00 денари |
| Трошоци: | Награди за учениците |
| Време на реализација | 21-ви февруари 2025 година |

| 6. | Награди за талентирани ученици од основните училишта на територија на Општина Кисела Вода |
|---|---|
| Опис на активности: | Доделување на парични награди за талентирани ученици од основните училишта заради постигнатиот успех, резултати, посветеност, квалитет на учениците во учебната година од повеќе области, од основните училишта кои се на територија на Општина Кисела Вода при реализација на многубројните проекти, за учество на државни и меѓународни акредитирани натпревари и освоено место на истите, општината доделува еднократна парична награда за талентираните ученици од повеќе области (уметност, наука, култура). |

| | |
|---|---|
| **Стратешки насоки и цели:** | Откривање, развој и поддршка на талентирани ученици. |
| **Очекувани резултати:** | Мотивација кај младите таленти за понатамошен развој и надградување на сопствената личност. |
| **Целна група:** | Талентирани ученици од основните училишта |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 1.000.000,00 денари |
| **Трошоци:** | Ваучери и парични награди за најдобрите ученици |
| **Време на реализација** | Мај – Јуни 2025 година |

| **7.** | **Летен спортско едукативен камп за учениците од ООУ на територијата на општина Кисела Вода** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Со овој проект предвидено е да се опфатат сите ученици од кои се запишани во редовна настава во основните училишта во Општина Кисела Вода, за кои е предвидено да се обезбеди бесплатен летен одмор во вид на спортско едукативен камп во некое познато летувалиште. Постапката ќе се спроведе според претходно утврдени услови и критериуми и пројавување на интерес по пат на јавен оглас. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Обезбедување на бесплатен летен одмор во вид на летен спортско едукативен камп за учениците (талентирани спортисти, талентирани ученици и ученици од социјално ранлива категорија) од основните училишта од ОКВ. |
| **Очекувани резултати:** | Рекреација, дружење, осамостојување, создавање на поголема одговорност и социјализација на учениците од основните училишта од ОКВ. |
| **Целна група:** | Талентирани спортисти, талентирани ученици и ученици од социјално ранлива категорија од ООУ |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 2.000.000,00 денари |
| **Трошоци:** | Превоз, сместување, храна |
| **Време на реазлизација** | Јули – Август 2025 година |

**Програма (Н1) ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**
**Табела 1**

| | |
|---|---|
| 1. Ранче за секое прваче | 1.000.000,00 денари |
| 2. Униформи за учениците од општинските основни училишта од општина Кисела Вода | 8.500.000,00 денари |
| 3.Обезбедување на учениците и објектите на основните училишта | 3.500.000,00 денари |
| 4. 5 –ти Октомври - Светскиот ден на учителот | 300.000,00 денари |
| 5. Одбележување на денот на Мајчиниот јазик | 30.000,00 денари |
| 6. Награди за талентирани ученици од основните училишта на територија на Општина Кисела Вода | 1.000.000,00 денари |
| 7. Летен спортско едукативен камп за учениците од ООУ на територијата на општина Кисела Вода | 2.000.000,00денари |
| Вкупно: | 16.330.000,00 денари |

Вкупно: Програма (Н1) ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ 16.330.000,00 денари.

**ПРОГРАМА (НА) ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**

**2. ПРОГРАМА – (НА) ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ) ЗА 2025 ГОДИНА:**

**II. ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРОГРАМАТА ПО ВИДОВИ РАСХОДИ СПОРЕД СЛЕДНИОТ ПРИКАЗ:**

**ПРОГРАМА (НА) ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**

**ВОВЕД**

Со оваа програма се уредува:

- Извори на финансирање на програмата
- Пресметување на трошоците за реконструкција на училишта
- Динамика на извршување на програмата
- Преодни и завршни одредби

**2. ИЗВОРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

Општината обезбедува капитални средства за реконструкција и уредување на Основните училишта од Буџетот на Општината Кисела Вода за 2025 година.

**2. ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА**

Расходи за реализација, според намената и по поединечни видови на елементи се:

**Табела 2**

| Ред бр. | Име на проектот | Предвидени средства |
|---|---|---|
| 1. | Изградба на ново основно училиште ООУ „Св.Климент Охридски“, с.Драчево – Општина Кисела Вода (Одлука за распределба на средства обезбедени во Потпрограма ТА изградба на основни училишта во категорија 48 Капитални расходи во Потпрограма ТВ изградба на училишни спортски сали во Категорија 48 Капитални расходи во Буџетот на Министерство за образование и наука за 2023 година ) | 80.000.000,00 денари |
| 2. | Доградба на ООУ „Кирил Пејчиновиќ“ – Општина Кисела Вода. (Договор за користење на финансиски средства потпишан помеѓу Министерство за образование и Општина Кисела Вода со бр. 08-11349/1 од 16.12.2024 година со кој се урадуваат начинот и постапката за користење на финансики средства предвидени согласно Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на образованието и науката за 2024 година, а кои се однесуваат за реализација на проектот „Доградба на ООУ „Кирил Пејчиновиќ“ – Општина Кисела Вода). | 20.690.096,00 денари |
| | **ВКУПНО** | 100.690.096,00 денари |

**Табела 3**

| Ред.бр. | ПРОГРАМИ | Предвидени средства |
|---|---|---|
| 1. | ПРОГРАМА (Н1) ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ | 16.330.000,00 денари |
| 2. | ПРОГРАМА (НА) ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ | 100.690.096,00 денари |
| 3. | ВКУПНО | 117.020.096,00 денари |

## 1. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Динамиката на извршување ќе зависи од приливот на средствата во Буџетот на Општина Кисела Вода за 2025 година.

## 2. ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ

Реализацијата на Програмата за основно образование (Н1) И (НА) ја врши Градоначалникот на Општината Кисела Вода преку Секторот за образование, предучилишно воспитување, спорт и култура.

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода.

Број 09-11562/17
27 декември 2024 година
Скопје

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**

**за објава на Програма за култура (К) културни манифестации и творештво за 2025 (К4), Програма за работа на Дом на култура Билјана Беличанец - Скопје за 2025 година (К4) и Предлог – Програма културни манифестации и творештво - капитални трошоци за 2025 година (КА)**

1. Со ова Решение се објавува Програмата за култура (К) културни манифестации и творештво за 2025 (К4), Програма за работа на Дом на култура Билјана Беличанец - Скопје за 2025 година (К4) и Предлог – Програма културни манифестации и творештво - капитални трошоци за 2025 година (КА), донесена на Четириесет и осмата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 27 декември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-309/15
15.01.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 22, став 1 точка 5 и точка 13, член 62, точка 1 и 2 од Законот за локална самоуправа („ Службен весник на РМ " бр. 5/02), член 34 став 1, точка 41 од Статутот на општина Кисела Вода („Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр.1/2020), Одлука број 09-4117/4 („Службен гласник на општина Кисела Вода бр. 5/2016"), Советот на Општина Кисела Вода на Четириесет и осмата пленарна седница одржана на 27 декември 2024 година, донесе:

## ПРОГРАМА

### за култура (К) културни манифестации и творештво за 2025 (К4), Програма за работа на Дом на култура Билјана Беличанец - Скопје за 2025 година (К4) и Програма културни манифестации и творештво - капитални трошоци за 2025 година (КА)

**Вовед**

Со оваа програма се уредува:

- Извори на финансирање на програмата
- Пресметување на трошоците
- Динамика на извршување на Програмата
- Преодни и завршни одредби

1. Извори и финансирање на Програмата за култура (К4) културни манифестации и творештво.

- Општината обезбедува средства од Буџетот на општина Кисела Вода за 2025 година.

2. Трошоци за реализација на Програмата

Расходи за реализација според намената и поединечни видови на елементи

### ПРОГРАМА ЗА КУЛТУРА (К4) КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО ЗА 2025 ГОДИНА

| | |
|---|---|
| **Проект 1** | **ВОДИЦИ** – ФРЛАЊЕ НА КРСТОТ |
| **Опис на активности** | Возобновена културна манифестација на 19 јанури, по повод верскиот празник Богојавление се фрла светиот Крст во водите на базенот„Расадник" |
| **Стратешки насоки и цели:** | **Зачувување, негување и чествување на верските празници и традицијата.** |
| **Временска рамка** | **19.01.2025 година** |
| **Очекувани резултати:** | Негување на верската традиција |
| **Целна група:** | Жителите на Општина Кисела Вода |
| **Предвидена финансиска рамка** | 70 000,00 денари |
| **Организатор** | Општина Кисела Вода |
| **Трошоци** | **Награда за најсреќниот/најсреќната за фаќање на светиот Крст.** |

| | |
|---|---|
| **Проект: 2** | **Одбележување на Националниот празник на Унгарците** |
| **Опис на активности** | Положување на свежо цвеќе на споменикот на Шандор Петефи, унгарски поет и револуционер што се наоѓа во истоимениот парк во населба Драчево во соработка со Амбасадата на Р.Унгарија во Р. Македонија. Пред бистата се читаат наградените творби на учениците и ученичките кои се избрани на „Конкурсот“ спроведен во основните училишта во Кисела Вода. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Развој на билатералните односи на Р.Македонија со Р.Унгарија |
| **Временска рамка** | **15.03.2025** |
| **Очекувани резултати:** | Развој на билатерални односи |
| **Целна група:** | Ученици од основните училишта во Кисела Вода и сите жители на Општина Кисела Вода и пошироко |
| **Предвидена финансиска рамка** | 35.000,00 денари |
| **Организатор** | Општина Кисела Вода |
| **Трошоци** | **награда за учениците, организација на настанот** |

| | |
|---|---|
| **Проект 3** | **ПАТРОНЕН ПРАЗНИК НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА – ЃУРЃОВДЕН 6-ти МАЈ** |
| **Опис на активности** | Положување на свежо цвеќе на споменикот на Шандор Петефи, унгарски поет и револуционер што се наоѓа во истоимениот парк во населба Драчево во соработка со Амбасадата на Р.Унгарија во Р. Македонија. Пред бистата се читаат наградените творби на учениците и ученичките кои се избрани на „Конкурсот“ спроведен во основните училишта во Кисела Вода.<br>По повод Патрониот празник на Општина Кисела Вода пред ДОМОТ НА КУЛТУРА БИЛЈАНА БЕЛИЧАНЕЦ, се организира културно-забавен настан со содржини прилагодени за сите возрасти, мини музички концерти, настап на културно уметнички друштва... Девојчиња со цвеќиња и момчиња ќе го најават прославувањето на празникот во паркот„Македонија“, во непосредна близина на храмот Св.Ѓорѓија. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Зачувување на традицијата и запознавање на младата популација со обичаите и значењето на верскиот празник Свети Ѓорѓија кој е востановен пред 26 години како Патронен празник на Општина Кисела Вода. По повод верскиот празник Ѓурѓовден ќе се организира ликовен конкурс –Сликање на икона на светецот Св. Георгиј победоносец. Иконите ќе бидат подарени на општествено одговорни компании од Кисела Вода. |
| **Временска рамка** | **06.05.2025 година** |
| **Очекувани резултати:** | Негување на активностите на националните верски и културни традиции |
| **Целна група:** | Сите жители на Општина Кисела Вода |
| **Предвидена финансиска рамка** | 45.000,00 денари |
| **Организатор** | **Општина Кисела Вода** |
| **Трошоци** | **Награди за учесниците кои ќе цртаат икони, други трошоци.** |

| **Проект 4** | **ПУШКИНОВИ ДЕНОВИ** |
|---|---|
| **Опис на активности** | Положување свежо цвеќе пред спомен обележјето на рускиот поет Александар Сергеевич Пушкин и настан за Денови на рускиот јазик (музичка и литературна приредба од ученичките и учениците кои изучуваат руски јазик) |
| **Стратешки насоки и цели:** | Соработка со Руската Амбасада |
| **Временска рамка** | **06 - 10 јуни 2025 година** |
| **Очекувани резултати:** | Соработка со Руската Амбасада |
| **Целна група:** | Културолошки настан за сите жители на Општина Кисела Вода |
| **Организатор** | Општина Кисела Вода |

| **Проект 5** | **КУЛТУРНО ЛЕТО И ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА 70 РОДЕНДЕН НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА** |
|---|---|
| **Опис на активности** | Положување на свежо цвеќе на споменикот на Шандор Петефи, унгарски поет и револуционер што се наоѓа во истоимениот парк во населба Драчево во соработка со Амбасадата на Р.Унгарија во Р. Македонија. Пред бистата се читаат наградените творби на учениците и ученичките кои се избрани на „Конкурсот“ спроведен во основните училишта во Кисела Вода. Традиционална културна манифестација која ќе трае подолг временски период во деновите од јуни и јули и ќе изобилува со разновидни културни содржини, (концерти со музички артисти од нашата држава и од балканските простори, театарски претстави, Коријада, хепенинг и друго) наменети за различни целни групи кои ќе се одржуваат во парковите во Општина Кисела Вода, на Верско - рекреативниот центар „Три Круши“ и во Домовите на културата во општината. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Културниот и уметничкиот потенцијал на Општината |
| **Временска рамка** | **Јуни/јули 2025** |
| **Очекувани резултати:** | Во програмата ќе бидат застапени познати музички артистки и артисти, музички групи од Македонија и пошироко |
| **Целна група:** | Жителите на Општина Кисела Вода и Град Скопје |
| **Предвидена финансиска рамка** | 6.000.000,00 денари |
| **Организатор** | Економски оператор кој треба да обезбеди услови за културните настани. |
| **Трошоци** | **Бина со озвучување и со заштитна ограда на повеќе локации, хонорар за соло пејачки, пејачи или групи од домашната и странската музичка сцена, обезбедување, надоместок на ЗАМП, амбулантно возило, огномет и други услуги за организирање на културно-уметнички настан за сите генерации( Сето тоа ќе го спроведе Агенција за одржување настани)** |

| Проект 6 | **ЛИКОВНА КОЛОНИЈА** |
|---|---|
| **Опис на активности** | Во деновите на Културно лето пред јубилејниот роденден на Општината ќе има Втора ликовна колонија во верско - рекреативниот центар „Пеленица“, живописно место во Општина Кисела Вода каде во дворот се наоѓа манастирот Св. Руса Среда. На ликовната колонија ќе учествуваат уметници од кај нас и од странство кои пет дена ќе доаѓаат и ќе творат во верскиот рекреативен центар. Еден до два дена на престојот во Пеленица ќе се одржи Работилница на која ќе учествуваат ученици од нашите основни училишта од 8 и 9 одделение (8 момчиња и 8 девојчиња) со посебни афинитети кон ликовната уметност. Работилницата со учениците ќе биде за демонстрација на техники кои учениците ќе можат да ги применат. Крајот на Ликовната колонија ќе биде означен со заедничка изложба на сликите кои ќе се врамат по изложбата и ќе бидат подарени на компании кои покажуваат општествена одговорност за важни проекти за Општина Кисела Вода. На роденденот на Општината (29 Јуни) градоначалникот на учениците кои ќе учествуваат на Ликовната колонија ќе им додели Благодарница, а на уметниците ќе им бидат поделени статуетки за трајно дело по примерот од претходните години. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Со манифестацијата „Ликовна колонија“ се збогатува културниот капацитет и потенцијал на Општината и истата се збогатува со дела од реномирани автори од регионот и пошироко кои ќе бидат изложени во Домовите на културата во Општината, а сликите ќе бидат врамени и подарени на нашите соработници и соработнички |
| **Временска рамка** | **Јуни 2025** |
| **Очекувани резултати:** | Збогатување на културниот капацитет на Општината |
| **Целна група:** | Уметници и талентирани ученици |
| **Предвидена финансиска рамка** | 50,000,00 денари |
| **Организатор** | Општина Кисела Вода |
| **Трошоци** | **Закуска, пијалоци, прехрана и сместување (за уметниците од странство)** |

| Проект 7 | **Ден на музиката на Шопен во паркот „Шопен“** |
|---|---|
| **Опис на активности** | Чествување на музичкото творештво на великанот Фредерик Шопен, популаризирање на класичната музика и промовирање на општо цивилизациските вредности од културата и уметноста кои ќе се реализираат во Парк Шопен и Дом на култура „Билјана Беличанец“ или Дом на култура во Драчево. На концертот ќе бидат поканети ученици и ученички од нашите основни училишта од 9 одделение. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Популаризирање на класичната музика Афирмација на младите и студентите по класична музика од Кисела Вода и градот Скопје |
| **Временска рамка** | **17.10.2025 година** |
| **Очекувани резултати:** | Развој на билатерални односи со Полска Позиционирање на Кисела Вода како центар на музичките активности |

| | |
|---|---|
| **Целна група:** | Жителите на Општина Кисела Вода |
| **Организатор** | Општина Кисела Вода |

| | |
|---|---|
| **Проект 8** | **ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ЗДРУЖЕНИЈА ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА И УМЕТНОСТА И НА УМЕТНИЦИ И ДРУГИ КУЛТУРНИ РАБОТНИЦИ во Општина Кисела Вода и Градот Скопје** |
| **Опис на активности** | Финансиска поддршка за реализација на проекти од културата и уметноста на Здруженија и афирмирани уметници, млади - талентирани од областа на културата и уметноста во Општината и Градот Скопје. Со доделување на еднократна финансиска поддршка ќе се овозможи реализација на концерти, изложби, претстави, рецитали како и за печатење каталози, книги, видео спотови со што ќе придонесат за афирмација на општината и Градот Скопје. Сите проекти задолжително ќе бидат изведувани на територија на Општина Кисела Вода.<br>При изборот на проектите од Јавниот повик како и претходната година подеднакво ќе бидат застапени жените и мажите кои ќе аплицираат на повикот. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Поддршка на културно-уметничките работнички и работници за проекти со кои ќе се овозможи реализација на повеќе културни настани, промовирање на креативниот потенцијал на Општина Кисела Вода |
| **Временска рамка** | **Април- декември 2025** |
| **Очекувани резултати:** | Поддршка на дваесетина проекти |
| **Целна група:** | Уметници, здруженија на музичари, балетски здруженија, фолклорни друштва, уметници аматери,просветни работници, театарски групи |
| **Предвидена финансиска рамка** | 1.800.000,00 денари |
| **Организатор** | Општина Кисела Вода |
| **Трошоци** | **Просторија од Домот на култура „Билјана Беличанец“ и Домот на култура во Драчево, Општина Кисела Вода** |

| | |
|---|---|
| **Проект 9** | **УРБАН ФЕСТ** |
| **Опис на активности** | Вклучување на младите во организацијата на фестивалот. Програмска шема на фестивалот: изработка на мурали и графити, настап на музички групи, повеќе видови на работилници, предавања на теми кои ја засегнуваат прогресивна младина, продажни штандови со различни содржини (ракотворби, минијатурни ликовни изработки, музички плочи, цедеа, стари инструменти, книги, стрипови и слично).<br>Се планира фестивалот да се организира во месец септември или октомври, а истиот би се организирал во соработка со јавна институција и/или со граѓански здруженија и изведувачи кои ќе се пријават во текот на годината. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Развивање на урбаната култура, пред сè културата која директно ги засега младите. Фестивалот финансиски ќе биде поддржан од Општина Кисела Вода во соработка со други јавни институции, здруженија и организации. |

| | |
|---|---|
| **Временска рамка** | **Септември-октомври 2025 година** |
| **Очекувани резултати:** | Развој на урбаната култура на девојките и момчињата |
| **Целна група:** | Млади девојки и момчиња од Општина Кисела Вода |
| **Предвидена финансиска рамка** | 300.000,00 денари |
| **Организатор** | Општина Кисела Вода, Дом на култура „БИЛЈАНА БЕЛИЧАНЕЦ “ |
| **Трошоци** | **Бина со озвучување, хонорар за соло пејачки, пејачи или групи од домашната музичка сцена, надоместок за ЗАМП, обезбедување, штандови за ракотворби, бои за графити и други услуги за организирање на културно-уметнички настан за млади ( Сето тоа ќе го спроведе Агенција за одржување настани)** |

| | |
|---|---|
| **Проект 10** | **ХОРСКА СМОТРА** |
| **Опис на активности** | Со цел истакнување на талентот на ученичките и учениците, училишните хорови од сите осум основни училишта во Општина Кисела Вода настапуваат на заеднички концерт под мотото „Пееме во хор, пееме и соло”. Концертот не е со натпреварувачки карактер туку е можност на секое од ООУ да се претставаат со свои изведби по свој избор и претставува дружење и меѓусебна соработка на учениците и наставниците и наставничките по музичко образование од основните училишта, како и размена на нивните искуства. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Поттик и мотивирање на ученичките и учениците да го истакнат својот талент |
| **Временска рамка** | **Мај-јуни 2025** |
| **Очекувани резултати:** | Препознавање на таленти |
| **Целна група:** | Ученичките и учениците кои учествуваат во хорско пеење или имале соло настап од Општинските основни училишта. |
| **Организатор** | Општина Кисела Вода |

| | |
|---|---|
| **Проект 11** | **ПРЕДНОВОГОДИШНА ЗАБАВА** |
| **Опис на активности** | Во пресрет на новогодишните празници Општина Кисела Вода организира забава каде што жителите од сите возрасти ќе имаат можност предновогодишно да се забавуваат и да се опуштат со звуците на различен жанр на музика, а најмалите ќе уживаат во детска претстава со нивните омилени ликови.<br>Дечињата ќе имаат можност да присуствуваат на возбудливи претстави , како и да уживаат во забавата со интересните пантомимичари, артисти и забавувачи,<br>Весела претпразнична атмосфера со разновидни забавни активности, хепенинг, новогодишни пакетчиња и многу изненадувања кои ќе создадат уникатност во предновогодишната приказна. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Поттикнување на интерес и љубов на децата кон театарската уметност,културата. Создавање весело расположение кај сите жители на Општина Кисела Вода |
| **Временска рамка** | Предновогодишните празници |

| | |
|---|---|
| **Очекувани резултати:** | Забава за децата и поттикнување на нивна интеракција и креативност, Весело расположение кај сите генерации |
| **Целна група:** | Жители од сите возрасти |
| **Предвидена финансиска рамка** | 2.800.000,00 денари |
| **Организатор** | Економски оператор кој треба да обезбеди услови за предновогодишната забава |
| **Трошоци** | **Бина со озвучување и со заштитна ограда, хонорар за соло пејачи или музички групи, обезбедување, надоместок на ЗАМП, амбулантно возило, огномет и други услуги за организирање на културно-уметнички настан за сите генерации** |

| **Проект 12** | **Музичка аудиција за талентирани ученици** |
|---|---|
| **Опис на активности** | Аудиција за млади талентирани ученички и ученици кои што свират на музички инструменти или ученици кои имаат талент за пеење. Најуспешниот ученик и ученичка својот талент би го покажал/а на некој настан организиран од Општина Кисела Вода |
| **Стратешки насоки и цели.** | Откривање на музички таленти од Општина Кисела Вода и поттикнување на љубовта кон музиката и пеењето кај младите |
| **Временска рамка** | **Мај – јуни 2025** |
| **Очекувани резултати** | Со поддршката од општина Кисела Вода да се отворат можности за нови музички предизвици |
| **Целна група** | Ученици и ученички од општинските основни училишта од 1во до 9то одделение |
| **Предвидена финансиска рамка** | 50,000.00 денари |
| **Организатор** | Општина Кисела Вода |
| Трошоци | награда за талентираните |

**Тековни трошоци:**

1.Бина и озвучување.........................................................................**1.000.000,00 денари**

Со цел реализирање на настани по барање од Секторите во Општина Кисела Вода до Одделението за култура соогласно техничката спецификација на склучениот Договор со Агенцијата ќе се обезбеди бина, озвучување и светлосни ефекти за организирање на настани на територија на Општина Кисела Вода.

2. Сликарски материјали..................................................................**150.000,00 денари**

За потребите на организирање на настани според *ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА* за КУЛТУРА(К4) за Културни манифестации ќе се набават материјали за цртање и сликање за проектите во кои ќе бидат вклучени ученици од општинските основни училишта.

3.Други оперативни трошоци............................................................. **100.000.00 денари**

4. Комисија и договорни услуги........................................................ **800.000,00 денари**

За потребите на организирање на настани според Предлог Програмата за култура (К 4) за културни манифестации потребно е декорации за настани, балони и разни реквиизити кои ќе се набават според потребите на Одделението за култура.

| | |
|---|---|
| 1. ВОДИЦИ – ФРЛАЊЕ НА КРСТОТ | 70.000,00 денари |
| 2. ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНИОТ ПРАЗНИК НА УНГАРЦИТЕ | 35.000,00 денари |
| 3. ПАТРОНЕН ПРАЗНИК НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА – ЃУРЃОВДЕН 6-ти МАЈ | 45.000,00 денари |
| 4. ПУШКИНОВИ ДЕНОВИ | 0 денари |
| 5. КУЛТУРНО ЛЕТО И ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА РОДЕНДЕНОТ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА | 6.000.000,00 денари |
| 6. ЛИКОВНА КОЛОНИЈА | 50.000,00 денари |
| 7. Ден на музиката на Шопен во паркот „Шопен“ | 0 денари |
| 8. ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ЗДРУЖЕНИЈА ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА И УМЕТНОСТА И НА УМЕТНИЦИ И ДРУГИ КУЛТУРНИ РАБОТНИЦИ ОД ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА | 1.800.000,00 денари |
| 9. УРБАН ФЕСТ | 300.000,00 денари |
| 10. ХОРСКА СМОТРА | 0 денари |
| 11. ПРЕДНОВОГОДИШНА ЗАБАВА | 2.800.000,00 денари |
| 12. МУЗИЧКА АУДИЦИЈА ЗА ТАЛЕНТИРАНИ УЧЕНИЦИ | 50.000,00 денари |
| 13. БИНА И ОЗВУЧУВАЊЕ | 1.000.000,00 денари |
| 14. Сликарски материјали | 150,000,00 денари |
| 15. Други оперативни трошоци | 100.000,00 денари |
| 16. Комисија, договорни и авторски услуги | 800.00.00 денари |
| **Вкупно:** | **13.200.000,00 ден.** |

**Вкупно: Програма за култура (К4)................................................. 13.200.000,00 денари**

**Програма (КА)**
**Културни манифестации и творештво – капитални трошоци за 2025 година**

1. Вовед
Со оваа програма се уредува:
- Извори на финансирање на програмата (КА)
Општината обезбедува средства од Буџетот на општина Кисела Воца за 2025 година
- Динамика на извршување на Програмата
- Преодни и завршни одредби
2. Трошоци за реализација на програмата
3. Расходи за реализација според намената и поединечни видови на елементи

***ПРОГРАМА* за КУЛТУРА (К4) за Културни манифестации**

**Поставување спомен обележје во чест на Цветан Димов** - познат меѓу народот како Целе Чаирчанец, (Скопје, 5 март 1910 - Скопје, 9 јули 1942) — македонски комунист, синдикалец, и учесник во НОБ. Заедно со Орце Николов бил еден од најистакнатите организатори на работничкото и комунистичкото движење во Скопје помеѓу двете светски војни. На 26 јули 1945 година, е прогласен за народен херој на Југославија, како еден од првите борци од Македонија кои го добиле тоа одликување.
**Локација:** Крстосница меѓу улица "Божидар Аџија и " улица "Христо Татарчев"
**Потребни средства..............................................................300.000.00 денари**

**Поставување на спомен обележје во чест на Сергеј Есенин познат руски и светски поет (1895 – 1925):** На иницијатива на амбасадата на Руската Федерација во Република Македонија, Град Скопје и во соработка со Општината Кисела Вода ќе се постави биста излеана со бронза со ликот на Сергеј Есенин.
Бистата ке биде донација од Руската амбасада.
**Локација:** Во паркот на улица "Есенинова"

**Поставување на спомен обележје во чест на Невена Георгиева Дуња** - По иницијатива на вработените и директорката на училиштето, а согласно Програмата за поставување спомен обележја во Општина Кисела Вода за период 2020- 2025 година ќе се постави спомен-обележје на Патронот на училиштето,Невена Георгиева-Дуња". Финансиските средства ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Кисела Вода, Програма КАО-Културни манифестации и творештво(капитални трошоци и изградба на други објекти).
**Локација:** Во ООУ„Невена Георгиева Дуња", Општина Кисела Вода
**Потребни средства...............................................................................200.000,00 денари**

**Поставување на спомен обележје во чест на Круме Кепески** - По иницијатива на вработените и директорката на училиштето, ќе се постави спомен-обележје на Патронот на училиштето,Круме Кепески". Финансиските средства ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Кисела Вода, Програма КАО-Културни манифестации и творештво(капитални трошоци и изградба на други објекти).
**Локација:** Во ООУ„Круме Кепески", Општина Кисела Вода
**Потребни средства...............................................................................200.000,00 денари**

**(КА) Културни манифестации и творештво- капитални трошоци**
**Поставување спомен-обележја на истакнати личности од општина Кисела Вода**

| | |
|---|---|
| 1.Поставување спомен обележје на Цветан Димов | 300.000,00 ден. |
| 2.Поставување на спомен обележје на познатиот руски и светски поет Сергеј Есенин | Без финансиски средства |
| 3.Поставување спомен обележје на партизанката Невена Георгиева Дуња | 200.000,00 ден. |
| 4.Поставување на спомен обележје на Круме Кепески | 200.000,00 ден. |
| Вкупно ........................................................................ | 700.000,00 ден. |

**Вкупно: Програма (К4) и Програма (КА)**
***БУЏЕТ И ПРОГРАМА*** **за КУЛТУРА (К4) за Културни манифестации и творештво 2025 ........................................... 13.200.000,00 денари**

**(КА) Културни манифестации и творештво- капитални трошоци**
**Поставување спомен-обележја на истакнати личности од општина Кисела Вода.......................................................................................... 700.000.00 ден.**

| | | |
|---|---|---|
| ВКУПНО | Предлог- Буџет за Програма за култура К | 13.900.000,00 денари |

## ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ДОМ НА КУЛТУРА БИЛЈАНА БЕЛИЧАНЕЦ ЗА ПРЕТСТОЈНАТА 2025 година

Предлог програмата за работа на Домот на култура „Билјана Беличанец“ е конципирана врз основа со согледувањата и анализите направени врз објективната состојба и потреби на граѓаните во Општина Кисела Вода. Како институција од колтурата, Домот на култура Билјана Беличанец првенствено ќе се грижи за задоволување на културните потреби на граѓаните од Општина Кисела Вода.

Согласно согледувањата, предлог програмата е конципирана во 4 сегменти:

• Општина Кисела Вода
- За потребите на Општината и општинската администрација
- Сектор за образование, предучилишно воспитување, спорт и култура – Одделение за култура.

**- Аматерска програма**

Задоволување на потребите на правни субјекти кои функционираат на територијата на Општина Кисела Вода

**а) Градинки**

Одбележување на патрониот празник и пригодни приредби од важност на територијата на општина Кисела Вода

**б) Основни и средни училишта**

- Одбележување на патрониот празник и пригодни приредби од важност за градинката
- Овозможување за изведба на изложби, драмска уметност, музичка и ликовна секција.
- Училишни општински натпревари на училиштата од Општина Кисела Вода или Училишни градски натпревари (драмска, музички/хорски изведби)

**в) Здруженија на граѓани со посебни потреби**

- Отстапување на простор за јавно прикажување на активностите на лицата со посебни потреби

**г) Здруженија на пензионери**

- Отстапување на простор за јавно прикажување на активностите на здруженијата на пензионери од Општина Кисела Вода

Горенаведените здруженија, училишта, градинки и општината просториите на Домот на култура Билјана Беличанец ќе ги добиваат без надоместок во договор со директорот на домот.

**- Професионална програма за задоволување на културните потреби на граѓанките и граѓаните на Општина Кисела Вода:**

- Сопствена продукција: Театарски претстави, со финансиска поддршка од Општина Кисела Вода.
- Кино: Прикажување на филмови во соработка со „КИНОВЕРЗУМ“
- Гостување на реномирани театарски и други установи од областа на култура од Републиката и странство, со финансиска поддршка на Општина Кисела Вода.

**- Изнајмување на простор**

- Изнајмување на простор за разни културни настани и други манифестации на принцип на одредување на цена по термин според Ценовникот за термини во просториите на јавната установа Дом на култура„Билјана Беличанец“

**Вака концепираната програма за работа опфаќа задоволување на културните потреби на голем број на граѓанки и граѓани на Општина Кисела Вода притоа водејќи грижа за сите категории на граѓани, како и за сите возрасни групи.**

Програма за работа на Дом на култура „Билјана Беличанец“ - Скопје за 2025 година (К4)
Пред се приспособување на подрумот на домот во галериски простор
(барање бр.08-3747 на ден 02.05.2023год.)

| | |
|---|---|
| 1. Проект | **Ликовен израз / промоција на ликовни автори од Општина Кисела Вода** |
| Опис на активноста | Двомесечна маркетинг и ликовна поставка -изложба на дела на уметници од Општина Кисела Вода |
| Стратешки насоки и цели | Афирмирање на ликовните уметници од Општината Кисела Вода и негување и возвишување на ликовната култура од сите сфери |
| Временска рамка | Двомесечно до крајот на 2025 година |
| Очекувани резултати | Исполнета фреквенција на граѓани од ликовниот свет и општата публика на годишно ниво „Културно собирање” во ДКББ и збирна колекција на ликовни дела |
| Целна група | Сите жители на Општина Кисела Вода и пошироко |
| Предвидена финансиска ставка | 180.000,00 денари |
| Организатор | Дом на култура Билјана Беличанец |
| Трошоци | Финансиска поддршка на уметник – шест уметници за 2025 година |

| | |
|---|---|
| 2. Проект | **Фестивал на детски преставки** |
| Опис на активноста | Детска претстава на дадена тема, културен натпревар на О.У или Градинки од Општина Кисела Вода |
| Стратешки насоки и цели | Развивање љубов кон театарот и запознавање со неговата фантазија кај нај младата генерација во Општина Кисела Вода |
| Временска рамка | Месец ноември 2025 |
| Очекувани резултати | Опширна рамка за запознавање на театарот - неговата магија кај најмладата публика во Општина Кисела Вода |
| Целна група | Жители од четири до четиринаесет годишна возраст од Општина Кисела Вода |
| Предвидена финансиска рамка | 660.000,00 денари |
| Организатор | Дом на култура Билјана Беличанец |
| Трошоци | Финансиска поддршка на О.У или Градинки, изработка на награди и техничка организација и хигиена |

| | |
|---|---|
| 3. Проект | **Гејм Фест** |
| Опис на активноста | Отворен натпревар ( културно ривалство ) помеѓу два тима на играчи на компјутерска симулација – игра |
| Стратешки насоки и цели | Креирање на по благ пристап на младата адолесцентна генерација и интеракција со ДКББ како едно културно катче |
| Временска рамка | Месец Мај 2025 година |
| Очекувани резултати | Анимирање на младата генерација од Општина Кисела Вода и подигнување на маркетингот на ДКББ |

| | |
|---|---|
| Целна група | Млада генерација на жители од Општина Кисела Вода и пошироко |
| Предвидена финансиска рамка | 330.000,00 денари |
| Организатор | Дом на култура Билјана Беличанец |
| Трошоци | Маркетинг, организација, рента на техника биро и столчиња и хигиена |

| | |
|---|---|
| 4. Проект | **Скопје њу бренд бенд** |
| Опис на активности | Отворен музички фестивал во времетраење од два дена |
| Стратешки насоки и цели | Промоција на новокомпонирани млади музички бендови од Општина Кисела Вода |
| Временска рамка | Месец Јули 2025 година |
| Очекувани резултати | Позитивна афирмација на млади бендови од општина Кисела Вода |
| Целна група | Сите категории на граѓани |
| Предвидена финансиска ставка | 180.000,00 денари |
| Организатор | Дом на култура Билјана Беличанец |
| Трошоци | Маркетинг, техничка поддршка и организација |

| | |
|---|---|
| 5. Проект | **Графит фест** |
| Опис на активности | Изработка на графити на мобилни банер ѕидови и нивно времено излагање |
| Стратешки насоки и цели | Анимација на сите категории на граѓани нивно запознавање со модерна ликовна техника и нејзина адаптација |
| Временска рамка | Во текот на 2025 година |
| Очекувани резултати | Запознавање на населението со една од по новите ликовни изрази и разбирање на нејзините културни вредности |
| Целна група | Сите категории на граѓани |
| Предвидена финансиска ставка | 252.000,00 денари |
| Организатор | Дом на култура Билјана Беличанец |
| Трошоци | Маркетинг, техничка поддршка, организација, бина и озвучување |

| | |
|---|---|
| 6. Проект | **Кисела Вода Џез фестивал** |
| Опис на активности | Џез фестивал на отворено небо / во склоп на ликовна колонија Кисела Вода 2025 / |
| Стратешки насоки и цели | Промоција на културолошки напредок на Општината со изготвување на нов бренд спој на ликовни и музички уметници |
| Временска рамка | Во текот на летото 2025 година |
| Очекувани резултати | Промоција на Општината како културен претставник на разновидни уметнички експресии |
| Целна група | Сите категории на граѓани |
| Предвидена финансиска ставка | 900.000,00 денари |
| Организатор | Дом на култура Билјана Беличанец |
| Трошоци | Маркетинг, техничка поддршка, организација, бина и озвучување |

**Останати ТРОШОЦИ:**

Вработување на директор дванаесет месеци
Вработување за двајца/две, дванаесет месеци вкупно.............................. **1.300.000,00 денари**

Сметководствено биро за дванаесет месеци................................................. **40.000,00 денари**

Друга опрема (прожектор, алуминиумски профили за поставување на изложба во холот, профили за адапчтација на галериски простор )............................................... **72.000,00 денари**

Други оперативни трошоци........................................................................ **60.000,00 денари**

Кофинансирање за прфоекти........................................................................ **450.000,00 денари**

**Вкупно.................................................................................................. 1.922,000,00 денари**

Забелешка: Комуналните трошоци се исплаќаат од страна на општината

**Предлог буџет и програма за работа на ДОМ НА КУЛТУРА БИЛЈАНА БЕЛИЧАНЕЦ – Скопје за 2025 год.**

| | |
|---|---|
| 1. ЛИКОВЕН ИЗРАЗ/ ПРОМОЦИЈА ИЗЛОЖБИ НА АВТОРИ ОД ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА И ПОШИРОКО | 180.000,00 ДЕНАРИ |
| 2. ФЕСТИВАЛ НА ДЕТСКИ ПРЕТСТАВИ | 660.000,00 ДЕНАРИ |
| 3. ГЕЈМ ФЕСТ | 330.000,00 ДЕНАРИ |
| 4. СКОПЈЕ НЈУ БРЕНД БЕНД | 180.000,00 ДЕНАРИ |
| 5. ГРАФИТ ФЕСТ | 252.000,00 ДЕНАРИ |
| 6. КИСЕЛА ВОДА ЏЕЗ ФЕСТИВАЛ | 900.000,00 ДЕНАРИ |
| Вкупно - програма К4 | 2.502.000,00 денари |

**Забелешка:** Општина Кисела Вода ќе кофинансира за проектите од Дом на култура„Билјана Беличанец“,Скопје, останатите средства ќе бидат од самофинансирачката сметка на Домот на култура за изнајмување простории во домот за културни настани и едукативни работилници.

**ПРЕДЛОГ БУЏЕТ И ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА за КУЛТУРА (К)**

**(К4) за Културни манифестации и творештво 2025............................. 13.200.000,00 денари**

**(КА) Капитални трошоци........................................................................ 700.000,00 денари**

**Вкупно: (К4) и (КА)............................................................................ 13.900.000,00 денари**

**ПРЕДЛОГ БУЏЕТ И ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ДОМ НА КУЛТУРА БИЛЈАНА БЕЛИЧАНЕЦ_СКОПЈЕ за 2025 година ......................................................1.922.000,00 денари**

| | | |
|---|---|---|
| **Вкупно** | **Предлог-Буџет за програма за култура(К) и капитални трошоци, финансирање од општина кон Домот за култура** | **15.822.000,00 денари** |

**3.ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА (К)**

Динамиката на извршување ќе зависи од приливот на средствата во Буџетот на Општина Кисела Вода за 2025 година.

**4.ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ**

Реализацијата на Програмата за култура (К) ја врши Градоначалникот на Општината Кисела Вода преку Секторот за образование, предучилишно воспитување, спорт и култура.
Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ а ќе се применува од 01.01.2025 година.

Број 09-11562/18
27 декември 2024 година
Скопје

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**

**за објава на Програма (Л0) спорт и рекреација за 2025 година и Програма за работа на ЈКП Кисела Вода 2022 Скопје за 2025 година**

1. Со ова Решение се објавува Програмата (Л0) спорт и рекреација за 2025 година и Програма за работа на ЈКП Кисела Вода 2022 Скопје за 2025 година, донесена на Четириесет и осмата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 27 декември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-309/16
15.01.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 22, став 1 точка 5 и член 62, точка 1 и 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 34 став 1, точка 8 и точка 41 од Статутот на општина Кисела Вода („Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/20), Советот на Општина Кисела Вода на Четириесет и осмата пленарна седница одржана на 27 декември 2024 година, донесе:

**ПРОГРАМА (ЛО)**

**спорт и рекреација за 2025 година и Програма за работа на ЈКП Кисела Вода 2022 Скопје за 2025 година**

1. Вовед
   - Со оваа програма се уредува:
   - Извори на финансирање на програмата
   - Пресметување на трошоците
   - Динамика на извршување на Програмата
   - Преодни и завршни одредби

2. Извори и финансирање на Програмата за спорт и рекреација.
   - Општината обезбедува средства од Буџетот на општина Кисела Вода за 2025 година.
   - Трошоци за реализација на Програмата

Расходи за реализација според намената и поединечни видови на елементи :

**ПРОГРАМА ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА (ЛО) ЗА 2025 ГОДИНА**

**1. ИМЕ НА ПРОЕКТОТ: ДОДЕЛУВАЊЕ НА МАТЕРИЈАЛНА ПОДДРШКА НА УЧИЛИШНИ СПОРТСКИ КЛУБОВИ И ЗДРУЖЕНИЈА И ЗДРУЖЕНИЕ - ОПШТИНСКИ СОЈУЗ НА УЧИЛИШЕН СПОРТ НА КИСЕЛА ВОДА**

**Цели:**

Фундамент за развој на спортот треба да претставуваат добро организирани спортски активности во образовните институции. Оттука, училишниот спорт има универзални вредности. Целта на овој проект е откривање, развој и усовршување на спортскиот талент на учениците. Успешната организација на училишниот спорт несомнено ќе резултира со зголемување на масовноста во спортот од една страна, но и со можност за квалитетна селекција на врвни спортски таленти од друга страна.

Предвидени средства и динамика на реализација:
- За реализација на овој проект предвидени се вкупно 500.000. 00 денари
- Средствата се доделуваат на Јавен оглас, по претходно формирана комисија од Градоначалникот, која има за цел да дефинира Правилник и критериуми за доделување на материјална поддршка на училишните спортски клубови и здруженија и Општинскиот Сојуз на училиштен спорт на Кисела Вода.
- Време на реализација: јануари-декември 2025.

Вкупно ...................................................................... 500.000.00 денари

**2. ИМЕ НА ПРОЕКТОТ:КУП НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА „Св ЃОРЃИ“**

**Цели:**

Овој меѓу општински проект веќе стана традиционален во општината Кисела Вода. Најдобрите талентирани ученици по спортовите мал фудбал,кошарка,одбојка, ракомет,(во конкуренција машки и девојчиња) ќе бидат селектирани од страна на селектори (професори по физичка култура и тренери). Оттука ќе се формира Селекција на таленти од општината Кисела Вода во повеќе спортови кои турнирски ќе се натпреваруваат со своите врсници од другите Општини поканети на турнирот.

Време на реализација: месец април - мај 2025 година.

Реализатор: Општина Кисела Вода

Потребни средства:

За дресови ------------------------------------------------------------------------------------------ 113.000.00 ден.
За лекар ---------------------------------------------------------------------------------------------- 30.000,00 ден.
За судии ---------------------------------------------------------------------------------------------- 25.000,00 ден.
За озвучување. (За потребите на Одделението за спорт за успешна реализација на овој и низа други проекти потребна е набавка на сопствена опрема за озвучување) -- 70.000,00 ден.
За вода ------------------------------------------------------------------------------------------------ 15.000.00 ден.
За пехари, дипломи ----------------------------------------------------------------------------- 20.000.00 ден.

**Вкупно----------------------------------------------------------------------------------------- 273.000.00 денари**

**3. ИМЕ НА ПРОЕКТОТ: ДОДЕЛУВАЊЕ НА МАТЕРИЈАЛНА ПОДДРШКА НА СПОРТСКИ КЛУБОВИ И СПОРТСКИ ЗДРУЖЕНИЈА**

**Цели:**

Спортските клубови и спортските здруженија кои егзистираат на територијата на Општината практично се спортско огледало на најстарата скопска општина Кисела Вода е расадник на таленти и врвни спортисти кои својот прв чекор во спортот и своите први успешни спортски резултати ги направиле токму во спортски клубови во општината Кисела Вода. Оттука, не само законска, туку и морална обврска е Општината да се грижи за спортот кој практично претставува најевтин и најголем амбасадор на општината Кисела Вода во својата општина и надвор од неа.

Предвидени средства и динамика на реализација:
- За реализација на овој проект предвидени се вкупно 4.500.000. 00 денари
- Средствата се доделуваат на Јавен оглас, по претходно формирана комисија од Градоначалникот, која има за цел да дефинира Правилник и критериуми за доделување на материјална поддршка на Спортски клубови и Спортски здруженија.

Време на реализација: 2025
Вкупно ..........................................................................................................4.500.000.00. денари

**4. ИМЕ НА ПРОЕКТОТ: ДОДЕЛУВАЊЕ НА МАТЕРИЈАЛНА ПОДДРШКА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ**

**Цели:**

Целта на проектот е да се стимулираат спортските клубови, спортските здруженија, спортските сојузи и спортски федерации во делот на реализација на манифестации кои значат масовност на спортот. Во проектот главен услов е манифестацијата да се одржува на територијата на општината Кисела Вода.

Предвидени средства и динамика на реализација:
- За реализација на овој проект предвидени се вкупно 1.500.000. денари
- Средствата се доделуваат на Јавен оглас, по претходно формирана комисија од Градоначалникот, која има за цел да дефинира Правилник и критериуми за доделување на материјална поддршка за реализација на спортски манифестации.

Време на реализација: 2025.

Вкупно ---------------------------------------------------------------------------------------------------1.500.000.00

**5. ИМЕ НА ПРОЕКТОТ: СПОРТСКА АКАДЕМИЈА НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА**

**Цели:**

Спортска академија на општина Кисела Вода е проект наменет за одржување на промоции, спортски трибини, симпозиуми, реализација на афирмативни тренажни процеси предводени од актуелни и поранешни селектори и тренери на спортски клубови. Заради усовршување на водење на спортски тренинг во повеќе спортови, но и на многу други значајни теми од спортот, предвидено е во проектот да продефилираат со свои предавања, стручни лица од ФФК, експерти од Агенцијата за млади и спорт, од соодветни федерации и од спортски клубови и спортски здруженија. Размената на искуства, збогатување на знаењето, усовршувањето, издаваштвото, изработка и реализација на сопствени проекти, се само мал дел од целите и очекуваните ефекти од проектот, кој практично значи и развивање и усовршување на спортот во Општината. Во оваа програма треба да се обезбедат и средства за купување на спортска опрема, дресови со шорцеви, тренерки и маици во мал фудбал, кошарка и други спортови, формирани од вработени во општината и Советот на општината кои ја претставуваат екипата на соодветни спортски турнири низ државата.

Исто така, потребно е, во текот на неделата да се обедбедат слободни бесплатни термини во спортските сали за рекреација за граѓаните (мажи и жени) и вработените во општината (мажи и жени)

- Слободни термини во спортските сали за рекреација на граѓани.
- Слободни термини за деца со посебни потреби
- Слободни термини во спортските сали за рекреација на вработени (мажи).
- Слободни термини во спортските сали за рекреација на вработени (жени) и жени во социјален ризик.

За 20 пара комплет дресови ---------------------------------------------------------------------- 40.000 денари
За 20 маици - 6000 денари. ------------------------------------------------------------------ 6.000.00 денари
За стручно лице по физичка култура -------------------------------------------------------------- 40.000 денари.
-Вода за семинари,трибини, промоции. ---------------------------------------------------------------- 20.000

Време на реализација: јануари - декември 2025 година.

Вкупно.....................................................................................................................106.000.00 денари

**6. ИМЕ НА ПРОЕКТОТ: ДОДЕЛУВАЊЕ НА ПАРИЧНИ НАГРАДИ ДО 100 ТАЛЕНТИРАНИ УЧЕНИЦИ-СПОРТИСТИ ОД ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА**

**Цели:**

Во осумте основни училишта кои гравитираат во Општината од година во година се афирмираат плејада на таленти во повеќе спортови. Нивниот талент го искажуваат во натпревари кои се во рамките на организација на училишниот спорт, или пак на клупско и репрезентативно ниво во домашни и меѓународни рамки Општината Кисела Вода сака да ги стимулира талентираните спортисти кои постигнуваат успешни резултати. Исто така, Општината сака да го афирмира спортот како и да ја поттикне мотивацијата на младите таленти во делот на понатамошниот спортски развој.

Предвидени средства и динамика на реализација:
- За реализација на овој проект предвидени се вкупно 1.000.000 00 денари
- Средствата се доделуваат по претходно доставен оглас по основните училишта, по претходно формирана комисија од Градоначалникот, која има за цел да дефинира Правилник и критериуми за доделување на парични награди до 100 талентирани ученици-спортисти од основните училишта на територијата на општината Кисела Вода

Време на реализација: мај-јуни 2025 година.

Вкупно ............................................................................................................... 1.000.000.00 денари

**7. ИМЕ НА ПРОЕКТОТ: „СПОРТУВАМЕ- ДРУГАРУВАМЕ“**

**Цели:**

Проектот Спортуваме - Другаруваме е наменет за лицата со посебни потреби. Во општината Кисела Вода има две училишта со посебни потреби: „Д-р Златен Стремец“ и „Димитар Влахов“, но и многу други наши сограѓани со посебни спортови (мажи и жени) кои сакаат да спортуваат, а не да се затворени во своите домови. Целта на проектот е социјализација на лицата, преку неделни спортски активности да се подобри комуникацијата и другарувањето, но и надградување на спортското усовршување и спортскиот развој, откривање и надградување на спортскиот талент кај лицата со посебни потреби. Општината за неделните спортски активности потребно е да обезбеди бесплатни термини во спортските сали и останатите спортски објекти на територијата на Општината и да обезбеди стручно лице кои ќе ги води часовите по спорт

Предвидени средства и динамика на реализација:
- За реализација на овој проект предвидени се вкупно 90.000 00 денари

Потребни средства:
За маици ........................................................................................................ 30.000 денари
За две стручни лица кое ќе ја вршат наставата ...................................................... 60.000 денари

Време на реализација: месец март-декември 2025 година.

Вкупно ...................................................................................................... 90.000.00 денари

**8.ИМЕ НА ПРОЕКТОТ: ТУРНИР ВО МАЛ ФУДБАЛ ,, КИСЕЛА ВОДА“**

**Цели:**

Во Рамките на рекреативниот и масовен спорт предвидено е да се организира турнир во мал фудбал ,,Опен Кисела Вода“. Во проектот се предвидува учество да земат екипи од граѓаните во месните заедници, но предвидено е учество да земат и рекреативци од фирмите кои егзистираат во општината Кисела Вода или пак , екипи од фирми со кои соработува општината Кисела Вода. Предвидено е турнирот да се одвива во неколку категории. Идејата е да се поттикне маалскиот спорт и низ забава и дружење да се развива рекреативниот и масовен спорт.

Предвидени средства и динамика на реализација:
-За реализација на овој проект се предвидени 2280.000.00 денари.

Потребни средства:
-Судии ........................................................................................................ 32.000 денари
-Обезбедување ............................................................................................... 30.000 денари
-Делегати ...................................................................................................... 32.000 денари
-Лекар .......................................................................................................... 30.000 денари
-фудбали ......................................................................................................... 9.000 денари
- Вода ........................................................................................................... 21.000 денари
- Пехари .......................................................................................................... 5.000 денари
-Маички .......................................................................................................... 9.000 денари
-Тренерки и патики ......................................................................................... 30.000 денари
-Озвучување .................................................................................................. 30.000 денари

Време на реализација: 2025 година.

Вкупно .................................................................................................... 228.000.00 денари

**9.ИМЕ НА ПРОЕКТОТ:ШАХОВСКА ЛИГА КИСЕЛА ВОДА**

Во рамките на рекреативниот и масовен спорт предвидено е да се реализира проектот Шаховска Лига Кисела Вода каде учество ќе земат граѓаните од месните заедници во Општината. Секоја месна заедница предвидено е да формира екипа со 6 натпреварувачи и низ лига систем во екипна конкуренција ќе се игра по Бергеров систем. Идејата е да се

развива шахот како спорт и низ забава и дружење меѓу граѓаните на месните заедници да се поттикне рекреативниот и масовен спорт.

Предвидени средства и динамика на реализација

Шаховската лига се предвидува да се игра во тековната 2025 година

Потребно е да се обезбедат
- Шахови 80 x 1500 = 120.000.00 денари
- Шаховски часовници 15 x 2000 = 30.000 денари.
- Вода 20.000 денари
- Пехари и медали 6000 денари

Вкупно ........................................................................................................ 176.000.00 денари

**10. ИЗБОР НА НАЈДОБРИ СПОРТИСТИ НА ОПШТИНАТА КИСЕЛА ВОДА**

Општината Кисела Вода во 2024 година ќе направи манифестација,, Избор за најдобар спортист на Општина Кисела Вода. За реализација на овој проект потребно е да се дефинира Правилникот за избор на најдобрите спортисти на Општината, каде е предвидено да го донесе Комисија во која ќе партиципираат вработени во општинската администрација, советници од Советот на Општината, претставници на спортски клубови, сегашни и поранешни спортисти. Ќе се вреднуваат резултатите на спортистите, клубовите спортските работници, во сениорска,, јуниорска, кадетска и пионерска конкуренција. Изборот ќе биде транспарентен и согласно правилата на европските спортски стандарди.

Предвидени средства и динамика на реализација:
- За реализација на овој проект предвидени се вкупно 120.000.00 денари

Потребни средства::
- За плакети и пехари ------------------------------------------------------------------------------ 100.000.00 ден
- За дипломи и признанија ------------------------------------------------------------------------- 20.000.00 ден.

Време на реализација: декември 2025 година.

Вкупно ........................................................................................................ 120.000.00 денари

**ПРОГРАМА (ЛО) ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА ЗА 2025**

| | |
|---|---|
| 1.ДОДЕЛУВАЊЕ НА МАТЕРИЈАЛНА ПОДДРШКА НА УЧИЛИШНИ СПОРТСКИ КЛУБОВИ И ЗДРУЖЕНИЈА И ЗДРУЖЕНИЕ ОПШТИНСКИ СОЈУЗ НА УЧИЛИШЕН СПОРТ НА КИСЕЛА ВОДА | 500.000.00 ДЕНАРИ |
| 2. КУП НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА „Св ЃОРЃИ“ | 273.000.00 ДЕНАРИ |
| 3. ДОДЕЛУВАЊЕ НА МАТЕРИЈАЛНА ПОДДРШКА НА СПОРТСКИ КЛУБОВИ И СПОРТСКИ ЗДРУЖЕНИЈА | 4.500.000.00 ДЕНАРИ |
| 4. ДОДЕЛУВАЊЕ НА МАТЕРИЈАЛНА ПОДДРШКА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ | 1.500.000.00 ДЕНАРИ |
| 5. СПОРТСКА АКАДЕМИЈА НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА | 106.000 .00 ДЕНАРИ |
| 6. ДОДЕЛУВАЊЕ НА ПАРИЧНИ НАГРАДИ ДО 100 ТАЛЕНТИРАНИ УЧЕНИЦИ-СПОРТИСТИ ОД ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА | 1.000.000.00 ДЕНАРИ |
| 7. „СПОРТУВАМЕ - ДРУГАРУВАМЕ“ | 90.000.00 ДЕНАРИ |
| 8. ТУРНИР ВО МАЛ ФУДБАЛ „ОПЕН КИСЕЛА ВОДА“ | 228.000.00 ДЕНАРИ |
| 9. ШАХОВСКА ЛИГА КИСЕЛА ВОДА | 176.000.00 ДЕНАРИ |
| 10. ИЗБОР НА СПОРТИСТ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА | 120.000.00 ДЕН |

| | |
|---|---|
| **ВКУПНО** Предлог – Буџет за Програма за СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА (ЛО) | 8.493.000 денари |

**1. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА (ЛО)**

Динамиката на извршување ќе зависи од приливот на средствата во Буџетот на Општина Кисела Вода за 2025 година.

**2.ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ**

Реализацијата на Програмата за спорт ,ЛО) ја врши Градоначалникот на Општината Кисела Вода преку Секторот за образование, предучилишно воспитување, спорт и култура.

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ а ќе се применува од 01.01.2025.

Број 09-11562/19
27 декември 2024 година
Скопје

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**

**за објава на Програма од надлежност В -предучилишно воспитување за 2025 година и Програма (В1) – предучилишно воспитување – капитални трошоци за 2025 година**

1. Со ова Решение се објавува Програмата од надлежност В -предучилишно воспитување за 2025 година и Програма (В1) – предучилишно воспитување – капитални трошоци за 2025 година, донесена на Четириесет и осмата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 27 декември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-309/17
15.01.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 8 и точка 13 и член 62 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/02), член 34, став 1, точка 8 и точка 41 од Статутот на Општина Кисела Вода (Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/20), Советот на Општина Кисела Вода на Четириесет и осмата пленарна седница одржана на 27 декември 2024 година, донесе:

**ПРОГРАМА (В1) ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТУВАЊЕ ЗА 2025 ГОДИНА**

1. Вовед

Со оваа програма се уредува:
- Извори на финансирање на програмата
- Пресметување на трошоците
- Динамика на извршување на Програмата
- Преодни и завршни одредби

2. Извори и финансирање на Програмата за предучилишно воспитување ( В1)
- Општината обезбедува средства од Буџетот на Општина Кисела Вода за 2025 година.

3. Трошоци за реализација на Програмата

Расходи за реализација според намената и поединечни видови на елементи:

**ПРОГРАМА (В1) ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТУВАЊЕ ЗА 2025 ГОДИНА**

| | |
|---|---|
| **1.** | **ПАРТИЦИПАЦИЈА ЗА ТРОШОЦИТЕ ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ, ВОСПИТАНИЕ, ОДМОР И РЕКРЕАЦИЈА НА ДЕЦАТА ВО ЈАВНИТЕ УСТАНОВИ ЗА ДЕЦА “** |
| **Опис на активности:** | Партиципацијата е ослободување во цената што паѓа на товар на родителот во трошоците за згрижување,воспитание,одмор и рекреација на децата во Јавните установи за деца. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Остварување на правото на партиципација како право за заштита на децата кај кои материјалната состојба на семејствата е нарушена поради претрпена природна непогода (пожар, поплава, земјотрес и друго). Висината на партиципацијата се утврдува во зависност од настанатата состојба според „Правилникот за поблиските услови, критериумите и начинот на остварување на правото на партиципација во трошоците за згрижување,воспитание,одмор и рекреација на децата во јавните установи за деца. |
| **Очекувани резултати:** | Финансиска помош и поддршка за родителите |
| **Целна група:** | Децата од двете Јавни детски градинки |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 80.000,00 денари |
| **Трошоци:** | 80.000,00 денари |
| **Време на реализација** | 2025 година |

| | |
|---|---|
| **2.** | **ФИНАНСИСКА ПОДРШКА ВО ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗА ПРИВРЕМЕНО АНГАЖИРАЊЕ НА КАДАР** |
| **Опис на активности:** | Вклучување на привремено ангажирани вработени во реализација на воспитно згрижувачката дејност и активностите во градинките |
| **Стратешки насоки и цели:** | Отварање на нови детски градинки и проширување на капацитетите на постоечките и зголемениот броја на згрижени деца во градинките, постои објективна потреба за зголемување на бројот на вработени. |
| **Очекувани резултати:** | Подобрување на згрижувањето и воспитувањето на децата во детските градинки. |
| **Целна група:** | Административни службеници,даватели на услуги и помошно технички персонал во двете детски градинки |
| **Предвидена финансиска рамка:** | ЈДГ „Весели Цветови“- (дваесет и седум) лица<br>ЈДГ „8 Март“ – (дваесет и девет) лица |
| **Трошоци:** | 36.000.000,00 денари |
| **Време на реализација** | 2025 година |

| | |
|---|---|
| **3.** | **СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ЦЕЛОДНЕВНИОТ ПРЕСТОЈ НА ДЕЦА ОД СЕМЕЈСТВА ВО СОЦИЈАЛЕН РИЗИК ВО ЈАВНИТЕ ДЕТСКИ ГРАДИНКИ ВО ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА** |
| **Опис на активности:** | Субвенционирање на целодневиот престој на деца од семејства во социјален ризик |
| **Стратешки насоки и цели:** | Поддршка и заштита на децата.<br>Мерка за помош за родителите.<br>Остварување на детските права.<br>Создавање на услови за вклучување на сите деца во градинка. |
| **Очекувани резултати:** | Ослободување од партиципација во двете детски градинки на децата од социјално загрозени семејства. |
| **Целна група:** | Сите деца кои посетуваат градинка а ,се од социјално загрозени семејства, деца од семејства, самохрани родители, деца без родителска грижа итн. |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 400,000.00 денари |
| **Трошоци:** | 400,000.00 денари |
| **Време на реализација** | 2025 година |

| | |
|---|---|
| **4.** | **„ХИГИЕНСКИ ПАКЕТИ НАМЕНЕТИ ЗА ДЕЦАТА ВО ЈАВНИТЕ ДЕТСКИ ГРАДИНКИ ВО ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА“** |
| **Опис на активности:** | Обезбедување на хигиенски пакети наменети за децата во јавните детски градинки |
| **Стратешки насоки и цели:** | Обезбедување на средства за лична хигиена за децата од градинките |
| **Очекувани резултати:** | Поддршка и олеснување на семејствата |
| **Целна група:** | Децата во јавните детски градинки |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 400.000,00 денари |

| | |
|---|---|
| **Трошоци:** | 400 000,оо денари |
| **Време на реазлизација** | 2025 година |

| | |
|---|---|
| **5.** | **„ДРУГИ МАТЕРИЈАЛИ ЗА РАБОТА ЗА ДЕЦАТА ВО ЈАВНИТЕ ДЕТСКИ ГРАДИНКИ ВО ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА“** |
| **Опис на активности:** | Обезбедување на материјали за работа наменети за децата во јавните детски градинки |
| **Стратешки насоки и цели:** | Обезбедување на материјали за работа за децата од градинките |
| **Очекувани резултати:** | Создавање олеснителни финансиски околности за родителите и децата во јавните детски градинки |
| **Целна група:** | Децата во јавните детски градинки |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 600.000,00 денари |
| **Трошоци:** | 600 000,оо денари |
| **Време на реазлизација** | 2025 година |

| | |
|---|---|
| **6.** | **„НАГРАДИ ЗА НАЈДОБРИТЕ И НАЈУСПЕШНИТЕ“** |
| **Опис на активности:** | Најдобрите вработени во двете јавни детски градинки административни службеници, даватели на јавни услуги и помошно-технички персонал ќе бидат наградени за постигнатиот успех во работата.<br>Пристигнатите предлози ќе бидат разгледани од страна на Комисија формирана со решение од Градоначалникот за таа намена.<br>Изготвување правилник за награди, критериуми и услови кои треба да ги исполнуваат пријавените вработени. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Квалитетна воспитно-образовна дејност на воспитувачите и негователите во јавните детски градинки.<br>Мотивација на сите учесници во згрижувањето, негата, и воспитувањето на децата од предучилишна возраст, стимулирање за ефикасна работа кај сите вработени.<br>Поголема креативност и желба за вклучување во различни видови проекти и дополнителни активности. |
| **Очекувани резултати:** | Поголема ефикасност, ефективност, квалитет, посветеност во работата и придонес во реализација на програмата за работа со деца, исполнување на работните задачи и цели. |
| **Целна група:** | Вработените во двете јавни детски градинки: административни службеници, даватели на јавни услуги и помошно-технички персонал |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 300.000,00 денари |
| **Трошоци:** | 300.000,00 денари |
| **Време на реазлизација** | 2025 година |

| 7. | **„РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДРУГИ ОБЈЕКТИ“** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Обезбедување на подобри услови за децата и вработените во јавните детски градинки |
| **Стратешки насоки и цели:** | Подобрување на условите за престој на децата во градинките. Подобрување на условите за работа на вработените во јавните детски градинки |
| **Очекувани резултати:** | Средени и оспособени објекти во корист на децата каде ќе го развиваат својот психофизчки развој, социјализација, и развој на видови игри. |
| **Целна група:** | Проектот ќе биде реализиран од страна на општината и преку донации. |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 1.000.000,00 денари |
| **Трошоци:** | 1.000.000,00 денари |
| **Време на реазлизација** | 2025 година |

| 8. | **„ИЗГРАДБА–ДОГРАДБА НА НОВА ЈАВНА ДЕТСКА ГРАДИНКА“** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Проширување на капацитетите за згрижување на деца |
| **Стратешки насоки и цели:** | Намалување на бројот на деца на листа на чекање |
| **Очекувани резултати:** | Достапност до сите деца |
| **Целна група:** | Деца и вработени |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 35.000.000,00 денари |
| **Трошоци:** | 35.000.000,00 денари |
| **Време на реазлизација** | 2025 година |

| 9. | **„ПРЕКУ ИГРА ДО ГРАДИНКА“** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Цртање/боење на дворовите на градинките/парковите во Општина Кисела Вода со мрсна боја,по претходно исцртани идеи каде децата заедно со Градоначалникот, воспитниот кадар и родителите ќе имаат заедничка креативна активност. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Цртање/боење на дворовите на градинките во општина Кисела Вода со мрсна боја-по претходно исцртани идеи. Активно учество на децата и придонес кон подобри услови за рекреација за време на престојот во детските градинки. Игри по асфалтните патеки низ дворовите на градинките и парковите. |
| **Очекувани резултати:** | Создавање повеќе катчиња за игра за децата |
| **Целна група:** | Родители на деца на возраст 5-6 години, вработените, децата од градинка на возраст 5-6 години |
| **Предвидена финансиска рамка:** | / |
| **Трошоци:** | / |
| **Време на реализација** | 2025 година |

| | |
|---|---|
| **10.** | **„ВЕЛИГДЕН Е ЕДЕН“** |
| **Опис на активности:** | Со цел одбележувањето на празникот Велигден и обичаите поврзани со големиот христијански празник децата, вработените и родителите во сите воспитни групи , сите објекти во двете јавни детски градинки ќе изработат декорирани Велигденски јајца и Велигденски украси и аранжмани.<br>Во секој објект ќе се реализира Хуманитарен базар на кој ќе се продаваат изработките, а собраните средства ќе бидат наменети за хуманитарни цели. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Обичаите во прославувањето на Христијанскиот празник Велигден. |
| **Очекувани резултати:** | Запознавање на децата со традицијата и значењето на Велигденското јајце. |
| **Целна група:** | Децата и вработените во јавните детски градинки и децата |
| **Предвидена финансиска рамка:** | Без финансиски трошоци |
| **Трошоци:** | / |
| **Време на реазлизација** | 2025 година |

| | |
|---|---|
| **11.** | **„НОВИ ДОЖИВУВАЊА ЗА ИДНИТЕ ПРВАЧИЊА“** |
| **Опис на активности:** | Подготовка за вклучување во основно образование- децата присуствуваат на еден час и следат настава, размена на искуства со децата кои се веќе прво одделение и се вклучени во воспитно-образовен процес. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Подготовка за вклучување во воспитно-образовен процес на идните првачиња.<br>Запознавање со училиштето и начинот на ораганизација на воспитно-образовниот процес.<br>Соработка помеѓу градинките и училиштита. |
| **Очекувани резултати:** | Дружење, осамостојување, и социјализација |
| **Целна група:** | Децата на возраст од 5-6 години и вработените во јавните детски градинки и децата кои завршуваат со градинка и ќе се запишат во првоодделение, децата од прво одделение во основните училишта. |
| **Предвидена финансиска рамка:** | Без финансиски трошоци |
| **Трошоци:** | / |
| **Време на реазлизација** | Април-Јуни 2025 година |

| | |
|---|---|
| **12.** | **„КНИГА НА СРЕЌАТА-РАДОСНИЦА“** |
| **Опис на активности:** | Да бидиме среќни на она што го имаме, среќното дете е благодарно дете.Главно чувство на среќата е радоста, а радоста е најголема кога ја споделуваме со другите.<br>Среќните и важни моменти ги носиме во градинка. |

| | |
|---|---|
| **Стратешки насоки и цели:** | Сите среќни моменти на едно место.<br>Симболи на среќата.<br>Мојот среќен ден.<br>Поттикнување на чувство на припадност.<br>Негување на традиција и семејни вредности.<br>Искажување емоции и размена на искуства. |
| **Очекувани резултати:** | Учење, искажување емоции, дружење. |
| **Целна група:** | Вработените во двете градинки, родителите и децата од воспитни групи од 4-5 и 5-6. |
| **Предвидена финансиска рамка:** | Без финансиски трошоци |
| **Трошоци:** | / |
| **Време на реазлизација** | 2025 година |

| **13.** | **„СКОПЈЕ - МАКЕДОНИЈА“** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Прошетки, размена на искуства и соработка со други градинки |
| **Стратешки насоки и цели:** | Сите среќни моменти во нашиот град и држава<br>Поттикнување на чувство на припадност.<br>Негување на традиција и семејни вредности.<br>Искажување емоции и размена на искуства. |
| **Очекувани резултати:** | Учење, запознавање дружење. |
| **Целна група:** | Вработените во двете градинки, родителите и децата од воспитни групи од 4-5 и 5-6. |
| **Предвидена финансиска рамка:** | Без финансиски трошоци |
| **Трошоци:** | / |
| **Време на реазлизација** | 2025 година |

| **14.** | **„ОРГАНСКА ГРАДИНА“** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Создаваме органска градина |
| **Стратешки насоки и цели:** | Одгледуваме органска храна<br>Учиме како да одгледуваме здрава храна<br>Се грижиме за сопственото здравје |
| **Очекувани резултати:** | Учење, негување и грижа, дружење. |
| **Целна група:** | Вработените во двете градинки, родителите и децата од воспитни групи од 4-5 и 5-6. |
| **Предвидена финансиска рамка:** | Без финансиски трошоци |
| **Трошоци:** | / |
| **Време на реазлизација** | 2025 година |

| 15. | „САПУНЧИЊА ОД ВРЕДНИТЕ ДЕТСКИ РАЧИЊА“ |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Подигнување на свеста за хигиената и стекнување на вештини преку самостојно изработување на сапун за раце наманет за децата во градинката |
| **Стратешки насоки и цели:** | Соработка<br>Поттикнување креативност<br>Меѓусебна поддршка<br>Забавни активности |
| **Очекувани резултати:** | Учење, дружење и поттикнување креативност преку креативни работилници |
| **Целна група:** | Вработените во двете градинки, родителите и децата од воспитни групи од 5-6. |
| **Предвидена финансиска рамка:** | Без финансиски трошоци |
| **Трошоци:** | / |
| **Време на реазлизација** | 2025 година |

| 16. | „РАБОТИЛНИЦИ СО НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ“ |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Работилници и дружење и учење во соработка со невладините организации со кои имаме соработка |
| **Стратешки насоки и цели:** | Логорување<br>Садење цвеќиња<br>Поправки на играчки<br>Учиме да се прифаќаме и сакаме |
| **Очекувани резултати:** | Учење, дружење и поттикнување креативност преку креативни работилници |
| **Целна група:** | Вработените во двете градинки, родителите и децата од воспитни групи од 5-6. |
| **Предвидена финансиска рамка:** | Без финансиски трошоци |
| **Трошоци:** | / |
| **Време на реазлизација** | 2025 година |

**Заклучоци: При реализција на Програмата ќе се води родова статистика со цел во иднина да допринесеме за подобро родово одговорно буџетирање во оваа област. Индикатори со кое ќе се следи реализацијата на Програмата од родов аспект ќе биде бројот на корисници и пол кои се финансираат од оваа Програма.**

## БУЏЕТ ЗА ПРОГРАМА ОД НАДЛЕЖНОСТ В - ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТУВАЊЕ ЗА 2025 ГОДИНА
## БУЏЕТ И ПРОГРАМА ОД НАДЛЕЖНОСТ В1 - ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТУВАЊЕ ЗА 2025 ГОДИНА

| Име на проектот | Извори и финансирање |
|---|---|
| **1. „ПАРТИЦИПАЦИЈА ЗА ТРОШОЦИТЕ ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ, ОДМОР И РЕКРЕАЦИЈА НА ДЕЦАТА ВО ЈАВНИТЕ УСТАНОВИ ЗА ДЕЦА“** | 80.000,00 денари |
| **2. „ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗА ПРИВРЕМЕНО АНГАЖИРАЊЕ НА КАДАР“** | 36.000 000,00 денари |
| **3. „СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ЦЕЛОДНЕВНИОТ ПРЕСТОЈ НА ДЕЦА ОД СЕМЕЈСТВА ВО СОЦИЈАЛЕН РИЗИК ВО ЈАВНИТЕ ДЕТСКИ ГРАДИНКИ ВО ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА“** | 400,000.00 денари |
| **4. „ХИГИЕНСКИ ПАКЕТИ НАМЕНЕТИ ЗА ДЕЦАТА ВО ЈАВНИТЕ ДЕТСКИ ГРАДИНКИ“** | 400.000,00 денари |
| **5. „ДРУГИ МАТЕРИЈАЛИ ЗА РАБОТА НАМЕНЕТИ ЗА ДЕЦАТА ВО ЈАВНИТЕ ДЕТСКИ ГРАДИНКИ“** | 600.000,00 денари |
| **6. „НАГРАДИ ЗА НАЈДОБРИТЕ И НАЈУСПЕШНИТЕ“** | 300.000,00 денари |
| **7. „РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДРУГИ ОБЈЕКТИ“** | 1.000.000.00 денари |
| **8. „ИЗГРАДБА-ДОГРАДБА НА НОВА ЈАВНА ДЕТСКА ГРАДИНКА“** | 35.000.000,00 денари |

**Вкупно Програма од надлежност В – Предучилишно воспитување 73.780.000,00 денари**
**Вкупно Програма од надлежност В (В1) – Предучилишно воспитување 73.780.000,00 денари**

**ПРОГРАМА (ВА)**
**ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТУВАЊЕ ЗА 2025 ГОДИНА**

- **ВОВЕД**

Со оваа програма се уредува:
- Извори на финансирање на програмата
- Динамика на извршување на Програмата
- Преодни и завршни одредби
- Извори и финансирање на Програмата
- Трошоци за реализација на Програмата
- Расходи за реализација според намената и поединечни видови на елементи

**ВКУПНО Буџет за Програма В и В1 73.780.000,00 денари**

**1. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

Динамиката на извршување на Програмата ќе зависи од создадените технички услови, како и приливот на средства во буџетот на Општина Кисела Вода.

**2. ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ**

Реализацијата на Програмата за предучилишно воспитување аврши Градоначалникот на Општината Кисела Вода преку Секторот за образование, предучилишно воспитување, спорт и култура.

Оваа програма влегува во сила со денот на донесување, ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“, а ќе се применува од 01.01.2025 година.

Број 09-11562/20
27 декември 2024 година
Скопје

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

РД/СВ

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

## РЕШЕНИЕ

**за објава на Програма за работа на Советот на Општина Кисела Вода за 2025 година**

1. Со ова Решение се објавува Програмата за работа на Советот на Општина Кисела Вода за 2025 година, донесена на Четириесет и осмата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 27 декември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-309/18
15.01.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 105, 106 и 107 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/20), Советот на Општина Кисела Вода на Четириесет и осмата пленарна седница одржана на 27 декември 2024 година, донесе:

**ПРОГРАМА**
**ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗА 2025 ГОДИНА**

1. ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗА 2025 ГОДИНА.

Изработувач: Сектор за поддршка на Градоначалникот и Советот на општината
Предлагач: Градоначалник

**Образложение:** Програмата за работа на Советот се донесува врз основа на член 105, 106 и 107 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кисела Вода, според кој Советот работи по програма која се донесува за една календарска година. Основа за изработка на програмата се работите што се во надлежност на Советот, согласно Законот за локална самоуправа.

**I. ПРОГРАМИ ЗА РАБОТИ ОД ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕ, ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТУВАЊЕ, КУЛТУРА, СПОРТ**

**1.** ПРОГРАМА (Н1) ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ И ПРОГРАМА (НА) ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ - КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ ЗА 2025 ГОДИНА;
**2.** ПРОГРАМА ЗА КУЛТУРА (К) КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО ЗА 2025 (К4) ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ДОМ НА КУЛТУРА БИЛЈАНА БЕЛИЧАНЕЦ СКОПЈЕ ЗА 2025 КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО, ПРОГРАМА (КА) (КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ)
**3.** ПРОГРАМА (ЛО) - СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА ЗА 2025 ГОДИНА И ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ЈАВНОТО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ``КИСЕЛА ВОДА,, 2022 СКОПЈЕ ЗА 2025 ГОДИНА И
**4.** ПРОГРАМА ОД НАДЛЕЖНОСТ В - ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТУВАЊЕ И ПРОГРАМА В1 - ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТУВАЊЕ - КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ ЗА 2025 ГОДИНА.

Изработувач: Сектор за образование, предучилишно воспитување, спорт и култура
Предлагач: Градоначалник

**3.** УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИ ИЗВЕШТАИ ЗА РАБОТАТА НА ОУ НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ВО УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА;
**4.** УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИ ИЗВЕШТАИ ЗА РАБОТАТА НА ЈАВНИТЕ ДЕТСКИ ГРАДИНКИ НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗА 2024/2025 ГОДИНА;
**5.** УСВОЈУВАЊЕ НА ПОЛУГОДИШЕН И ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ЈАВНА ОПШТИНСКА УСТАНОВА „ДОМ НА КУЛТУРА БИЛЈАНА БЕЛИЧАНЕЦ СКОПЈЕ “;
**6.** УСВОЈУВАЊЕ НА ПОЛУГОДИШЕН И ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ЈАВНОТО KOMUNALNO ПРЕТПРИЈАТИЕ “КИСЕЛА ВОДА „ СКОПЈЕ;
**7.** УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИ ПРОГРАМИ ЗА РАБОТА НА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗА 2024/2025;
**8.** УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИ ПРОГРАМИ ЗА РАБОТА НА ЈАВНИТЕ ДЕТСКИ ГРАДИНКИ НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗА 2024/2025;

**9.** УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИ ПЛАНОВИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗА 2024/2025 И

**10.** УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИ ПЛАНОВИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ЈАВНИТЕ ДЕТСКИ ГРАДИНКИ НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗА 2024/2025;

**11.** ДОНЕСУВА ПРОПИСИ И АКТИ НА ПРЕДЛОГ НА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА, ЈАВНИТЕ ДЕТСКИ ГРАДИНКИ, ЈАВНА ОПШТИНСКА „ДОМ НА КУЛТУРА БИЛЈАНА БЕЛИЧАНЕЦ СКОПЈЕ И ЈАВНОТО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ „КИСЕЛА ВОДА“ СКОПЈЕ.

Изработувач: Основни училишта, јавни детски градинки,
ЈОУ Дом на Култура Билјана Беличанец СКОПЈЕ и
ЈКП ”КИСЕЛА ВОДА„ СКОПЈЕ на подрачјето на Општина Кисела Вода
Предлагач: Градоначалник

**1. Образложение:** Разгледувањето на извештаите за работа, усвојување на програмите за работа и годишните планови за вработувања на основните училишта и јавните детски градинки, како и извештаите за работа на јавна општинска установа „ДОМ НА КУЛТУРА БИЛЈАНА БЕЛИЧАНЕЦ СКОПЈЕ“; и Јавното KOMUNALNO претпријатие „Кисела Вода“ Скопје, е согласно ингеренциите на Градоначалникот и Советот на Општината, а врз основа на Законот за основно образование, Законот за заштита на децата, Законот за административни службеници, Законот за локална самоуправа, како и статутите на Јавна општинска установа „ДОМ НА КУЛТУРА БИЛЈАНА БЕЛИЧАНЕЦ“ Скопје, и Јавното комунално претпријатие „Кисела Вода“ Скопје.

**2.** РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УЧИЛИШНИ ОДБОРИ ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА НА ПОДРАЧЈЕ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА.

**3.** РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИ ОДБОРИ ВО ЈАВНИТЕ ДЕТСКИ ГРАДИНКИ НА ПОДРАЧЈЕ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА.

**4.** РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИ И НАДЗОРНИ ОДБОРИ ВО ЈАВНА ОПШТИНСКА УСТАНОВА „ ДОМ НА КУЛТУРА БИЛЈАНА БЕЛИЧАНЕЦ“ СКОПЈЕ И ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ „КИСЕЛА ВОДА“ СКОПЈЕ.

Изработувач: Комисија за мандатни прашања,
избори, именувања и разрешувања
Предлагач: Градоначалник

**Образложение:** Разрешувањето и именувањето членови на училишни/управни одбори во основните училишта и градинки на подрачје на Општина Кисела Вода, е во согласност со ингеренциите на Гардоначалникот и Советот на општината кои произлегуваат од Законот за основно образование, Законот за заштита на децата, Законот за локална самоуправа, како и статутите на Јавна општинска установа „ДОМ НА КУЛТУРА БИЛЈАНА БЕЛИЧАНЕЦ“ Скопје и Јавното КОМУНАЛНО претпријатие „Кисела Вода“ Скопје.

## II. ПРОГРАМА ЗА РАБОТА И ДРУГИ АКТИ ОД ОБЛАСТА НА ФИНАНСИРАЊЕ И БУЏЕТ

**1.** ПРЕДЛОГ - ЗАВРШНА СМЕТКА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗА 2024 ГОДИНА (15 МАРТ 2025 ГОДИНА), СО ЗАВРШНИ СМЕТКИ НА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА, ЈАВНИТЕ ДЕТСКИ ГРАДИНКИ, КАКО И НА ЈАВНА ОПШТИНСКА УСТАНОВА „ДОМ НА КУЛТУРА БИЛЈАНА БЕЛИЧАНЕЦ“ СКОПЈЕ И ЈАВНОТО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ “КИСЕЛА ВОДА„ СКОПЈЕ.

**2.** КВАРТАЛНИ ИЗВЕШТАИ
- КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗА
  - ОКТОМВРИ - ДЕКЕМВРИ 2024 ГОДИНА
  - ЈАНУАРИ-МАРТ 2025 ГОДИНА -
  - АПРИЛ-ЈУНИ 2025 ГОДИНА
  - ЈУЛИ - СЕПТЕМВРИ 2025 ГОДИНА

**3.** БУЏЕТСКИОТ КАЛЕНДАР НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗА 2025 ГОДИНА
**4.** ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА - РЕБАЛАНС НА БУЏЕТОТ ЗА 2025 ГОДИНА
**5.** ПРЕДЛОГ-БУЏЕТ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗА 2025 ГОДИНА И ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗА 2025 ГОДИНА
**6.** ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТ НА БОДОТ ЗА ПЛАТИТЕ НА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ ЗА 2025 ГОДИНА
**7.** ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОПИСИ И АКТИ ОД ОБЛАСТА НА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ

Изработувач: Сектор за финансиски прашања
Предлагач: Градоначалник

**Образложение:** Изготвувањето и донесување на Завршната сметка на Буџетот на Општина Кисела Вода за 2024 година е законска обврска што произлегува од Законот за буџетите. Завршната сметка се изготвува согласно класификацијата на трошоците.
Кварталните извештаи се обврска кои произлегуваат од Законот за локална самоуправа и Законот за буџетите, со што се овозможува Советот на општината континуирано да се запознава со реализацијата на Буџетот на општината.
Буџетот и Одлуката за извршување на Буџетот, како основни акти и услов за финансирање на општината во тековната година, се донесуваат врз основа на Законот за буџетите и Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа.

Изработувач: Сектор за финансиски прашања
Предлагач: Градоначалник

## III. СОРАБОТКА СО ДРУГИ ЛОКАЛНИ САМОУПРАВИ ВО ЗЕМЈАТА И НАДВОР ОД НЕА

**1.** Соработка и збратимување со локални самоуправи од земјата
а) Размена на искуства помеѓу различните локални самоуправи
б) Збратимување со разни локални самоуправи во земјата
в) Размена на искуства за разни комунални проблеми со локални самоуправи надвор од земјата
г) Збратимување со разни локални самоуправи од други земји

**Образложение:** Основот за донесување на акти на Советот, во насока на остварување меѓународна соработка, е надлежноста на Советот предвидена во Законот за локална самоуправа.

Изработувач: Општинска администрација
Предлагач: Градоначалник

Градоначалникот доставува до Советот на општината и до Министерството за финансии кваратални извештаи (К1-квартален извештај за извршување на буџетот на Општина Кисела Вода, К2- квартален извештај за достасани ненамирени обврски на Општина Кисела Вода и К-3 квартален извештај за промените на состојбата за секое задолжување на општината и јавните претпријатија основани од општината.

**Член 9**

Користењето на средствата од буџетот на општината за вршење на функциите на буџетските корисници се реализираат со фактури и ситуации во кои посебно се искажуваат расходите по одделни ставки почитувајќи ги одредбите од Законот за јавни набавки.

Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши со фискална сметка во случај кога за расходите не може да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи до 6.000,00 денари, каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка.

**Член 10**

Исплатата на платите на вработените ќе се врши во рамките на обезбедените средства во буџетот, односно бруто платите се утврдуваат за:

- коефициентот за исплата на плата на Градоначалникот изнесува 2,96 а основица за пресметување на плата е просечна исплатена месечна плата по вработен во Републиката за претходната година според податоците на Државен завод за статистика.

- вредноста на бодот на државните службеници се утврдува со посебна Одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници донесена од Совет на општината

- за вработените што немаат статус на државни службеници вредноста на бодот за утврдување на бруто плата изнесува 18,29 денари и ќе се пресметува за периодот јануари-декември 2025 година.

**Член 11**

Бруто платата на вработените во локалните јавни установи за 2025 година ќе се исплатува согласно утврдените коефициенти и утврдената вредност на бодот согласно потпишаните колективни договори со ресорни министерства.

**Член 12**

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи кои се финансираат со блок дотации ќе се спроведува на следниов начин:

- Средствата ќе се планираат на сметка дотации (930), а ќе се извршуваат преку сметката дотации на локални јавни установи (903)

- локалните јавни установи што се финансираат со блок дотации должни се до општината да достават барање за одобрување на средства за плати кон кои ќе ги приложат обрасците ПДД - МП, копија од рекапитулацијата за пресметани нето и бруто плати, образец Ф-1 за бројот на вработените по име и презиме, бруто и нето плата за месецот за кој се однесува платата.

- во случај на нови вработувања, локалните јавни установи што се финансираат од буџетот на дотации се должни да достават известување за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М1 до соодветните министерства.

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи кои се финансираат од буџетот на дотации ја контролира и одобрува Министерството за финансии.

Градоначалникот на општината е должен одделните пресметки на локалните јавни установи да ги достави до ресорното министерство од кое се трансферира блок дотацијата.

**Член 13**

Месечниот надоместок за присуство на седници на членовите на Советот изнесува 70% од просечната месечна нето плата во Републиката исплатена за претходната година.

На претседателот на Советот на Општина Кисела Вода за раководењето и организирањето на работата на Советот, му се определува надоместок зголемен за 30% од утврдениот надоместок од став 1 од овој член.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот се ислатува за присуство на сите седници на Советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот се намалува за 30% за секое отсуство од седниците на Советот.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот не се исплатува доколку

членот на Советот не присуствувал на ниту една седница на Советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот не се исплатува доколку Советот во тековниот месец не одржал седница.

На членовите на Советот на Општина Кисела Вода им се исплатуваат трошоци за службени патувања во земјата и патни и дневни трошоци за службени патувања во странство.

**Член 14**

На вработените во општинската администрација им се исплаќа надоместок за службени патувања во земјата и во странство за:

а) надоместок за патни трошоци и трошоци за ноќевање во земјата

б) надоместок за дневница за службено патување во странство се исплаќа:

- 50% од утврдената дневница ако се поднесе сметка за сместување,како и во случаји кога сместувањето не паѓа на товар на општината
- 20% од утврдената дневница ако издатоците за сместување и исхрана не паѓаат на терет на општината
- 5% од утврдената дневница ако издатоците за стручно оспособување и усовршување (посета на семинари,курсеви, симпозиуми и други видови средби организирани во странство на мултилатерална или билатерална основа) не паѓаат на товар на општината, а претстојот е над 30 дена.

Пресметката на трошоците за службено патување со дневница во странство се одредува:

а) една дневница за секои 24 часа поминати на службено патување во странство и ако вкупното патување трае подолго од 12 часа;

б) половина дневница за време од 12 часа поминати на службено патување во странство како и во случај кога остатокот од времето во континуитет е подолго од 8 часа

в) трошоците за ноќевање се признаваат во полн износ според приложена сметка за хотелско сместување.

**Член 15**

Во случај на непрекинато боледување подолго од шест месеци на вработениот во општината и во локалната јавна установа му се исплатува еднократна парична помош во висина на просечна месечна нето плата во правниот субјект каде што е вработен.

На вработениот во општината и во локалната јавна установа во случај елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита и спасување, му се исплатува еднократна парична помош во висина на последна просечната месечна нето плата во Републиката.

**Член 16**

Во случај на смрт на вработен во општината или во локалната јавна установа, на неговото семејство му припаѓа парична помош во износ од двократен износ на просечната месечна нето-плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата.

Во случај на смрт на член на потесното семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноци, посвоени деца и деца земени на издржување), на вработениот во општината или во локалната јавна установа му припаѓа парична помош во износ на една просечна месечна нето-плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата.

Надоместоците од ставовите 1 и 2 од овој член се исплатуваат по претходно доставено барање со комплетирана документација во годината на настанување на смртта, односно во годината која следи по годината на настанување на смртта.

За работниците ангажирани со договори за отстапување преку Агенција за привремени

вработувања, средствата за исплата на солидарна помош на вработените ги обезбедува работодавачот, а исплатата ја врши Агенцијата за привремени вработувања.

**Член 17**

Исплатата на надоместоците за отпремнина за пензионирање на вработените во општината и локалните јавни установи им се исплатува во висина од двократен износ пресметан врз основа на просечна месечна нето плата во Републиката објавен на денот на исплатата.

**Член 18**

За непрекината работа во Општина Кисела Вода, на вработениот му се исплатува јубилејна награда согласо член 38 од Колективниот договор за вработените во општина Кисела Вода бр.08-604/1 од 20.01.2022 година и Анекс на Колективниот договор за вработените во општина Кисела Вода бр.08-2694/1 од 27.03.2023 год.

Надоместокот за јубилејна награда се исплаќа во годината на стекнување на ова право или наредната година по донесено Решение од страна на Градоначалникот.

**Член 19**

На вработените од член 10 од оваа Одлука им следува надомест за годишен одмор во висина од 60% од просечната месечна нето плата во Републиката објавена до денот на исплатата.

Право на регрес остварува вработен кој работел најмалку 6 месеци непрекинато во тековната година.

Надоместокот од став 1 од овој член се исплатува еднаш во годината најдоцна до крајот на тековната година.

**Член 20**

Буџетската резерва (постојана и тековна), се користи за финансирање на непланирани расходи.

За користењето на средствата од постојаната и тековна резерва одлучува Советот на општината, а ги извршува Градоначалникот.

За користење на средства од резервите до износ најмногу до 50.000 денари одлучува Градоначалникот на општина Кисела Вода.

За искористените средства Градоначалникот е должен да поднесе Годишен извештај за користењето на средствата од резервите.

**Член 21**

Средствата утврдени во Буџетот и распоредени во поодделни програми и потпрограми ги извршува Градоначалникот на општината.

**Член 22**

Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно или повеќе уплатени, односно наплатени приходи се врши со решение на Градоначалникот, освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

**Член 23**

Буџетот на општината се извршува од 01.01.2025 до 31.12.2025 година.

**Член 24**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службениот гласник на општина Кисела Вода“.

Број 09-11562/24
27 декември 2024 година
Скопје

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

## РЕШЕНИЕ

### за објава на Одлука за додаток на плата заради прилагодување кон пазарот на трудот за вработените во Општина Кисела Вода

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за додаток на плата заради прилагодување кон пазарот на трудот за вработените во Општина Кисела Вода, донесена на Четириесет и осмата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 27 декември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-309/22
15.01.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 105 и член 106 став 3 од Законот за работни односи (Службен весник на Република Македонија бр.62/2015; 106/208; 161/2008; 114/2009;130/2009; 50/2010; 52/2010; 124/2010; 47/2011; 11/2012; 39/2012; 13/2013; 25/2013; 170/2013; 187/2013; 113/2014; 20/2015; 33/2015; 72/2015; 129/2015; 27/2016; 120/18, 110/19, 267/20,151.21 и 288/21) и член 31 од Колективниот договор на вработените во Општина Кисела Вода број 08-604/1 од 20.01.2022 година, Советот на Општина Кисела Вода на Четириесет и осмата пленарна седница одржана на 27 декември 2024 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**за додаток на плата поради прилагодување кон пазарот на трудот за вработените во Општина Кисела Вода**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши прилагодување на платата на вработените во Општина Кисела Вода кон пазарот на трудот со зголемување- додаток во висината од 10% на месечната плата.

Усогласувањето од став 1 на овој член се однесува за работните места:

- **Градежен Извршител - работник на терен** - додаток во висина од 30% на месечна плата;
- **Комунален редар - работник на терен** - додаток во висина од 10% на месечна плата;
- **Архивар-архивски работник на едношалтерски систем на ОКВ** - додаток во висина од 10% на месечна плата;

**Член 2**

Врз основа на оваа Одлука Секторот за управување со човечки ресурси и ИТ да изготвува решение за додаток на плата а Секторот за финансиски прашања ќе ја врши пресметката на платата за вработените од член 1 став 2 .

**Член 3**

Оваа одлука стапува на сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-11562/25
27 декември 2024 година
Скопје

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

## РЕШЕНИЕ

**за објава на Заклучок за усвојување на Прв акциски план за партнерство за отворена локална власт на Општина Кисела Вода (2024-2025)**

1. Со ова Решение се објавува Заклучокот за усвојување на Прв акциски план за партнерство за отворена локална власт на Општина Кисела Вода (2024-2025), донесен на Четириесет и осмата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 27 декември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-309/23
15.01.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 22, став 3 од Законот за локална самоуправа и член 112 од Статутот на Општина Кисела Вода – пречистен текст („Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 01/2020), а расправајќи по Првиот акциски план за партнерство за отворена локална власт на Општина Кисела Вода (2024-2025), Советот на Општина Кисела Вода на Четириесет и осмата пленарна седница одржана на 27 декември 2024 година, донесе:

## З А К Л У Ч О К

**за усвојување на Првиот акциски план за партнерство за отворена локална власт на Општина Кисела Вода (2024-2025)**

1. Со овој Заклучок се усвојува Првиот акциски план за партнерство за отворена локална власт на Општина Кисела Вода (2024-2025).

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

3. Заклучокот да се достави до Секторот за локален економски развој и Градоначалникот на Општина Кисела Вода.

Број 09-11562/26
27 декември 2024 година
Скопје

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**

**за објава на Одлука за прифаќање на измената на физибилити студија за модернизација на јавно осветлување во Општина Кисела Вода**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за прифаќање на измената на физибилити студија за модернизација на јавно осветлување во Општина Кисела Вода, донесена на Четириесет и осмата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 27 декември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-309/24
15.01.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 16 од Закон за концесии и јавно приватно партнерство (Службен весник на РМ бр.6/2012; 144/2014; 33/2015; 104/2015; 215/2015и Службен весник на РСМ бр. 153/2019; 261/2019; 89/2022 и 65/2023), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/2002)и член 34 став 1 точка 41 од Статутот на Општина Кисела Вода - пречистен текст (Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/20), Советот на Општина Кисела Вода на Четириесет и осмата пленарна седница одржана на 27 декември 2024 година, донесе:

## ОДЛУКА

## ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ИЗМЕНАТА НА ФИЗИБИЛИТИ СТУДИЈА ЗА МОДЕРНИЗАЦИЈА НА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ВО ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

### Член 1

Со оваа Одлука се прифаќа измената која се врши на физибилити студијата за модернизација на јавно осветлување во Општина Кисела Вода од 05.07.2024година со број 14-6326/1, а прифатена со Одлука за прифаќање на физибилити студија за модернизација на јавно осветлување во општина Кисела Вода бр. 09-6163/4 од 08.07.2024 година.

Изменетата Физибилити студијата бр.14-6326/2 од 24.12.2024 година е составен дел на оваа Одлука.

### Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-11562/28
27 декември 2024 година
Скопје

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**

**за објава на Одлука за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, финансирање, изградба, стопанисување на систем за јавно осветлување во Општина Кисела Вода**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, финансирање, изградба, стопанисување на систем за јавно осветлување во Општина Кисела Вода, донесена на Четириесет и осмата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 27 декември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-309/25
15.01.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 22 став (1) точка 4 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа („Службен Весник на РМ“ бр.5/02), член 17 и член 18 а во врска со член 16 став (2) алинеја 2 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен Весник на РСМ“ бр.6/12, 144/14, 33/15, 104/15, 215/15 и „Службен весник на РСМ“ бр.153/19, 261/19, 89/22 и 65/23), член 77 од Законот за Јавните набавки („Службен весник на РСМ“ бр.24/19 и 87/21) и член 34 од Статутот на Општина Кисела Вода-пречистен текст („Службен Гласник на Општина Кисела Вода бр.01/2020“), Советот на Општина Кисела Вода на Четириесет и осмата пленарна седница одржана на 27 декември 2024 година, донесе:

## ОДЛУКА

### за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, финансирање, изградба, стопанисување на систем за јавно осветлување во Општина Кисела Вода

### Член 1

(1) Со оваа одлука Општина Кисела вода започнува постапка за доделување на договор за јавно приватно партнерство за јавно осветлување кое се остварува како договор за јавна набавка на услуга ( во натамошниот текст: договор за ЈПП).

(2) Општина Кисела Вода има потреба од модернизација на уличното осветлување, со цел да се унапреди услугата за јавно улично осветлување што Општина Кисела Вода ја обезбедува за граѓаните, а при тоа би се остварила заштеда во однос на потрошувачката на електрична енергија и во однос на одржувањето на уличното осветлување.

(3) Постоечкиот систем за јавно улично осветлување на Општина Кисела Вода земајќи ги предвид резултатите од финансиските анализи не ги исполнува основните барања наведени во меѓународните стандарди и општата пракса во јавното улично осветлување.

(4) Начинот на кој е организирано постојното јавно осветлување е на такво ниво кое продуцира голема потрошувачка на електрична енергија, со чести дефекти на светилките поради што е укажана потреба од инвестирање во енергетски ефикасни светилки со што ќе се постигне подобар квалитет со помали трошоци.

(5) Со оглед на тоа што Општина Кисела Вода не располага со буџетски фискален капацитет кој може да обезбеди постигнување на овие цели, се пристапува преку договор за ЈПП да се реализира капитална инвестиција на опрема и техника за јавно осветлување.

### Член 2

Целите кои што ќе се постигнат преку доделување на одговорот за воспоставување на јавно приватно партнерство за реализација на Проект за модернизација на јавното осветлување во ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА првенствено се следните:

- воспоставување на смарт систем на контрола и автоматизација на јавното осветлување со намалување на трошоците за потрошувачка на електрична енергија и одржување

Намалување на месечните трошоци за електрична енергија кои ги подмирува Општината со дефинирање на истите како обврска на Приватниот Партнерво Договорот за ЈПП.

Целитена ЈПП се однесуваат пред се на постигнување на енергетски заштеди, квалитет на јавното осветлување и заштита на животната средина, односно преку

Реализација на активностите кои се утврдени во предметот на ЈПП ќе се обезбеди:

• Зголемување на квгалитетот на јавно осветлување,

• Заштеда на електрична енергија,

• Заштеда на трошоци за одржување на Системот за јавно осветлување,

• Намалување на CO2 во атмосферата,

• Зголемување на ефикасноста и брзината на отстранување на дефекти во Системот за јавно осветлување, како и

• Добро и ефикасно одржување на Системот за јавно осветлување од страна на приватен партнер,

• Инвестиција во Системот за јавно осветлување без кредитно задолжување,

• Искористување на средства за нови инвестици и кои ќе се реализираат со средства произлезени од заштедите во електрична енергија.

**Член 3**

Предмет на договорот за ЈПП е :

- воведување на модернизиран СМАРТ систем на јавно осветлување во Општината со примена на современа смарт технологија на автоматизација, управување и поставување на штедливи светилки, и дополнителна испорака и монтажа на светилки до достигнување на бројот од 5500 светилки како рамка која е дел од оваа студија и можниот Договор за ЈПП.
- финансирање на договорот за ЈПП од страна на приватниот партнер:
- превземање на обврската од страна на приватниот партнер за подмирување на сметките за потрошена електрична енергија за јавно осветлување на Општина Кисела Вода:
- финансирање и реконструкција на јавното осветлување на Општина Кисела Вода од страна на приватниот партнер (од сопствени средства или преку кредит) со користење на сопствени човечки ресурси и техничка компетентност за кое ќе добие дел од комуналната такса за јавно осветлување која и припаѓа на Општина Кисела Вода и
- висината на процентот од комуналната такса за јавно осветлување која и припаѓа на Општина Кисела Вода, а која ќе ја добие приватниот партнер ќе биде еден од критериумите при јавно наддавање (или тендерска постапка) со ограничување согласно слободните средства од оваа такса.

**Член 4**

Проценетата вредност на договорот за ЈПП изнесува зависно од сценариото согласно физибилити студија за модернизација за јавното осветлување во Општина Кисела Вода, бр 14- 6326/1 од 05.07.2024 година и Изменетата физибилити студија бр.14-6326/2 од 24.12.2024 година

**Член 5**

Договорот за ЈПП ќе се додели за временски период определен во зависнот од сценариото согласно физибилити студијата за модернизација на јавното осветлување на Општина Кисела Вода, бр 14- 6326/1 од 05.07.2024и Изменетата физибилити студија бр.14-6326/2 од 24.12.2024 година

**Член 6**

(1) Јавниот партнер со воспоставување на јавно приватно партнерство и склучувањена Договор за ЈПП за реконструкцијата на системот за улично осветлување и заменана светилките би чинеле 115,414,750.00 денари (согласно сценариото).

(2) Дополнителните средства кои би биле потребни за обука на персонал и набавка на неопходните уреди и софтвер кои би биле потребни во случај Општината да го реализира проектот од сопствени средства како и годишните трошоци за мониторинг и следење на системот во овој случај приватниот партнер веќе ги поседува како ресурси.

(3) Проценетата заштеда во електрична енергија изнесува 10,184,461.50 денари /годишно (согласно сценариото).

**Член 7**

(1) Постапката за доделување на договорот за ЈПП ќе се спроведе како отворена постапка за доделување на договор за јавна набавка на услуги, согласно член 50 од Законот за јавните набавки.

(2) Постапкатазадоделувањена договорот за ЈПП ќе се спроведе во рок од 180 дена од денот на влегување во сила на оваа одлука.

**Член 8**

Висината на надоместокот за издавање на тендерската документација изнесува 100 евра во денарска противвредност, според средниот курс на НБРМ на денот на уплатата на средствата.

**Член 9**

(1) Постапката за доделување на договорот за ЈПП од член 3 од оваа одлука, ќе ја спроведе комисија за спроведување на постапката за доделување на договор за воспоставување на ЈПП за јавно осветлување ( во понатамошниот текст : комисија), формирана од страна на Градоначалникот на Општина Кисела Вода.

(2) Комисијата ќе треба да подготви тендерска документација, нацрт-договор, оглас за доделување на договор за воспоставување на ЈПП за јавно осветлување и истиот да го објави.

**Член 10**

Со денот на влегување во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, за давање на услуги на јавно осветлување кое се остварува како договор за јавна набавка на услуга, бр.09-7586/37 од 26.08.2024 година („Службен Гласник на Општина Кисела Вода“ бр.11/2024).

**Член 11**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-11562/29
27 декември 2024 година
Скопје

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

## РЕШЕНИЕ

### за објава на Одлука за начинот за користење на комунална такса за давање на услуги на модернизација на јавното осветлување кое се осварува како договор за воспоставување на јавно приватно партнерство

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за начинот за користење на комунална такса за давање на услуги на модернизација на јавното осветлување кое се осварува како договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, донесена на Четириесет и осмата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 27 декември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-309/26
15.01.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен Весник на РМ “ бр.5/02), член 15 од Законот за комуналните такси („Службен Весник на РМ“ бр.61/04, 64/05 , 92/07, 123/12, 154/15 , 192/15, 23/16 и („Службен весник на РСМ“ бр.151/21 и член 34 од Статутот на Општина Кисела Вода-пречистен текст („Службен Гласник на Општина Кисела Вода бр.01/2020“), Советот на Општина Кисела Вода на Четириесет и осмата пленарна седница одржана на 27 декември 2024 година, донесе:

## О Д Л У К А

## ЗА НАЧИНОТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА КОМУНАЛНА ТАКСА ЗА ДАВАЊЕ НА УСЛУГИ НА МОДЕРНИЗАЦИЈА НА ЈАВНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ КОЕ СЕ ОСВАРУВА КАКО ДОГОВОР ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО

### Член 1

Со оваа одлука Општина Кисела Вода, го утврдува начинот за користење на средствата од комуналната такса за јавно осветлување која се утврдува согласно договор за воспоставување на јавно приватно партнерство (во понатамошниот текст: договор за ЈПП).

Со оглед на тоа што Општина Кисела Вода не располага со буџетски фискален капацитет кој може да обезбеди постигнување на овие цели, се пристапува преку договор за ЈПП да се реализира капитална инвестиција на опрема и техника за јавно осветлување.

### Член 2

Финансирањето на договорот за ЈПП ќе се врши од страна на приватниот партнер со користење на сопствени човечки ресурси и техничка компонетност за кое ќе добие дел од комуналната такса за јавно осветлување која и припаѓа на Општина Кисела Вода.

Висината на процентот од комуналната такса за јавното осветлување која и припаѓа на Општината Кисела Вода а која ќе ја добие приватниот партнер е предмет на електронска аукција утврдена во тендерската документација.

Приватниот партнер ќе ја превземе обврската за подмирување на сметките за потрошената електрична енергија за јавно осветлување на Општина Кисела Вода на броилата со кој се опфаќа поставениот систем односно за превземените струјни броила за осветлување кои се предмет на договорот за ЈПП.

### Член 3

Комуналната такса за јавно осветлување се плаќа месечно.

Наплатата на комуналната такса за јавното осветлување се врши согласно определен процентуален сооднос.

Согласно постапката за доделување на договор за јавно приватно партнерство како постапка за јавна набавка, предмет на електронската аукција ќе биде процент кој Приватниот партнер ќе го наплаќа од јавниот партнер (земајќи ги во предвид дополнителните трошоци и зголемени сметки за електрична енергија која јавниот партнер ја плаќа како обврска од договорот за ЈПП).

Бројот на светилки за кои се наплаќа комунална такса во опфатот кој е предмет на Договорот за ЈПП е 4842. а се проценува дека до крајот на периодот на реализација на Договорот за Јавно Приватно Партнерство бројот на улични светилки во предметниот опфат ќе достигне до 5500.

Највисокиот понуден процент не треба да биде поголем од 80%.

При реализацијата на развојните планови на Општина Кисела Вода , а земајќи го предвид претпоставениот вкупен број на светилки 5500, во продолжение даден е начин на пресметка на покачување на процентот кој Приватниот партнер кој ќе го наплаќа од Јавниот Партнер( земајќи предвид дополнителните трошоци и зголемени сметки за електрична енергија која Јавниот Партнер ја плаќа како обврска од договорот за ЈПП).

Нов вкупен број светилки = 5500

Број на новопоставени светилки = максимум до 658 (максимум до 13,6% повеќе светилки од првично поставени) .Земајќи предвид дека максималниот број на новопоставени светилки е 658, се предлага да за секоја новопоставена светилка процентот кој Приватниот Партнер го наплаќа од Јавниот Партнер се зголеми за 0,008% од вкупната комунална такса.

**Член 4**

Јавниот партнер со воспоставување на јавно приватно партнерство и склучување на Договор за ЈПП ќе плаќа надоместок во висина на процент од комунална такса во корист на Приватниот партнер согласно склучениот Договор за ЈПП.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-11562/30
27 декември 2024 година
Скопје

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**

**за објава на Одлука за прифаќање на донација во вид на набавка на новогодишни пакетчиња**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за прифаќање на донација во вид на набавка на новогодишни пакетчиња, донесена на Четириесет и осмата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 27 декември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-309/27
15.01.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/2002) и член 34 став 1 точка 41 од Статутот на Општина Кисела Вода – пречистен текст (Службен весник на Општина Кисела Вода бр.1/20), Советот на Општина Кисела Вода на Четириесет и осмата пленарна седница одржана на 27 декември 2024 година, донесе:

**ОДЛУКА**

**ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ДОНАЦИЈА ВО ВИД НА НАБАВКА НА НОВОГОДИШНИ ПАКЕТЧИЊА**

**Член 1**

Со оваа Одлука се прифаќа донацијата во вид на набавка на Новогодшни пакетчиња кои дарителот на донацијата ги донира на примателот на донацијата-Општина Кисела Вода, со намена за децата на територија на Општина Кисела Вода.

**Член 2**

Дарителот на донацијата ДТ СТОКОМАК ДОО СКОПЈЕ донира 50 (педесет) Новогодишни пакетчиња, со вкупна парична вредност од 4950,00 денари со вклучен ДДВ.

**Член 3**

Дарителот на донацијата СУПЕРТРЕЈД ДОО СКОПЈЕ донира 300 (триста) Новогодишни пакетчиња, со вкупна парична вредност од 54.000,00 денари со вклучен ДДВ.

**Член 4**

Дарителот на донацијата СОКО ГОРИЦА ДООЕЛ СКОПЈЕ донира 100 (сто) Новогодишни пакетчиња, со вкупна парична вредност од 20.000 денари со вклучен ДДВ. и 720 (седумстотини и дваесет) сокчиња,

**Член 5**

Дарителот на донацијата КАМ МАРКЕТИ ДОО СКОПЈЕ донира 300 (триста) Новогодишни пакетчиња, со вкупна парична вредност од 59.700,00 денари со вклучен ДДВ.

**Член 6**

Дарителот на донацијата ЛОБАРАТОРИЈА АВИЦЕНА СКОПЈЕ донира 100 (сто) Новогодишни пакетчиња, со вкупна парична вредност од 20.000 денари со вклучен ДДВ.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-11562/31
27 декември 2024 година
Скопје

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Одлука за ставање вон сила на Развојна програма ЈДЛ Проект за Уредување и изведба на потпорни зидови на речно корито на реката Мала Рада**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за ставање вон сила на Развојна програма ЈДЛ Проект за Уредување и изведба на потпорни зидови на речно корито на реката Мала Рада, донесена на Четириесет и осмата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 27 декември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-309/28
15.01.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 21-б од Законот за Буџетите (Сл.Весник на Р.М. бр. 64/05; 4/08; 103/08; 156/09; 95/10; 180/11; 171/12; 192/15; 167/16), член 34, став 1 точка 8 од Статутот на Општина Кисела Вода (Сл.Гласник на Општина Кисела Вода бр.1/20), Советот на Општина Кисела Вода на Четириесет и осмата пленарна седница одржана на 27 декември 2024 година, донесе:

**ОДЛУКА**

**за ставање вон сила на развојна Програма ЈДЛ**
**Проект за Уредување и изведба на потпорни ѕидови на речно корито**
**на реката Мала Рада**

**Член 1**

Со оваа одлука се става вон сила Развојната Програма ЈДЛ – Проект за Уредување и изведба на потпорни ѕидови на речно корито на реката Мала Рада

**Член 2**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-11562/32
27 декември 2024 година
Скопје

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**

**за објава на Одлука за ставање вон сила на Развојна програма ЈДМ Реконструкција (рехабилитација) на коловоз изработка на тротоар за патот кон Манастир Пеленица**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за ставање вон сила на Развојна програма ЈДМ Реконструкција (рехабилитација) на коловоз изработка на тротоар за патот кон Манастир Пеленица, донесена на Четириесет и осмата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 27 декември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-309/29
15.01.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 21-б од Законот за Буџетите (Сл.Весник на Р.М. бр. 64/05; 4/08; 103/08; 156/09; 95/10; 180/11; 171/12; 192/15; 167/16), член 34, став 1 точка 8 од Статутот на Општина Кисела Вода (Сл.Гласник на Општина Кисела Вода бр.1/20), Советот на Општина Кисела Вода на Четириесет и осмата пленарна седница одржана на 27 декември 2024 година, донесе:

**ОДЛУКА**

**за ставање вон сила на развојна Програма ЈДМ Реконструкција (рехабилитација) на коловоз изработка на тротоар за патот кон Манастир Пеленица**

**Член 1**

Со оваа одлука се става вон сила Развојната Програма ЈДМ – Реконструкција (рехабилитација) на коловоз изработка на тротоар за патот кон Манастир Пеленица

**Член 2**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-11562/33
27 декември 2024 година
Скопје

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**

**за објава на Одлука за ставање вон сила на Развојна програма ЈДН Реконструкција на постојна улична мрежа коловоз на улица Ѓорѓи Димитров**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за ставање вон сила на Развојна програма ЈДН Реконструкција на постојна улична мрежа коловоз на улица Ѓорѓи Димитров, донесена на Четириесет и осмата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 27 декември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-309/30
15.01.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 21-б од Законот за Буџетите (Сл.Весник на Р.М. бр. 64/05; 4/08; 103/08; 156/09; 95/10; 180/11; 171/12; 192/15; 167/16), член 34, став 1 точка 8 од Статутот на Општина Кисела Вода (Сл.Гласник на Општина Кисела Вода бр.1/20), Советот на Општина Кисела Вода на Четириесет и осмата пленарна седница одржана на 27 декември 2024 година, донесе:

**ОДЛУКА**

**за ставање вон сила на развојна Програма ЈДН**
**Реконструкција на постојна улична мрежа коловоз на улица Ѓорѓи Димитров**

**Член 1**

Со оваа одлука се става вон сила Развојната Програма ЈДН – Реконструкција на постојна улична мрежа коловоз на улица Ѓорѓи Димитров.

**Член 2**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-11562/34
27 декември 2024 година
Скопје

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

**С О Д Р Ж И Н А:**

1. Одлука за подигање, чување, одржување, заштита и користење на спомен - обележје на Круме Кепески;

2. Одлука за донесување на План за парцелација од “Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 6.11, од ДУП за населба Пинтија, К.О. Кисела Вода 2, Општина Кисела Вода“;

3. Програма за финансирање на изработка на урбанистички планови на Општина Кисела Вода за 2025 година;

4. Програма за уредување на градежно земјиште на Општина Кисела Вода за 2025 година;

5. Програма на Општина Кисела Вода од областа на социјална заштита за 2025 година;

6. Програмата за Месна самоуправа (Капитални расходи) – ДА0 - Подпрограма за Месна самоуправа (тековно оперативни расходи) – Д10 на Општина Кисела Вода за 2025 година;

7. Програма за начинот на извршување на обврските на Општина Кисела Вода од областа на одбраната во 2025 година;

8. Програма за активностите на Општина Кисела Вода за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра за 2025 година;

9. Програма за активностите на Општина Кисела Вода за ревитализација по елиминирање на кризи во областа за заштита и спасување во 2025 година;

10. Програма Г1 - локален економски развој со потпрограма ГД0 – проекти за енергетска ефикасност на Општина Кисела Ввода за 2025 година;

11. Предлог - Програма (Ј) комунални дејности на Општина Кисела Вода за 2025 година;

12. Програма (Р) заштита на животната средина и природа на Општина Кисела Вода за 2025 година;

13. Програма (Џ 10) за еднакви можности на жените и мажите во Општина Кисела Вода за 2025 година;

14. Програма (Н1) за основно образование за 2025 година и Програма (НА) основно образование - капитални трошоци за 2025 година;

15. Програма за култура (К) културни манифестации и творештво за 2025 (К4), Програма за работа на Дом на ултура Билјана Беличанец - Скопје за 2025 година (К4) и Програма културни манифестации и творештво - капитални трошоци за 2025 година (КА);

16. Програма (Л0) спорт и рекреација за 2025 година и Програма за работа на ЈКП Кисела Вода 2022 Скопје за 2025 година;

17. Програма од надлежност В -предучилишно воспитување за 2025 година и Програма (В1) – предучилишно воспитување – капитални трошоци за 2025 година;

18. Програма за работа на Советот на Општина Кисела Вода за 2025 година;

19. Буџет на Општина Кисела Вода за 2025 година;

20. Одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2025 година;

21. Одлука за извршување на Буџетот на Општина Кисела Вода за 2025 година;

22. Одлука за додаток на плата заради прилагодување кон пазарот на трудот за вработените во Општина Кисела Вода;

23. Заклучок за усвојување на Прв акциски план за партнерство за отворена локална власт на Општина Кисела Вода (2024-2025);

24. Одлука за прифаќање на измената на физибилити студија за модернизација на јавно осветлување во Општина Кисела Вода;

25. Одлука за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, финансирање, изградба, стопанисување на систем за јавно осветлување во Општина Кисела Вода;

26. Одлука за начинот за користење на комунална такса за давање на услуги на модернизација на јавното осветлување кое се осварува како договор за воспоставување на јавно приватно партнерство;

27. Одлука за прифаќање на донација во вид на набавка на новогодишни пакетчиња;

28. Одлука за ставање вон сила на Развојна програма ЈДЛ Проект за Уредување и изведба на потпорни зидови на речно корито на реката Мала Рада;

29. Одлука за ставање вон сила на Развојна програма ЈДМ Реконструкција (рехабилитација) на коловоз изработка на тротоар за патот кон Манастир Пеленица;

30. Одлука за ставање вон сила на Развојна програма ЈДН Реконструкција на постојна улична мрежа коловоз на улица Ѓорѓи Димитров;